**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
**Институт за педагогија**

**Последипломски студии по менаџмент во образованието**

# ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОДАТНАТА НАСТАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

-магистерски труд-

**Ментор:**

**Проф. д-р Вера Стојановска**

**Кандидат:**

**Маја Пандуревиќ**

Скопје, 2012

# Содржина

Вовед....4

**I дел**

**Теоретски согледувања на проблемот**

1.Менаџмент во образовните институции....9

2.Настава- видови настава....12

3.Воспитно-образовна работа со надарени и талентирани ученици....15

4.Форми на работа со надарени и талентирани ученици....18

5.Определување на поимот додатна настава....23

6.Нормативна регуларност на додатната настава....28

7.Организација и реализација на додатната настава во основните училишта....33

7.1.Време за реализација на додатната настава....37

7.2.Облици на работа при реализација на додатната настава....40

7.3.Самостојна работа на учениците во додатната настава....43

8.Идентификација и избор на ученици за вклучување во додатната настава....46

9.Идентификација на наставникот за вклучување во додатната настава....51

10.Програми наменети за надарени и талентирани ученици....55

11.Теоретско-емпириски сознанија за додатната настава во основните училишта...59

**II дел**

**Методологија на истражувањето**

1.Предмет на истражувањето....66

2.Значење на истражувањето....69

3.Основни поими содржани во предметот на истражувањето....70

4.Цел и задачи на истражувањето........................................................................................73

5.Хипотези........................................................................................................................74

6.Варијабли во истражувањето..........................................................................................75

7.Методи, техники и инструменти на истражување.........................................................76

8.Примерок на истражување..............................................................................................78

9.Обработка на податоците................................................................................................78

**III дел**

**Резултати од истражувањето и нивна интерпретација**

1.Презентација и анализа на резултати од прашалникот за наставници..................80

1.1 Заклучок........................................................................................................................105

2.Презентација и анализа на резултати од прашалникот за ученици.......................107

2.1 Заклучок........................................................................................................................131

3.Презентација и анализа на резултати од прашалникот за родители......................133

3.1 Заклучок........................................................................................................................155

**IV дел**

**Заклучни сознанија и констатации**

1.Општи заклучоци од истражувањето.............................................................................157

2.Предлози и насоки за подобрување на квалитетот на додатната настава.............161

Литература.........................................................................................................................163

Прилози..............................................................................................................................169

Прашалник за наставници ..................................................................................................170

Прашалник за ученици.........................................................................................................177

Прашалник за родители.......................................................................................................183

# Вовед

Науката и техниката со постигнатиот степен на развој на општеството поставуваат нови и големи барања за успешна реализација на задачите во производството, општествените односи и секојдневниот живот. Барањата коишто се поставуваат на современото општество се разликуваат не само по својот обем, туку и по својот вид и структура. Да се оди чекор со тие нови барања неопходни се промени не само во нивото туку и во структурата на образованието како еден значаен факт во остварување на поставените задачи. Научно-техничката револуција во основа ги измени односите на науката и производството, науката и образованието, производството и образованието. Неочекуваниот развој и цутот на науката и техниката непосредно влијаат на образованието, неговата содржина, примената и методите на техниката како и целокупната организација на наставата. Во воспитно-образовниот систем таквите промени наметнуваат потреба современото училиште да се усогласува со новонастанатите потреби на општеството и современите сознанија во науката.

Во нашите училишта веќе се направени определени промени во концепцијата на основното училиште, како темелна институција на воспитно-образовниот систем воопшто, а со тоа и определени промени во однос на положбата, улогата и задачите на наставникот, како и промени во начинот на реализирање на наставата. Современото училиште треба да биде професионално, компетентно, одговорно и треба да претставува училиште на демократски односи во кое ќе има хуманизирана атмосферата во односите наставник-ученик, и на секој ученик да овозможи ефикасен развој и секој ученик да го доведе до успех. Учениците треба да се оспособат да мислат, да решаваат проблеми, да комуницираат, тимски да работат и учат. Тежиштето веќе не е на стекнување доживотно употребливи знаења, туку на знаења за основните животни и општествени појави. Училиштето треба да се трансформира во заедница за учење, со широко поле на дејствување, така што неговата активност да не биде и натаму ограничена со ѕидовите на училиницата или на училиштето.

Современото училиште треба да влијае на сознајните способности на ученикот, на општите и интелектуалните способности, како и на другите особини кои се поврзуваат со претходните, како што се: развивање на самостојно мислење, развивање на способноти во стекнувањето на нови непознати услови и ситуации.

Овој сложен правец на стекнување знаења зафаќа активирање на интелектуалните способности, апстрактно резонирање, помнење, мечтаење, асоцијација, како и вклучување на волевите и емоцоналните елементи на личноста. Наставата сведена на тој процес овозможува големи можности за развој на ученикот, таа станува интересна, го ангажира ученикот и сите негови потенцијали, го претставува учењето во поширока смисла на зборот и на тој начин го исполнува со една исклучителна важна воспитна задача. Со наставата во основното училиште се остваруваат основните воспитни и образовни цели.

Едно од основните прашања на современото демократско училиште е да се поттикне развојот на личноста на секое дете и да се создадт еднакви услови за стекнување на знаења. Затоа најважно е основното училиште да го поттикнува развојот и остварувањето на сите индивидуални потенцијали на секој ученик, како услов за активно учество во животот на општествената заедница.

За таа цел во современото училиште се тежнее за индивидуалноста на ученикот, а преку неа и потребата за индивидуализација на наставата. Основата на оваа идеја ја сочинуваат научните сознанијата за природата на психичкиот живот и разликите што постојат кај учениците, како и фактот дека учењето е индивидуален процес кој се одвива на безброј индивидуални начини. Основните фактори што ја условуваат потребата за индивидуализација на наставата се: индивидуалните разлики во хронолошкта возраст меѓу учениците од едно исто одделение, па според тоа и очигледните физички и психички разлики, големите индивидуални разлики во претходните знаења и во способностите за перцепирање, помнење, мислење и репродуцирање, разлики во мотивацијата, темпото и начинот на учење, кои се јавуваат како последица од општествената средина во којашто учениците се развиваат.

Промените ја опфатија класичната настава и се дојде до идеја за индивидуализација на наставата од која се очекува да ги реши ограничностите кои произлегуваат од еднострaноста на колективната настава од класичен тип, бидејќи се работи со голема група на ученици, кои работат на исти задачи и се очекува во исто време да постигат исти резултати.

Во класичната настава не постои можност секој ученик да се развива според своите способности. Со тоа се оштетени и слабите ученици и надарените ученици, бидејќи нивните можности не се максимално искористени, не се насочени кон потешки наставни содржини со што се ограничува нивното напредување. Поради тоа покрај редовната настава која е задолжителна за учениците во основните училишта постојат и други видови на настава како што се дополнителаната и додатната настава. Дополнителната настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат слаби резултати. Додатнаната настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат значителни резултати, и освен тоа се пројавуваат и потврдуваат со особина надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Додатната настава им помага на учениците да ги прошират и продлабочат своите знаења од определени наставни предмети за кои покажуваат посебени интереси и способности и ги поттикнува учениците на самостојана работа, логичко и критично мислење. Оттаму, по својата суштина и функција, додатната настава претставува организирана грижа и работа со надарените ученици. Овој вид на настава во училиштето се организира во слободното време на учениците, според одредени програмски содржини и во зависност од кадровските и другите услови во училиштето.

Додатната настава како тема на овој труд е изложена во четири дела.

**Во првиот**, теоретскиот дел на овој труд, подетално разгледуваме повеќе значајни прашања кои се во непосредна врска со додатната настава. Тука даваме приказ на основните поими за додатната настава, нејзината организација и реализација во основните училишта. Исто така, во овој дел се осврнуваме на нејзината нормативна регуларност, на идентификување и избирање ученици и наставници за додатната настава, како и за програми наменети за надарените ученици.

**Вториот дел**, се однесува на суштествените прашања од методологијата на истражувањето, и тоа: предметот, целта и задачите, хипотезите, варијаблите, методите, техниките, инструментите и примерокот на истражување.

Во **третиот дел**, се презентирани резултатите од истражувањето. Тука се посебно наведени и се аргументирани добиените резултати со анкетирањето на наставниците, учениците и родителите на учениците кои посетуваат додатна настава. Резултатите се табеларно и графички прикажани.

**Четвртиот дел**, се однесува на заклучните сознанија и констатации што се изведени од резултатите на истражувањето.

## I ДЕЛ

## Теоретски согледувања на проблемот

*1.Менаџмент во образованите институции*

*2.Настава- видови настава*

*3.Воспитно-образовна работа со надарени и талентирни ученици*

*4.Форми на работа со надарени и талентирани ученици*

*5.Определување на поимот додатна настава*

*6.Нормативна регуларност на додатна настава*

*7.Организација и реализација на додатната настава во основните училишта*

*7.1.Време на реализација на додатната настава*

*7.2.Облици на работа при реализација на додатната настава*

*7.3.Самостојна работа на учениците во додатната настава*

*8. Идентификација и избор на ученици за вклучување во додатната настава*

*9.Идентификација на наставникот за вклучување во додатната настава*

*10. Програми наменети за надарени и талентирани ученици*

*11.Теоретско-емпириски сознанија за додатната настава во основните училишта*

## 1.Менаџмант во образовните институции

Во сферата на информатичкото општество, управувањето и раководењето со сите функции во претпријатија и другите институции, во кои спаѓаат воспитно-образовните, менаџментот станува се позначајна дејност на која внимание и посветуваат повеќе научни дисциплини. Интересот кон менаџментот, како универзална активност од која зависи успехот на секое претпријатие, на секоја институција, произлегува од желбата за постојан напредок, за подобрување на работните и животните услови кон кои се стреми човекот. Кралев,Т (1996) менаџментот го дефинира како комплекс на функции, кој во еден организациски систем е задолжен за дефинирање на целите и водење кон остварување на тие цели, односно за управување.[1]

За постигнување на поставените цели и за подобрување на условите, менаџментот се воведува и во воспитно-образовните системи за да ги воведе современите форми на демократско управување и раководење во училиштата, бидејќи образованието е сфера која е значајна за целото општетсво и се темели на научните резултати во откривањето и запознавањето на се она што го опкружува човекот, и ги презентира само оние содржини на човековата активност кои се научно проверени, проучувани и докажани.

Менаџментот во образовните институции треба да се третира како активност или процес, а не како поим. Една од најзначајните бариери за успешно прифаќање на концептот за менаџмент и менаџерско однесување во образовните организации е традиционалниот пристап во поимањето дека менаџментот се однесува само на раководната структура, а не и на персоналот во целина. На тој начин менаџментот како поим асоцира на статус и моќ. Менаџментот или управувањето се однесува на извршување на работите или на овозможување работите да се случат, и тоа се однесува на процес којшто сите луѓе го прифаќаат како начин или култура на нивно живеење во организациите.

[1] Кралев,Т.(1996).Основи на менаџментот.Центар за интернационален менаџмент.Скопје,стр.4-5

Менаџментот или управувањето се среќава во секоја ситуација каде поединци се собираат заедно со заедничка цел да ги постигнат договорените резултати. Менаџментот е целосно насочен и се грижи за постигнување на резултати. Постоењето на резултати подразбира воспоставување на систем од вредности за природата на тие резултати и за нивното значење заради кое тие треба да се постигнат. Менаџментот, како современ концепт за управување и за раководење со воспитно-образовните институции се наметнува како императив на времето, особено во услови кога, и во оваа област, се промовира пазарното работење и конкуренцијата, што го овозможуваат новите закони за средно и за високото образование кои овозможуваат приватна иницијатива и во оваа дејност.

Оттука и барањето за радикални промени во осовременувањето на менаџерската функција кај воспитно-образовните институции. Кога зборуваме за новиот пазарен амбиент кој се создава во нашата земја и за потребата од промени во сферата на управувањето и раководењето, неминовно е да напоменеме дека се нужни промени и во образовниот систем. Така образовнит систем мора да понуди програми за оспособување на современи менаџери, како за своите така и за потребите на другите економски субјекти.

За успешно функционирање на воспитно-образовните институции е потребно во работењето да се потпираат врз современиот менаџмент и изградување менаџери и менаџерски тимови способни да се носат со проблемите во пазарните услови на работење. Менаџерите треба да бидат оспособени да можат да ја обликуваат работата на образовната институција на чие чело се наоѓаат, да можат да ја координираат работата и односите со опкружувањето, да иницираат промени кои ќе ја одржуваат стабилноста на институцијата, да знаат да ги мотивираат вработените за постигнување на подобри резултати во воспитно-образовната и во едукативната работа, да бидат способни да прибираат и да овозможуваат циркулација на информации, да бидат оспособени да водат преговори, како внатре така и со надворешните партнери и органи од кои зависи работењето на воспитно-образовната институција која ја водат.

Менаџментот претставува процес со кој што се прави обид успешно да се постигнат целите на организацијата. Сите активности во склопот на менаџментот може да се поделат во неколку менаџерски функции. Различни автори даваат различни функции, но сепак како базични функции на менаџментот коишто се сретнуваат скоро кај сите автори може да се земат следниве пет функции:

-**Планирање** како функција на менаџментот претставува постојано барање на можности и нови решенија за работа. Станува збор за систематизиран и организиран процес за воспоставување на цели и обезбедување на насоки за секоја акција на менаџерите.

-**Организирање** претставува поставување, поттикнување, прилагодување и извршување на систем на норми и односи меѓу луѓето. Тоа е процес на поделба на работите меѓу групите и поединците и координирање на нивните активности за постигнување на целите на организацијата.

-**Координирање** претставува сложен процес кој треба да ги поврзе и да ги синхронизира многубројните процеси кои се одиваат во работењето а кои се насочени кон успешно остварување на зададенит цели.

-**Мотивирање** претставува комплексен систем на мерки, активности и дејства кои се преземаат од страна на менаџментот за стимулирање на расположливите човечки ресурси за што поуспешно извршување на поставените задачи.

-**Контролата** пак претставува процес на следење, мерење и корегирање на остварувањата на целите на организацијата. Станува збор за проверување на ефикасноста и ефективноста на работењето.

Овие наведени функции се основните функции на менаџментот, а основната функција на секое училиште при неговото работење е организацијата и реализацијата на наставата каде што преку неа ќе се исполнуваат основните функции на менаџментот на образовната организација. Во трудот ќе биде обработена основната функција на училиштето, но како основа ќе биде обработена само додатната настава во основните училишта, односно темата која гласи: организација и реализација на додатната настава во основните училишта.

## 2.Настава- видови настава

Училиштето е установа за организирано воспитание и образование на човекот. Во долгата историја на своето постоење училиштето перманентно било во функција на развиток на општеството. Во оваа смисла тоа добивало различни облици и решенија кои соодветствувале со барањата на времето и просторот во кои работеле. Согласно со барањата кои се поставувале пред него училиштето ги менувало целта и задачите, содржините, методите, облиците и средствата на работа, положбата на учениците во училиштето и сл. Целта на основното образование и воспитание е појдовна основа за планирањето на наставата и други активности на учениците, како и за развивање на програмата за работа на основното училиште. Функција на наставата е во тоа децата и младите кои растат и се развиваат да ги интегрира во општественото битие и како значајна општествена функција која ги поврзува традицијата, сегашноста и иднината и така да влијае на развојот и напредувањето на општеството. Неопходен услов за добра настава е свесна и активна соработка на наставникот и ученикот кои ги поврзува заедничка цел – создавање на одредени промени во личноста на ученикот. Наставникот мора да има предвид дека ученикот учествува во наставата како целосна личност, како вкупност на интелектуална волја и чувства и да ги извршува наставните задачи благодарејќи на единството на сите тие својства. Современата настава не подразбира само развивање на интелектуалните способности на поединецот туку и развивање на неговото етичко однесување, па неопходно е да се опфати и етичката страна на личноста на ученикот. Во наставниот процес треба да се согледа целата личност на ученикот и истовремено да се остварат потребните активности на релација настава-учење како оние кои се однесуваат на образованието, така и оние кои се однесуваат на воспитните аспекти на наставата. Во наставниот процес кој го опфаќа образованието и воспитувањето постојано се содржани и воспитни вредности. Според тоа значајна особеност на современиот модел на настава е единство на дидактичките и воспитните влијанија. Наставата треба да биде организирана и водена да влијае на сознајнит способности на ученикот, на општите и интелектуалните способности, како и на другите особини кои се поврзуваат со претходните, како што се развивање на самостојно мислење, развивање на способности во стекнувањето на нови непознати услови и ситуации.

За да се постигне тоа наставата треба да ги има предвид можностите на ученикот како што се љубопитноста, потреба за активност, стекнување искуства со истражување набљудување на новите и непознати предмети, појави, процеси и настани, што им овозможува запознавање и откривање на светот во кој живеат. За да можат да се задоволат можностите и способностите на учениците покрај редовната настава која е наменета за сите ученици постојат и други видови на настава како што се дополнителната, додатната, изборната и факултативната настава.

*Дополнителната настава* се организизира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако:

-имаат најмалку две слаби оценки,

-имаат слаби резултати по одделен наставен предмет,

-отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет, и

-на барање на ученикот или на неговиот родител, односно старател[2]

Со својата суштина и функција, како и со начинот на организирање, дополнителната настава создава можност за индивидуализирање на грижата и работата со одделни ученици и претставува специфичен вид на надворешна и внатрешна диференцијација на наставата.

Таквите можности на дополнителната настава се изразуваат преку неколку суштествени компоненти на нејзината организација, како што е целосно и континуирано следење, проучување и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување точна и навремена дијагноза за неговите развојни особености и потреби, постигања и заостанувања, предности и слабости. Дополнителната настава ќе може успешно да ја реализира својата функција доколку се има познавање на успехот и степен на развиеност на секој ученик, и доколку се врши идентификација на учениците како и на причините кои го условуваат таквото заостанување без разлика дали се од внатрешна или од надворешна природа.

---

[2] Закон за изменување и дополнување на законот за основно образование, Службен весник на Република Македонија, бр. 18 од 14.02.2011 година

*Додатната настава* се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Додатната настава за ученици од ставот (1) на овој член наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.[3]

Тоа значи дека таа со својата суштина и функција претставува организирана грижа и работа со надарени ученици што се одвива надвор од редовната настава и под определени програмски, кадровски и организациски услови. Додатната настава претставува тема на овој труд и ќе биде подетално разработена во трудот.

*Изборната настава* ги задоволува различните интереси и потреби на учениците. Таа ги продлабочува и проширува содржините на различни наставни предмети и пружа големи можности во задоволување на потребите на надарените ученици во природните науки, уметнички предмети и области, технички и други области. Изборната настава обезбедува избор на модели на учење кои најмногу одговараат на индивидуата, овозможува индивидуализација на наставната содржина, начин и темпо на нејзината обработка, индивидуализација во однос на различни видови на мислења кај учениците и различни способности на решавање задачи (анализа, синтеза, логичност, асоцијација и сл.)

*Факултативна настава* претставува еден чекор напред во задоволување на потребите и интересите на сите ученици. Можностите кои ги овозможува факултативната настава се поошироки од изборната настава и опфаќа различни области привлечни за различни ученици: општи, општествени, културни, здравствени, спортски и други преку кои обезбедува практични и теоретски знаења.

Преку различните видови на настава се постигнуваат подобри резултати во образованието и воспитанието на учениците, бидејќи преку нив се задоволуваат различните потреби, можности и интереси на учениците.

[3] Закон за изменување и дополнување на законот за основно образование, Службен весник на Република Македонија, бр. 18 од 14.02.2011 година

## 3.Воспитно-образовна работа со надарени и талентирани ученици

Темата на овој труд е поврзана со надарените и талентираните ученици па затоа се наметнува потребата за одредување и дефинирање на овие поими. Поголем број автори даваат различни дефиниции за овие поими, а некои од нив пак ги користат и како синоними. Но, во поново време се прави разлика меѓу овие два термина. Под терминот надарен се подразбира општа надареност, која се карактеризира со висока интелектуална способност, додека пак терминот талентиран се користи за случаи кога станува збор за одредени, посебни, специфични дарби за нешто, како на пример, за уметнички, математички, спортски и други активности. Според таквите специфики на надарените ученици потребно е тие да се образуваат според своите способности по кои се разликуваат од останатите ученици. Па според тоа со развојот на психолошката и педагошката теорија и практика, се развиле, се збогатиле и се дополните сознанијата за тоа, на кој начин треба да се организира образованието на надарените. Образованието на надарените и талентираните ученици се разликува во различните земји, а сето тоа зависи од образовниот систем и условите со кои таа располага.

Во **Р.Германија** учениците кои тргнуваат на училиште на помалку од 6 години, за нивниот когнитивен, физички и социјален развој дава мислење стручната служба во училиштето. За вклучување на ученици во напредни училишни програми, критериумите ги поставуваат институциите што ги нудат тие програми, а наставниците и родителите ги предлагаат учениците за тие програми. Во училиштата во Германија се реализираат и воннаставни активности, а постојат и повеќе центри за професионална грижа и советодавни услуги кои ја откриваат надареноста.

Во **Р.Данска** училиштата задолжително вршат идентификација на индивидуалните потреби на секој ученик, и според Законот за образование треба да бидат исполнети потребите на секој ученик. Организирањето на наставата и изборот на наставните методи и наставни материјали треба да бидат во согласност на индивидуалните потреби на учениците. Во оваа земја не постојат посебни програми наменети за надарените ученици, ниту пак се спроведуваат постапки за идентификување на надарените ученици. Во 2004 година е отворено училиште за надарените ученици.

Во **Р.Шведска** според Законот за образование сите ученици кои се вклучени во образовниот систем имаат право да им се овозможи образование за надарени, доколку тие самите пројавуваат интерес за одреден наставен предмет и доколку добијат позитивна оценка од страна на наставникот. Учениците кои се пријавиле за програмата за надарени треба да поминат подготвителен период во кој треба да ги покажат своите способности. Во неколку факултети во Шведска постојат и се организираат обуки за наставниците за работа со надарените ученици.

Во **Р.Австрија** од 1990 година образованието за надарените ученици станува составен дел на системот за општото образование. Законодавството во Австрија го поддржува индивидуализираното образование преку акцелерација и збогатување на програмите во рамките на редовните и специјализираните училишта. Во рамки на Законот за образование донесени се посебни одредби за образованието на надарените ученици. Тие посетуваат редовна настава, а со нив дополнително се работи со збогатени програми и индивидуални ментори. Надарените ученици ги посетуваат редовните одделенија каде им се посветува поголемо внимание преку збогатување на програмите, како и организирање на работилници кои се однесуваат на математика, музика, спорт, јазици и др. Надарените ученици можат да се образуваат и во издвоени паралелки или во специјализирани училишта. За идентификација на надарените ученици задолжена е стручна служба во училиштата која спроведува тестови но и како главен критериум е успехот на учениците кои го покажуваат во редовната настава.

Во **Р.Словенија** многу големо внимание се посветува на надарените ученици. Основните училишта имаат можност да организираат додатни часови во рамките на проширена програма застапена со половина час неделно по одделенија. Законодавството на учениците им дозволува побрзо да напредуваат и паралелно да ја следат наставата по музички, балетски и други училишта. Законските одредби исто така овозможуваат стручно подготвување на индивидуалната програма за секој надарен ученик. Законот ја истакнува грижата за надарените ученици на сите нивоа на државниот систем на образование и ги изложува основните принципи и методи на работа, како и очекуваните носители на активностите.

Законот исто така го дефинира целокупниот процес кој вклучува водење евиденција за надарените ученици, идентификација, известување на родителите и др. Идентификација на надарените ученици се врши во првиот и вториот период на деветгодишното основно образование. Како посебни методи кои се применуваат во образовниот систем се раниот упис, забрзано напредување, активности и проекти од интерес, збогатени програми-секции, клубови, индивидуална настава, истражувачка работа, можност за добивање специјален статус на спортист, истражувач или учетник. Постојат државни основни и средни училишта заради поттикнување и развој на талентот во областа на музиката и танцот. Има и едно спортско училиште и спортски паралелки во рамките на некои средни училишта.

Во **Р.Србија** согласно Законот за основно образование и воспитание се организира додатна настава наменета за надарени и талентирани ученици, додека пак во Законот за средно образование и воспитание обврска на училиштето е да организира посебни форми на работа за ученици кои се истакнуваат. Исто така во Р.Србија се организираат натпревари за надарени ученици во различни дисциплини во науката, техниката, уметноста, спортот и др. Во Србија отворени се и неколку училишта математичка гимназија, јазична гимназија и специјални паралелки за надарените во редовните училишта.

Кај нас процесот за образованието и воспитанието на надарените ученици е регулирано за прва пат со Законот за предучилишно и основно воспитание и образование од 1976 година, каде што е предвидена училишната акцелерација за нивно забрзано напредување во школувањето, а пак со Законот за основно и средно образование од 1974 година е предвидено за прв пат обврска на училиштето да организира додатно воспитна-образовна работа за надарените ученици. Подоцна, во сите други Закони со кои е регулирана воспитно-образовната дејност на основното училиште се задржани овие две форми за подршка на развојот на надарните ученици. Но, училишната практика покажува дека тие се остваруваат со определени слабости.

## 4.Форми на работа со надарени и талентирани ученици

За природата на надарените ученици и формите на работа кои треба да се применуваат при нивното образование, направени се голем број истражувања во последниве 50 години. Проучувани се различни општествени и културни услови во повеќе земји врз основа на што се применувани соодветни форми на педагошка работа со надарените ученици. Повеќе автори нудат преглед на формите за работа со надарените ученици и вршат елаборација и евалуација на позитивните и негативните ефекти од нивната примена.

Така на пример, **Б.Кларк (1983)** врз основа на искуствата во повеќе земји, заклучува дека на ниво на основно и средно образование најчесто се користат три форми на работа со надарени ученици: групирање според способностите на учениците, акцелерација и збогатување. ***Групирање според способностите*** им овозможува на учениците, кои задоволуваат определен критериум, како што е на пример високо ниво на интелигенција, да бидат едуцирани со делумно одвојување од своите врсници. Тоа може да се изведе преку различни форми на групирање како што се: редовни паралелки и редовни паралелки со подгрупи, редовни паралелки со додатна настава, индивидуализирани паралелки, специјализирани паралелки и специјализирани училишта. ***Збогатувањето*** овозможува продлабочување на знаењата во рамките на една или определена област од неа. Најчесто се применува со напредните ученици од основно и средно образование, во рамките на традиционалната настава. За разлика од редовната, збогатената програма од учениците бара продлабочено толкување на појавите кои се проучуваат. За да се постигне таа цел, неопходни се лаборатории и работилници, како и поседување на богата литература од областа. За време на средношколскиот период, кога се развиваат поизразени интереси, овие ученици имаат можност за вклучување во факултативна настава, со избор на предмети, кои се заинтересирани да ги проучат поинтезивно. Предност на збогатувањето е што им овозможува на учениците да ги задоволат нивните потреби за продлабочени знаења, без да бидат одвоени од соучениците.

Недостаток на оваа форма на работа е што нејзината примена не е едноставна, доколку не се задоволувват условите во кои збогатените програми треба да се реализирааат. Како една од значајните можности за развој, ***акцелерацијата*** им овозожува на надарените порано да го започнат школувањето, побрзо да напредуваат во рамките на редовната програма, да прескокнуваат одделенија и побрзо да го завршат школувањето.

**И.Корен (1987)** истакнува исто така три форми на работа со надарените ученици и тоа: ***акцелерација*** (порано поаѓање на училиште, прескокнување на одделение, збивање на градивото од подолг во пократок временски период, континуирано безодделенско напредување, додатни курсеви и порано запишување на факултети и други слични форми на акцелерација на надарените), ***издвојување*** (посебни училишта или посебни одделенија, групирање според видот на способноста, групирање според училишни предмети, специјализација преку изборни предмети, летни или саботни училишта и други слични форми за издвојување на надарените од популацијата), ***обогатување*** (програми за индивидуално самообразование, програми за образование во мали групи во самото одделение, вклучување во истражувачки проекти, вклучување во клубови, научни и други интересни групи, организирани семинари, натпревари, изложби и други слични форми за обогатување на едукацијата на надарените).[4]

**Б.Ѓорѓевиќ (1979)** ги истакнува следниве форми на работа со надарените ученици: редовни одделенија со збогатени програми, хомогено групирање во паралелки, делумно хомогено групирање, специјализирани паралелки, специјалиизрани училишта, индивидуализација и додатна настава и акцелерацијата.[5]

Во САД се посветува најголемо внимание на надарените ученици и оттаму произлегуваат и најголемите искуства во работата со надарените ученици. Како најефикасни форми на работа со надарените ученици биле училиште без одделение, хомогено групирање во одделенија, делумното хомогено групирање и училишната акцелерација.

---

[4] Koren,I.(1987).Pogled na pojavu nadarenosti i ulogu nadarenih pojedinaca u savremenom svjetu.Prosvjetni savjet Hrvatske.Zagreb,str.26

[5] Đorđević,B. (1979).Individualizacija vaspitanja darovitih.Institut za pedagoška istraživanja.Beograd,str.81

*Училиштето без одделение* прв пат е отворено во САД во 1963 година. Ваквата форма на работа им овозможува на учениците таква организација на наставата во која тие индивидуално и континуирано напредуваат во различни подрачја на знаења, а при тоа не припаѓаат на ниедно одделение. Со реализирање на оваа програма на секој ученик му се овозможува да напредува зависно од неговите можности и способности. Оваа форма на работа со своите позитивни вредности претставува многу застапена форма на работа во училиштата во САД.

Како друга форма на работа со надарените ученици во САД е *хомогеното групирање во одделенија*. Во оваа форма на работа учениците се распоредени во одделенија: А (најдобри), В (средни) и С (најслаби), според нивото на способностите. Ова се три групи на одделенија во кои се изучуваат исти предмети но содржинските и програмските барања се различни за секое одделение.

Во САД е застапено и *делумното хомогено групирање* како една од формите за работа со надарените ученици. Оваа форма на работа им овозможува на учениците да остануваат во редовните одделенија, но по неколку саати во текот на денот или пак во некои денови од неделата се собираат во посебни хомогени групи, во кои работат по посебно составени програми. Најчести форми на овој вид групирање се:

-собирање на надарените ученици во специјално одделение, секој ден по еден час,

-посетување специјално одделение двапати во неделата,

-посетување специјално одделение попладне, еднаш неделно,

-посетување, во одреден ден, специјален центар за надарени, наменет за поширокото подрачје од коешто доаѓаат учениците и слично.[6]

Посебна постапка во работата со надарените ученици е забрзаното напредување односно *училишната акцелерација*. Училишна акцелерација претставува прескокнување на одделенија односно завршување на две одделенија во една учебна година. Таа претставува најстара општоприфатена форма за работа со надарените ученици.

---

[6] Đorđević,B.(1979).Individualizacija vaspitanja darovitih. Prosveta. Beograd, str.85

Во нашата земја како посебно издвоени форми за работа со надарените ученици се *додатната настава и акцелерација*. Покрај овие две најзастапени форми се организираат и други форми надвор од училиштето како што се различните секции, курсеви, натпревари и здруженија за младите. Додатната настава и училишната акцелерација законски се санкционирани и се смета дека се најадекватни за задоволување на надареноста во наши услови.

*Додатната настава* се организира за ученици кои покажуваат пошироко интересирање за одделни наставни и научни области. Додатната настава претставува интегрален дел на програмската структура во основното училиште. Таа е регулирана со Закон за основно образование и воспитание и е застапено со по еден час неделно од II до IX одделение. Целта на оваа настава е да ги стимулира и максимално да ги развиза способностите на учениците во сообразност со нивните интереси и потреби за стекнување пошироки знаења од областа што ги интересира. Оваа форма на работа со надарените ученици ќе биде подетално разработена во овој труд бидејќи е предмет на оваа истражување.

*Училишната акцелерација* е наменета за задоволување на квантитативната димензија на надареноста. Акцелерацијата во основното образование, која како потреба е законски санкционирана, како форма на рационализација на наставната работа е од големо значење за развојот и педагошката работа со надарените ученици. Во Педагошката енциклопедија за овој поим се наведува "забрзано напредување на најуспешните и најспособните ученици во текот на школувањето, кое се спроведува како еден од видовите на индивидуализација на наставата за надарените ученици"[7]

Нејзината цел е да се уважуваат во наставата индивидуалните разлики меѓу учениците со оглед на нивните психофизички способности, темпо на работа, работно искуство како и можност за усвојување на знаењата. Акцелерацијата е практика со која се создаваат организациски, нормативни и педагошки услови за одделни ученици, согласно со својот степен на развиеност и ангажираност, предвремено да се вклучуваат во одделни видови и степени на образование, или пак нив да ги совладуваат за покусо време од тоа што е предвидено со наставните планови и

[7] Pedagoška enciklopedija.(1989).Zavod za udbenike i nastavna sredstva.Beograd

програми и со другите законски нормативи. Нејзината суштина е на изразито способните ученици да им овозможи побрзо да напредуваат од одделение во одделение, односно своето образование да го завршат за пократок временски период. Во основното училиште, училишната акцелерација се јавува во повеќе форми, и тоа како: предвремено запишување на децата во прво одделение, забрзано напредување на учениците во одделенска настава и забрзано напредување на ученици во предметна настава.

Образованието и воспитанието на надарените ученици претставува многу сложен проблем не само од аспект на формата за работа со нив, туку и од аспект на избор на програмата за работа, при што ќе се влијае како образовно, така и воспитно. На изборот на формите за организирање на работата влијаат повеќе услови како што се материјално-техничката опременост на училиштето, просторните можности, кадровската подготвеност, како и личните особини на потенцијалнито надарените ученици.

## 5.Определување на поимот додатна настава

Додатна настава претставува збогатување, проширување и продлабочување на знаењата на учениците, а исто така претставува и можност за нови области и прашања за кои се заинтересирани учениците. Додатната настава се разликува по својот карактер од редовното учење и стекнување на знаења. Таа има големо значење за целосниот развој на личноста на ученикот особено во неговите ставови кон сознанието, овозможува развој на интелектуални и креативни способности, развој на критичкото мислење кај ученикот, овозможува развој во неговата самостојност, развој на неговите способности за успешна соработка и согласност со врсниците и повозрасните. Додатната настава претставува радост и потрага по нешто ново за учениците, овозможува размена за нови идеи, стекнување нови искуства.

Оваа настава ги става учениците во активна положба во стекнување знаења и затоа треба да се одвива на тој начин што одговара на природата на надарените ученици. Учениците на часовите по додатна настава развиваат способности за анализа и синтеза, способности за изнаоѓање прави причини, прави аргументи, им се овозможува развој за класификација на податоци, нивното користење во донесување заклучоци.

Додатна настава е дефинирана во Законот за основно воспитание и образование, а исто така постојат и голем број автори кои ја дефинирале на свој начин. Па според тоа во Законот за основно образование и воспитание гласи:

**Додатна настава** се организира за ученици кои покажуваат значителни резултати по одделни наставни предмети[8]. Додатната настава со својата суштина и функција претставува организирана грижа и работа со надарени ученици што се одвива надвор од редовната настава и под определени програмски, кадровски и организациски услови.

[8] Закон за изменување и дополнување на законот за основно образование,Службен весник на Р.М,2011,бр.18

Во таа смисла во **Педагошката енциклопедија (1989)** се констатира дека *додатната настава се организира за „напредни ученици кои целосно ги совладуваат содржините во редовната настава и чувствуваат потреба и изразита склоност и интерес за одделни научни и уметнички подрачја заради проширување и продлабочување на своето образование,,*[9]

Во **Педагошкиот речник-1 (1967)** "*додатна настава е специјална форма на настава, организирана за оние ученици кои изразуваат посебни интересирања и наклоност за поедини предметни подрачја со цел да им се овозможи за време на редовното школување проширување и продлабочување на знаењата преку рамките на предвидениот наставен програм".*

Во Лексиконот на темелни педагошки поими **(Антон Мијатовиќ, 2000)** "*додатната настава се толкува како организациска форма на настава, се изведува за ученици кои покажуваат посебни склоности и интереси за поедини образовни подрачја или поедини предмети".*

Според Педагошкиот речник **(Илија Лешковски, 2002)** "*додатната настава се организира за понапредните, посебно надарените ученици кои целосно ги совладале содржините во редовната настава и чувствуваат потреба или пројавуваат посебно интересирање или склоност кон продлабочување на своето образование и проширување на знаењата од одредени науки и научни теми".*

**Јован Ѓорѓевиќ (1990)** истакнува дека "*додатната настава е предвидена за надарени ученици, за оние кои покажуваат изразити способности за одделни научно-наставни дисциплини и области, како и посебни потреби, склоности и интереси. Овој облик на настава не подразбира просто зголемување и проширување на знаењата, туку нивно продлабочување, согледување на причинско-последични врски и односи, увидување на односите меѓу предметите и појавите, барање и пронаоѓање причини, пронаоѓање нови, други и оригинални решенија"*[10]

[9] Pedagoška enciklopedija i Zavod za udzbenike i nastavna sredstva. Beograd,1989,str.142

[10] Đorđevič,J.(1990). Daroviti učenici i rad sa njima.sp.,,Pedagoška stvarnost,,Novi Sad. br.1-2,str.18

Според **Франце Стрмчник (1987)** *"додатната настава е диференциран модел не само за вообичаено наставно поттикнување, туку и за интезивно, систематско и планско форсирање на оптималниот развој на надарените ученици"*.[11]

Според **Владимир Пољак (1985)** *"додатната настава е посебна настава во текот на редовното школување за оние ученици што нормално ја совладувале пропишаната програма во редовната настава и покажуваат изразити склоности и духовна потреба за некои научни подрачја заради проширување и продлабочување на образованието"*.

Според **Владимир Стругар (1988)** *"додатната воспитно-образовна работа се сфаќа како посебен облик на додатна работа чија смисла е овозможување оптимален развиток на надарените ученици, додека задачата на оваа настава е третирањето на ученикот како субјект на тој развиток и се изразува во екстензивно (проширено) и интезивно (продлабочено) проучување на програмските содржини"*.

Од овие определби може да се сфати суштината, функцијата и предностите на додатната настава, која функционира како специјален облик на настава која се организира за надарени ученици кои имаат посебен интерес кон некој предмет. Составен дел на современата настава е индивидуализацијата на наставата која претставува демократска ориентација која ги проширува правата и слободите на учениците. Нејзината суштинска цел е ученикот да се сфаќа и прифаќа како индивидуално и општествено суштество кое ќе се развива според своите способности и можности. Голем број истражувачи во областа на образованието во првата половина на 20 век, можностите за индивидуализација на наставата се обидуваат да ги реализираат преку одделни модели на диференцирање на учениците и на формирање паралелни одделенија во кои се вклучуваат, врз основа на претходни испитувања, ученици со иста интелектуална развиеност и во кои се работи според приспособени, односно диференцирани планови и програми, како и форми и методи на наставата.[12]

---

[11] Strmčnik,F.(1987).Slobna šola v luci učne diferencijacije in individualizacije.Zveza organizacij za tehničko kulturo Slovenije.Ljubljana, str.260

[12] Miriam L.Goldberg,A.Harry Passow,Joseph Justman.(1966).The Effects of Ability Grouping,Teacher College Press.New York, pp.1-22.

Додатната настава како еден од моделите на индивидуализираната настава има за задача:

-да им помага на надарените и талентираните ученици да се развиваат и потврдуваат непречно и оптимално,

-да им дава на учениците можности за проширување и продлабочување на нивните знаења од одделни научни, техничко-технолошки и културни подрачја за кои покажуваат поголема способност и интерес,

-да ги става учениците во наставни и учебни ситуации во кои ќе имаат можности да напредуваат со сопственото темпо и по сопствен образвен пат,

-да поттикнува и помага кај учениците пројавување и формирање на самостојност, творештво, критичност, како и разновидност на способности и особености потребни за решавање проблеми од теоретска и практична природа,

-да им помага на учениците да ги осознаваат своите способности и интереси и да изградуваат реална претстава за личната и општествената потреба од нивното најоптимално развивање,

-да создава слободна и пријатна атмосфера во која непречно ќе се изразува, поттикнува и респектира автономноста и развојноста на индивидуалната надареност на секој ученик посебно.

Додатната настава за да претставува форма на индивидуализирана работа со ученици треба да исполнува неколку аспекти:

-правилно идентификување и избирање ученици за вклучување во додатната настава, како и примена на поголема флексибилност во формирањето на групите со користење поразвиена методологија на идентификување и избирање ученици за вклучување во овие групи.

-избирање на подготвени наставници за работа со надарените и талентираните ученици.

-изготвување и работа по посебни програми наменети за надарените ученици.

-менување на вообичаениот стил на воспитно-образовната работа со поттикнување на самостојната работа, работа во мали групи, решавањето на проблеми од теоретска и практична природа, организирањето дебати, посматрања, експериментирања, докажувања, вреднувања, работа врз одделни проекти.

-создавање финансиска и материјално- техничка основа на додатната настава.

Додатна настава на надарените ученици им овозможува позитивни можности за учење и работење, согласно со сопственото ниво на способности во областите за кои покажуваат интерес. За време на додатната настава надарените имаат можност, во дел од времето кое го минуваат на училиште, да контактираат со други надарени ученици.

Овие специјални часови ги реализираат наставници, кои имаат продлабочени знаења од областа и се обучени за работа со надарени ученици. За да биде ефикасна оваа форма на работа, неопходно е наставниците да бидат флексибилни, да покажат разбирање за потребите на учениците и да соработуваат со наставниците од редовната настава.

## 6.Нормативна регуларност на додатната настава

Во основните училишта воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставниот план и програма. Наставниот план за основно училиште ги содржи задлжителните и изборните предмети, дополнителната и додатната настава како и часовите за одделенска заедница. Со наставниот план се определува годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивниот редослед по одделенија, бројот на неделни часови за дополнителната, часови за додатната настава и часот за одделенска заедница. Со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активности и методи во училиштето. Дополнителната и додатната настава во основното училиште се застапени од II до IX одделение, со по еден час неделно за дополнителна и додатна настава односно 72 часа годишно.

Дополнителна настава е настава која е наменета за ученици кои имаат тешкотии во учењето, додека пак додатната настава е наменета за надарените ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Овој вид настава подразбира соодветно планирање, организирација, изведување на наставата и вреднување на постигањата во наставниот процес.

Додатната настава во основното образование како идеја и потреба е афирмирана и законски санкционирана.

Првото помнување за посебна воспитно-образовна работа со надарени ученици било уште во 1959 година во Законот за основно образование. Овој Закон на училиштето налагал да организира воспитно-обраовна работа која ќе им помага на учениците што заостануваат во својот развој, но исто така и на учениците кои побрзо се развиваат од учениците на нивна возраст и во исто одделение. Училиштето тогаш почнало да ги прифаќа разликите меѓу учениците во поглед на нивните способности и да развива диференцијален пристап на различни категории на ученици. [13]

---

[13]Maksić,S.(1998).Darovito dete u školi.Institut za pedagoška istraživanja.Beograd,str.61

Од 1966 година почнале да се воведуваат и посебни награди за учениците кои постигнувале висок успех во учењето без разлика дали станувало збор за општ успех или успех од некој одделен предмет.

Додатната настава се споменува и во Законот за основно и средно училиште кој е објавен на *30.04.1974* година. Членот 32 од овој Закон за основно образование гласи: "Училиштето да организира додатна воспитно-образовна настава за надарените ученици" Исто така со Законот е предвидено за учениците кои постигнуваат висок успех и покажуваат поголемо интересирање за одредени предмети од останатите ученици покрај организирање на додатната настава, да се овозможи формирање на научни групи, воведување на изборна и факултативна настава како и можност за забразано учење. На овој начин е определено надарените ученици да останат во одделенијата со останатите ученици во редовната настава, но училиштето да им обезбеди и понуди додатни содржини и активности кои ќе ги изучуваат надвор од редовната настава односно на часови за додатна настава.[14]

Во Законот од 1992 година е предвидено основните и средните училишта задолжително да организираат додатно воспитна-образовна настава за надарените ученици. Во основните училишта додатната настава е наменета за ученици кои покажуваат посебна склоност и интересирање за одделни наставни предмети. Во средните училишта пак додатната работа се организира за ученици кои со одличен успех ги совладуваат сите програмски содржини и покажуваат интересирање за продлабочени знаења од одделен предмет. Содржините за додатната настава треба да произлегуваат од наставниот план и програма но спрема потребите на учениците да се проширувaат, продлабочуваат и дополнуваат со содржини и од други одредени науки. Содржините за додатна работа се индивидуализирани како во однос на учениците така и во однос на наставникот.

[14] Đorđevič,B.(1977).Dodatni rad ućenika osnovne škole.Beograd, str.7

Учениците може да посетуваат додатна настава од еден наставен предмет, но доколку ученикот покажува високи резултати од повеќе наставни предмети може да учествува на додатна настава и по тие предмети но сепак тоа да се предмети кои припаѓаат во исти научни групи.[15]

Современото училиште е училиште кое е свртено кон ученикот, кон неговите способности, афинитети, кон неговите потреби и желби. Тие промени кои настанаа во образованието допринесоа за поголемо значење и на додатната настава како и за нејзино дополнување во Законот за основно воспитание и образование. *Во Законот за основно образование кој е објавен во Службен весник на Р.Македонија бр.52/02 од 11.07.2002 година членот 27 гласи:*

"Основното училиште треба да овозможи образование на ученици со посебни образовни потреби. На учениците со тешкотии во учењето и на посебно надарените ученици, училиштето им обезбедува образование со соодветни методи и форми на работа и вклучување во настава, како идруги форми на индивидуална и групна работа".

*Во Законот за основно образование кој е објавен во Службен весник на Р.Македонија бр.103/08 од 19.08.2008 година членот 28 гласи:*

"Додатната настава се организира за ученици кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети". Ваквата определба за додатната настава била поставена во Законите за основно образование се до 14.02.2011 кога се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование, и тогаш се донесоа и измени за дополнување на додатната настава.

Според тоа членот 28 се менува и гласи:

(1) Додатната настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици).

[15] Maksič,S.(1998).Darovito dete u školi.Institut za pedagoška istraživanja.Beograd,str.62

(2) Додатната настава за ученици од ставот (1) на овој член наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

По членот 28 се додава нов член 28-а кој гласи:

(1) Основното училиште најдоцна до 20 септември во тековната учебна година треба да истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот да го достави до Државниот просветен инспекторат.

(2) За наставникот кој неоправдано нема да ја реализира дополнителната и додатната настава согласно со распоредот од став (1) на овој член ќе се поведе постапка за дисциплински престап.

(3) За дисциплински престап од ставот (2) на овој член на наставникот му се изрекува дисциплинска мерка парична казна од 10% до 30% од едномесечниот износ на нето платата исплатена на јавниот службеник во месецот пред извршување на дисциплинскиот престап, во траење од 3 до 6 месеци.

Согласно Националната програма за развој на образованиео во Република Македонија 2005-2015 и Законот за основно образование, Министерството за образование и наука во август 2007 година изготви Концепција за деветгодишно воспитание и образование. Во рамките на Концепцијата дефинирани се одредени принципи и цели кои се однесуваат на работата и оптималниот индивидуален развој на потенцијалите на надрените и талентираните ученици, а тие се:[16]

-принцип на демократичност (основното училиште треба да ги охрабрува учениците да ја откриваат својата посебност како индивидуи);

-принцип на почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците (се создаваат можности секое дете максимално да ги развива своите предиспозиции, интелектуалните и физичките способности и надарености);

[16] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование.2007.Скопје,стр.63

-принцип на целосен развој на личноста на ученикот (училиштето треба да биде средина којашто на учениците ќе им обезбеди правилен социјален и емоционален развој и ќе им даде поддршка на нивното физичко и ментално здравје);

-принцип на најдобар интерес на ученикот;

-принцип на подготвување на учениците за доживотно учење.

Според Концепцијата за оновно воспитание и образование една од главните цели на основното воспитание и образование е планирањето на наставата и другите активности за надарените ученици, како и развивањето индивидуализирани програми за нив. Основното воспитание и образование на надарените и талентираните ученици им овозможува:

-хармоничен развој (когнитивен, емоционален, социјален и психомоторен) во сообразност со нивните индивидуални способности и развојните законитости и развој на личноста на ученикот врз основа на принципите на почитување на основните човекови права и слободи;

-оспособување да усвојат систем на знаења и вештини за независно, ефикасно и креативно делување во општествената и природната околина;

-развивање граѓанска свест за припадност на Република Македонија и негување на нивниот национален и културен идентитет во духот на почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна, родова и верска припадност и физичките или менталните способности.

## 7.Организација и реализација на додатната настава во основните училишта

За успешното организирање на додатната настава во основните училишта неопходно е да се дефинира улогата на наставниците и другите фактори во училиштето, локалната самоуправа и пошироката средина, за да се обезбеди стручна заснованост и подобар квалитет на додатната настава за надарените ученици. За поуспешно планирање и организирање на додатната настава пред училиштето се поставуваат посебни задачи за изборот и подготовката на наставниците што ќе работат со надарените ученици, како и за создавање на финансиска подршка и материјално технички услови за изведување на наставата. За училиштето е битно дека во оваа настава доаѓа до израз самостојната работа на учениците, работата во мали групи, изградувањето на систем и постапки за истражувачки активности, решавање проблеми од теориска и практична природа, организирање дебати, работа на одделни проекти, експериментирање и докажување. Исто така битно е да се разработи следењето и вреднувањето на постигањата на учениците.

Додатната настава се реализира според наставни програми. Така, наставата за природната и општествената група предмети може да се организира и изведува тимски од наставниците по сродни наставни предмети. Овој вид настава подразбира соодветно планирање, организација, изведување на наставата и вреднување на постигањата на наставниот процес.

Организирањето на додатната настава во основните училишта претставува клучен елемент за напредокот на надарените и талентираните ученици кои ја посетуваат. Ваквите ученици учат брзо, употребуваат општи знаења, мислат јасно, читаат без многу вежбање, располагаат со зголемен фонд на зборови, поставуваат прашања, го разбираат значењето и донесуваат самостојно заклучоци па затоа треба да се води грижа за правилна организацијата и реализација на додатната настава. Организацијата на додатната настава придонесува за напредувањето на учениците кои ја посетуваат, а тоа се надарните и талентираните ученици кои имаат желба да го прошируваат своето знаење.

Оваа настава се организира во училиштето, односно во кабинети соодветни за предметот по кој се посетува додатната настава, во лабораториии доколку ги има во училиштето или пак во училниците. Часовите се одржуваат веднаш по завршувањето на редовната настава кога учениците се изморени и не се доволно мотивиани за работа. Наставата ја изведуваат наставници најчесто тоа се наставници од училиштето кои предаваат во редовната настава. Наставниците треба тимски да работат меѓу себе бидејќи на тој начин ќе бидат подобрени ефектите за наставата. Наставникот треба да ги развива сите сознајни потенцијали на ученикот како што се активното учење, самостојната и истражувачката работа. Наставата не треба да биде насочена кон запомнување на информации од страна на учениците , туку активно учествување на ученикот во процесот за стекнување нови знаења преку самостојно мислење, самостојна работа како и способност за самообразование и самовоспитание. Според тоа зависно од содржините кои се реализираат наставникот ќе ја организира работата со учениците, дали самостојно да работат или во групи. Часот по додатна настава се организира на тој начин што на секој ученик се даваат индивидуални задачи и подготвени дидактички материјали и средства кои одговараат на индивидуалните способности на учениците. Задачите и дидактичките материјали кои се реализираат на часовите по додатната настава најчесто произлегуваат од содржините кои се реализираат во редовната настава , но понекогаш може да се случи наставниците да ги предаваат истите содржини што ги предаваат во редовната настава или пак ги довршуват доколку тоа не го сториле на часот по редовна настава. Тука се прави голема грешка, бидејќи часовите по додатна настава ги посетуваат надарени и талентирани ученици и треба да се води грижа какви содржини ќе се реализираат. Содржините треба да произлегуваат од посебни програми наменети за надарени ученици. Авторката Ѓорѓевиќ, Б (1977) во својот истражувачки труд за додатната настава има предложено теми за работа со надарените ученици во додатната настава. Но, поради тоа настанале бројни несогласувања од страна на наставниците бидејќи искажале незадоволство во поглед на тоа дека немаат доволно време за реализација на таквите содржини. Според тоа, авторката дошла до заклучок дека наставниците не го сфаќаат карактерот на додатната настава.

Предложените содржини за додатна настава претставуваат само можност за избор кој се нуди по училиштата, а тоа значи дека учениците секоја школска година слободно да се определуваат за определени содржини, така што одредените теми и проблеми ќе можат да ги обработуваат онолку време колку што ќе им е потребно без разлика дали станува збор за еден месец или цело полугодие.

Наставникот е тој кој ќе им дава упатства за работа и да им помага кога е потребно. Тој ќе ги води учениците во самостојната работа.[17]

За организацијата на додатната настава покрај содржините, проблемите и прашањата кои се истражуваат од страна на надарените и талентираните ученици, големо значење имаат и условите со кои располага училиштето, како што се:

-кабинети, лаборатории

-мал број на учениците во одделенијата

-библиотека која располага со различна литература (прирачници, енциклопедии, монографии)

-разновидни наставни средства и опрема (мапи, карти, микроскопи)

-оспособување на наставниците за работа со надарените ученици преку посета на семинари, курсеви.

Поголемиот број на градските училишта располагаат со ваквите услови, можеби не до толкава мера колку што е потребно, но сепак имаат услови, за разлика од нив, селските училишта имаат големи тешкотии во тоа, бидејќи немаат доволно услови потребни за реализација на додатната настава како што се библиотеката и разновидна литература, кабинети, работилници, наставни и нагледни средства. Овие училишта покрај тоа што ги немаат потребните услови за организација и реализација на додатната настава имаат наставници кои се трудат да го надминат тој проблем, со нивна самостојна ангажираност во снабдување на потребните средтва.

[17] Đorđevič,B.(1977).Dodatni rad učenika osnovne škole. Institut za pedagoška istraživanja.Beograd,str.43

Додатната настава ја посетуваат надарените и талентираните ученици, па затоа за нив треба да се води сметка и во *редовната настава*. Таа има јасно дефинирани наставни содржини кои се еднакви за сите ученици. Надарените ученици тие наставни содржини многу побргу и полесно ги разбираат и совладаат за разлика од останатите ученици. Поради тоа од надарените ученици треба да се бара повеќе но тоа не значи дека треба да им се даваат поголем број задачи и проблеми туку да им се даде можност за проширување на знаењата. Тие треба да се вклучуваат во прашањата кои се посложени, кои бараат анализирање, логички начин на мислење. Таквите ситуации можат да се обезбедат на два начина:

-настава која содржи анализа, синтеза, апстракција во учењето на наставните содржини, а не меморија на факти,

-посебни вежби кои допринесуваат за развој на анализа, синтеза, апстракција и други мисловни процеси.

Задачите во кои се бара анализирање, апстрахирање треба да се користат многу почесто во училиштата бидејќи учениците преку нив ги пронаоѓаат најважните елементи во дадената содржина, ја откриваат нејзина суштина, даваат критичко мислење и ја откиваат важноста на податоците кои се дадени во дадениот контекст.

Вежбите исто така треба да се применуваат бидејќи и тие допринесуваат за развој на мислењето кај учениците. Тоа се вежби кои треба да се применуваат на почеток на часот или на крајот на часот и кои нема да бидат подолги во времетраење од десет минути.

## 7.1 Време за реализација на додатна настава

Секоја држава има свој воспитно-образовен систем според кој работи во образувањето и воспитувањето на учениците. Па според тоа организацијата и реализацијата на додатната настава е различна во различни земји и часовите за реализација некаде се во поголем број некаде во помал и тоа во зависност од наставните планови и програми.

Во САД надарените ученици за реализација на додатната настава имаат најмалку 200 минути неделно во текот на 17 недели или во текот на 34 недели. Дел од оваа време може да се реализира и за време на летниот распуст ако за тоа постојат услови и одредени посебни програми. Но бидејќи часовите по додатна настава во САД се финансираат од федералниот фонд, условите за користење на тие средства прецизно се формулирани како во поглед на времето така и во поглед на содржините и изборот на учениците.

Според наставниот план за задолжително ниже средно образование во Р.Германија во покраината Баден Винтерберг од I до IV одделение е планирано по 2 часа неделно во I и II одделение за додатна настава, и по 3 часа неделно во III и IV одделение за подршка на учениците од страна на наставникот. Исто така од V до X одделение се предвидени 12 таканаречени периоди за компензација. При одредувањето а периодите за работа на групите не треба да се надминуваат повеќе од три недели за пропишаниот број на периоди.

Освен тоа наставниот план е проширен со часови за организирана индивидуална и заедничка помош на учениците со проблеми во учењето за половина час неделно од I до IX одделение и со по 1 час неделно од I до IX одделение за дополнителна и додатна настава. За општествени активности се издвоени 2 часа неделно од II до IX одделение.

Во училиштат во Р.Хрватска дополнителна и додатна настава е застапена со 1+1 час неделно од I до VIII одделение, а за воннаставни активности е определен со по еден час неделно од I до VIII одделение.

Во Р.Србија во основните училишта додатната настава е законски санкционирана и се реализира од IV и VIII одделение и се посетува еден час неделно, односно 38 часа за IV и VIII одделение, и 43 часа за V, VI и VII одделение годишно. Но времето за реализација на додатната настава може да биде и продолжено, односно за додатната настава може да користи времето кое е предвидено за слободните активности. За слободните активности годишно е предвидено 34 часа за I, II, III и IV одделение, 44 часа за V, VI и VII одделение, и 40 часа за VIII одделение. Исто така доколку во училиштето се одлучи дека нема потреба од дополнителна настава часовите наменети за нејзино одржување може да се користат за дополнителната настава. Годишниот фонд на часови за нејзино реализирање изнесува 68 часа за I, II и III одделение, 75 часа за IV и VIII одделение, и 85 часа за V, VI и VII одделение.

Во нашите училишта во Република Македонија додатната и дополнителна настава се реализираат според наставни планови и програми. Додатната и дополнителна настава се застапени со по 1+1 час неделно од II до IX одделение односно 72 часа годишно за додатна и дополнителна настава. Додатната настава ја посетуваат надарените ученици, ученици кои покажуваат поголем интерес кон некој предмет, а дополнителната настава ја посетуваат ученици кои имаат тешкотии во учењето. Овие видови на настава се законски санкционирани и од најновите измени во Законот за основно образование и воспитание има дополнувања кои се однесуваат за нив. Бидејќи не се придаваше значење на додатната и дополнителната работа овие измени настанаа во Законот за да им се посвети поголемо внимание на овој вид настава и кои ќе овозможат на учениците да ги посетуваат и да се развиваат со свое темпо и со свои можности. Содржините кои треба да се реализираат на часовите по додатна настава треба да бидат изложени од страна на секој наставник и тој да им ги понуди на учениците, а учениците сами да одлучуваат дали ќе ги посетуваат часовите или не. Наставниците се должни да ги реализираат таквите часови, а доколку не го правата тоа од неоправдани причини ќе биде поднесена постапка за дисциплински престап.

Ние, секако дека не можеме да правиме споредби со училиштата од другите држави кои имаат повеќе часови за реализација на додатната настава во текот на неделата и тоа поради многу причини како што се: друг начин на воспитување на надарените ученици кај нас, различниот школски систем, материјални можности и друго.

Кај нас со по еден час неделно за реализација на додатната настава се смета дека е доволно, доколку се спроведуваат редовно секоја недела и доколку додатната настава е правилно организирана. На надарените ученици треба да им се овозможи да се образуваат според своите потреби, да се мотивираат, да им се обезбедат содржини кои ќе ги задоволуваат нивните интересирања. Доколку училиштата организирано ги користат своите можности, надарените ученици ќе имаат доволни услови за продлабочување на знаењата. Најважно е да им се овозможи на учениците што посетуваат додатна настава да напредуваат со свое темпо.

## 7.2 Облици на работа при реализација на додатна настава

Правилната организација и реализација на додатната настава зависи и од облиците на наставна работа. На часовите по додатна настава треба да бидат застапени оние облици на наставната работа кои овозможуваат на учениците самостојно да напредуваат и истражуваат, а сето тоа зависи од содржините и темите што треба да се обработуваат на часот. Како најзастапени облици на часовите по додатна настава треба да бидат групиот и индивидуалниот облик на работа, како и работа во парови.

**Групната работа** на учениците им овозможува самостојна работа и учење во групи. Таа се заснова на заедничко извршување на задачите. При одлучувањето на групата наставниот води сметка за можностите некоја тема или проблем да се обработат со посредство на овој организационен облик. Се настојува задачите на групата да бидат распоредени на тој начин што од секој поединец ќе се бара одредено ниво на самостојност. На учениците им се предложува да ги разгледаат поставените задачи, да најдат пат за нивно решавање, да пријдат на решавањето и најпосле да ги соопштат резултатите до кои дошле. Поединечни етапи од ваквата работа се карактеризираат со соработка на кооперативно и индивидуалното учење. Учениците разменуваат информации. Непосредното раководење од страна наставниците престанува после давање на задачи и повторно се јавува во завршната фаза на работата, при соопштувањето и контролата на резултатите.

Со примена на групната работа на часовите по додатна настава се постигаат најмалку три цели:

-јакнење на самостојноста и способност за индивидуално учење

-совладување за примена на практични методи на работа

-оспособување за соработка во група.

Учењето во група е социјален облик кој во голем степен ги унапредува учениците за самостојно учење. На тој начин тој одговара на барањата во наставата да се обезбеди организационо единство на активно усвојување на знаења и оптимално развивање на способности. За позитивното влијание на заедничката работа говори и Пијаже (1986) укажувајќи дека заедничката работа ги поттикнува интелектуалниот развој. Инаку кога повеќе деца учат заедно, тогаш тие на различни начини припаѓаат на решавање на поставените задачи, што поттикнува подвижност на мислењето и многу позитивно влијае на нивниот развој. Предност исто така на овој облик е во широка можност за примена на дискусија. Во дискусиите доаѓаат до израз бројните противречности, а расправањето за нив помага различните гледишта да се објаснат. Дискусиите поттикнуваат активно учење, а активноста на групата и поединците во неа ја чинат работата подинамична и поживa. Во групното учење на поединечните прашања во решавањето на задачите се приоѓа од различни стојалишта. Тоа помага во воспитувањето на учениците одредени прашања да ги посматраат од различни аспекти, па со самите нив и да ги шират и сестрано проучуваат. Содржините и проблемите кои се истражуваат од страна на учениците можат да се истражуваат и подолг временски период во зависност од тежината на истражувањето.

**Индивидуалната работа** е организационен облик во кој секој ученик работи на одредена задача сам, како поединец, без размена на информации со своите другари. Секој ученик треба сам да совлада задачи кои ги поставил наставникот. Задачите можат да бидат диференцирани, во склад со можностите на учениците и дидактичките намери кои сакаат да се постигнат. Учениците можат да користат непосредна или посредна помош од наставниците за да се оспособат за самостојно решавање на задачите. Оваа работа може да се применува или за обавување на вежби или за разработка, проширување и продлабочување на знаењата. Индивидуалната работа и учење се неопходни во додатната настава затоа таа не може да биде ефикасна без индивидуален напор во учењето и соработка од учениците.

Значењето на индивидуалната работа е во тоа што таа во најголема мера ги уважува можностите и специфичноста на темпото на работа на секој поединец, како и неговата претходна припремност, па обезбедува подиференцирно поставување на задачите и индивидуализација на содржините и темпото на учење, што овозможува контрола на работата и оцена на резултатите. На тој начин учењето и работата на поединецот стануваат релативно самостојни. Ефектите на индивидуалната работа обично се големи затоа што ученикот совладува одредени знаења, вештини и навики во свое оптимално време и со контролирана употреба на своите интелектуални капацитети. Индивидуалната работа бара самостојност и упорност и позитивно влијае на развивање на независноста на ученикот, способноста сам да работи во пократок или подолг временски период, на мали или поголеми задачи. Значењето на индивидуалната работа е во тоа што ученикот мора сам да решава на поставената задача, што на наставникот му овозможува стварна, права процена на неговата работа.

**Работа во парови** претставува уште еден облик кој треба да се упоребува на часовите по додатна настава. Овој облик на работа се одликува со голем број педагошки, психолошки, дидактички и социјални карактеристики. Од педагошки аспекти, работа во парови овозможува запознавање на ефикасни методи и техники во стекнување на знаења, развивање навика за работа со двајца, барање помош од партнерот кога за тоа има потреба, споредување на постигнатото, рационално користење на времето на часот и сл. Психолошките карактеристики се однесуваат пред се на поволна работна атмосфера, емоционална рамнотежа на учениците, како и на разбирање и прифаќање на туѓите ставови. Многубројни се и дидактичките причини кои одат во полза на примената на работа во парови на часовите по додатна настава. Учениците во парови постепено го совладуваат наставното градиво, на начинот кој одговара и на двата ученика во парот. Основни социјални карактеристики на овој облик на работа овозможуваат зближување на учениците и работната активност се одвива под исти услови. Двајца ученици заедно соработуваат и работат исти или слични задачи под исти работни, просторни, временски и материјални услови.

## 7.3.Самостојно работа на учениците во додатната настава

Суштината на додатната настава е да ги оспособува учениците на самостојна работа. Оспособувањето на учениците за самостојна работа денес добива нов квалитет благодарение на најновите сознанија во областа на психологијат на учењето, но и нови димензии што ги определува современото сфаќање на образованието на човекот. Самостојната работа се определува како процес на осамостојување на активноста на учениците во наставата. Во енциклопедискиот речник по педагогија се вели дека "самостојната работа на учениците треба да ја сфатиме како процес на постојано осамостојување во работата"

**Л. Клингберг** (1962) пишува дека "под самостојната работа на учениците се подразбира онаа педагошка активност насочена кон целта, под директно или индиректно раководство на наставникот, активност на ученикот што се изразува во активно присвојување на основни знаења од науката, здобивање со способности и умеења, носена од општествената мотивираност и пораст на свеста, творечка иницијатива и свесна одговорност"[18]

**А. Дамјановски** (1989) заклучува дека "самостојната работа на учениците во наставата се потпира, главно, врз внатрешни движечки импулси и на осознаени прифатени од учениците цели и задачи и се реализира со значително ниво субјективно ангажирање (интелектуално, емоционално и конативно) и пројавување на одговорност за дејностите и резултатите, како и со постојано самооценување и самоконтролирање.[19]

Организирањето на самостојната работа на учениците е можно по сите наставните предмети по кои се изведува додатната настава но за тоа е потребна посебна подготовка. Со цел учениците да се мотивираат и запознаат со предметот на својата работа на идните часови, да чувствуваат обврска и одговорност кон работата и да се подготвуваат за самостојна работа на часот. На тој начин подготовката за наставната работа нема да биде прашање само за наставникот туку и за ученикот.

[18] Klingberg,L.(1962).Padagogische fuhrung und selbsttatigkeit inder sozialistischen schule.Berlin,VEB Deutseher Verlag der Wissenschaft,str.34
[19] Дамјановски,А.(1989).Ученикот во наставата. Просветно дело.Скопје,стр.43

Самостојната работа на учениците има голема педагошка и психолошка вредност. Учениците во процесот на самостојната работа се мотивираат самостојно да ја поставуваат целта, да го планираат времето, редоследот на задачите, средствата и техниките на работа, контролата и вреднувањето. На часовите по додатна настава учениците ги прошируваат и продлабочуваат своите знаења па затоа треба да се реализираат задачи кои овозможуваат проширување на знаењата и да доживуваат радост поради својот придонес кон успешноста на наставата која се изведува и со неговото активно учење. Наставникот зависно од содржината што треба да се обработува треба да им овозможи на учениците набљудување на предмети, процеси и појави, изведување на опити и врз таа основа изведување на определени заклучоци, собирање, средување и воопштување на податоците. Некои од поставените задачи може да се обработуваат и подолг временски период, но сепак тоа зависи од самиот проблем што треба да се реши. Но сепак треба да напоменеме дека успехот при решавањето на самостојните задачи е во корелација со инструкции на наставникот кои овозможуваат учениците да го сфатат значењето и целта на својата активност. Структурата на самостојната работа на учениците треба да ги содржи следниве елементи:

-активност на наставникот во врска со наставните содржини и инструкција на учениците за самостојна работа,

-самостојната работа на учениците во врска со зададената задача,

-набљудување на работата на учениците и утврдување на степенот на извршувањето на задачата од страна на учениците, односно давање индивидуална инструкција секаде кадe што е потребно.

-изнесување на резултати од страна на учениците.

Успехот при организирањето на самостојната работа на часовите по додатна настава покрај тоа што зависат од наставникот е во тесна зависност и од добро опремени кабинети, лаборатории, библиотеки, учебни помагала, апарати и помошни средства и материјали.

На часовите по додатна настава самостојната работа на учениците им овозможува усвојување на квалитетни знаења, проширување, продлабочување, самопроверување, самоконтрола и ефикасна примена на знаењата, формирање на психолошка организација за развој на сознајните способности, интереси и осознаен процес кон решавањето на задачите. Кај учениците се развива смисла за неопходен обем на знаења, способности и вештини за решавање на сознајни задачи од определен вид и за соодветно движење од пониските кон повисоките степени на мисловната активност. Исто така преку самостојната работа на учениците се овозможува почитување на личноста на ученикот, неговите желби, интереси, афинитети, емоции, формирање на позитивни карактерни особини како што се реалност, решителност, упорност, издржливост и самопочитување. Додатната настава која се реализира преку самостојната работа на учениците е резултат на квалитетна настава.

## 8.Идентификација и избор ученици на вклучување во додатната настава

Потребата од идентификување и избирање ученици за додатната настава има суштинско и повеќекратно значење. Од неа зависи квалитетот и индивидуализирањето на грижата и работата со надарени и талентирани ученици во рамките на овој вид настава. Додатната настава ќе биде поквалитетна и поефикасна доколку со соодветен методолошки приод се обезбедува во додатната настава да се вклучуваат ученици за кои таа ќе биде продуктивна и корисна, а не одвишна и наметна. Поради тоа многу е значајно во идентификувањето на учениците за додатна настава да се обезбеди:

-Применување развиен систем на следење, испитување на развојните особености, постигања и потреби на секој ученик посебно. Системот вклучува користење на разновидни евалуативни методолошки постапки и инструменти со чија помош се собираат и систематизираат потребни информации за одделните аспекти од развојот на учениците, за природата и нивото на нивната надареност и талентираност, како и за динамиката од развојот на одделните нивни способности, интереси и потреби.[20]

-Изградување на поточна и поцелосна претстава за особеностите и развојните потреби на учениците кои побрзо напредуваат и кои пројавуваат посебна надареност и талентираност. За таа цел е потребно да се проучува и идентификува карактеристичното однесување на овие ученици во совладувањето на наставните задачи, во особеностите на своето интелектуално, емоционално и конативно ангажирање и пројавување, во интеракцијата со средината, во посебноста на интересите и потребите.[21]

-Идентификување на критериуми за избор и вклучување на ученици во додатната настава, како и дефинирање на улогата на наставниците и на други фактори во стручно заснованото реализирање на оваа компонента на додатната настава.[22]

---

[20] Uspostavljanje sistema rada sa talentovanom decom i omladinom. Beograd,1988,str.33-37
[21] E.Paul Torrance.(1964).Guiding Creative Talent.Prentice Hall,INC,str.65-83
[22] Obradović,Č.(1990).Nadarenost, razumevanje,prepoznavanje,razvijanje.Školska knjiga,str.95-96

Се смета дека колку повеќе се познаваат и почитуваат овие потреби и развојни особености толку повеќе има основа да се обезбедува соодветна грижа и работа со таквите ученици. Со оглед на природата и степенот на дарбите и талентите, значајно е групите да се составуваат не толку во рамките на едно одделение, туку многу повеќе во рамките на едно или повеќе училишта, со вклучување ученици од различна возраст и одделение, но со приближно ист степен на надареност или посебна талентираност. Со ваквиот приод во формирањето на групите се создаваат услови за издигање на нивото на стандардите и аспирациите, како и на квалитетот на работата. Се разбира, составот на вака формираните групи е подложен на постојани промени и преструктуирања, во зависност од темпото и насоката на развивањето и напредувањето.

Во погледот на идентификација на учениците за додатна настава потребно е нивното рано откривање бидејќи колку порано се откријат ќе овозможи систематско и педагошко водење во интелектуални, афективни и социјални цели. Идентификација на надарените ученици треба да биде систематски, постојан и континуиран процес кој го сочинува составниот дел на редовната работа во училиштето. Систематската работа за идентификација на надарените ученици овозможува собирање податоци на различни видови и различни карактери, кои можат да дадат целосна слика за надареното дете и на тој начин да овозможи поцелосно и поквалитетно педагошко водење. За идентификација на надарените ученици во другите земји предвид се земаат резултати од еден вербален индивидуален тест на општи способности (најчесто тоа е Bine-Simonova skala или тест Veksler-Belvi) и мислење од наставникот. Во Калифорнија (САД) со индивидуалниот тест на општи способности се испитуваат оние ученици кои ќе бидат предложени од страна на наставникот или директорот на училиштето и не се испитува систематски цела генерација. Во САД каде е најразвиена рботата со надарените ученици за специјални одделенија или училишта се земаат ученици кои на индивидуалните тестови на општи способности ќе постигнат високи резултати, а тоа се 2% од нормалната ученичка популација. Тоа значи дека нивните резултати треба да изнесуваат Q. I. 140 и повеќе.

Според ова може да се забележи дека во САД постои многу строг критериум при идентификување на надарените ученици. За идентификација на надарените ученици постојат две групи на тестови на општи способности и тоа: Test Revidirana serija Beta и Test NZR.

Test Revidirana serija Beta чии автори се C.E.Kellog, N.W.Morton, R.M.Linder и M.Gurvitz изработен е 1946-1957 година во Њујорк. Авторите сметаат дека овој тест ги мери примарните когнитивни фактори. Оваа серија се состои од 6 субтестови, секој со посебно упатство, примери за вежби, кои му овозможуваат на испитувачот да провери дали секој ученик ги разбира задачите и дали му е јасно што треба да работи. Секоја задача има одредено време за работа. Тестот е невербален и неговата примена е колективна или индивидуална.

Test NZR е вербален тест и има многу висок коефициент на релиабилност(0.93). Тестот се состои од лексички задачи, критички мислења, аналогни, просторни и говорни претставувања и решавање проблеми. Наменен е за ученици од 10 до 16 години. Тестот се состои од 12 субтестови и ги мерат специјалните, перцептивните, вербалните, евалуативните, индуктивните способности.

Во нашите училишта во Република Македонија идентификација за надарените ученици најчесто врши *педагошко-психолошка служба* и *наставниците*. Педагошко-психолошката служба има за цел да ја следи и унапреди воспитно-образовната работа, да работи на нови форми и ефикасни методи на воспитно-образовната работа, да ги проучува педагошко-психолошките проблеми на учениците во воспитно-образовниот процес, да врши анализа на оптовареноста на учениците и сфаќањето на функцијата на оценката и оценувањето и се залага за подобар квалитет, да ја организира и коопдинира професионалната ориентација на учениците, да помага во соработка со учениците и нивните родители, воспитувачите, наставниците а особено со родителите чии деца се со пречки во психофизичкиот развој. Со заедничка работа на педагогот, психолоогот и наставникот во најголема мера може да се увидат и резултатите во образование и воспитание на надарените ученици како и нивното избирање за посета на додатна настава.

Педагошко-психолошката служба врши систематски испитувања на учениците пред тргнување на училиште и утврдување на низа значајни елементи за подобро разбирање на учениците како што се интелектуалната зрелост, предзнаења, социјална и емоционална зрелост, економска и културна положба на семејството. Таквиот начин на испрашување дава добри услови за почетокот на систематско и континуирано водење на учениците во текот на деветгодишното школување на учениците.

Исто така учествува во вреднување на резултати на учениците со посета на часови за следење на наставата, со анализа на документацијата на учениците, со следење на развој на способности и успехот на учениците, водење евиденција и употреба на различни тестови за тестирање на учениците. Педагогот и психологот им помагаат на наставниците при идентификација на надарените ученици кои постигнуваат изразити резултати во учењето и побрзо напредуваат и покажуваат интереси за продлабочено учење, исто така им помага и во планирање на мерки за оспособување на учениците за самостојно стекнување на знаења односно во оспособување за самообразование, како и во организирање на додатна и дополнителна настава.

Но се поставува прашањето како да им се помогне на наставниците каде што нема педагошко-психолошка служба. Во секој случај не треба да се обрнува внимание само на одличните ученици туку и на оние другите кои не постигнуваат високи резултати во учењето но сепак покажуваат некои други својства како што се: оригинални идеи, одредена рамномерност во начинот на мислење, флексибилност, трудољубивост што претставува основни одлики на креативниот дух или дивергентен начин на мислење. Таквите ученици поради многу причини не покажуваат резултати кои би можеле да ги покажат во други услови.

Од низата разновидни планови на училишната работа, треба посебно да се нагласи улогата на плановите за работа на секој наставник, бидејќи наставниците преку настава од своите предмети и други активности се непосредни носители на целокупниот живот и работа на училиштето. Затоа, една од обврските на секој наставник е да ја планира и подготвува рализацијата на редовната, дополнителната и додатната настава и вонннаставните активности.

Кога станува збор за додатната настава наставникот покрај тоа што ја планира реализацијата на додатната настава врши и идентификација на учениците за посета на нејзините часови.

Наставникот изборот на тие ученици го врши преку:

-нивното следење на часовите по редовна настава, каде што ги запознава индивидуалните способности и потенцијални можности на секој ученик, неговиот стил на учење, предзнаењата, интересите, мотивираноста и ставот кон учењето, како и социо-економските услови во кои живее и работи ученикот,

-создавање демократска атмосфера во училницата, каде ги поттикнува и охрабрува да се чувствуваат слободно и слободно да се изразуваат, да ги кажуваат своите мислења, идеи, да поставуваат прашања, да комуницираат меѓусебно,

-самостојната работа на учениците,

-следење, проверување и оценување на напредокот на секој ученик,

-употреба на евидентни листови, досиеја за учениците,

-вршење на формално оценување на секој ученик и врз таа основа ја планира и организира идната работа на секој од нив, за постигнатите резултати ги информира учениците и нивните родители.

Преку сите горенаведени начини на соработка тој ги набљудува учениците и за краток временски перид создава слика за секој ученик за неговите можности и способности и може лесно да определи кој од учениците треба да посетува часови за додатна настава, се разбира доколку сака самиот ученик. Наставникот покрај тоа што соработува со педагошко-психолошката служба за идентификиција на ученици за додатна настава треба да соработува и со родителите на самите ученици. Преку нивната соработка ќе може да дознае многу информации за секој ученик бидејќи најголемиот дел од времето учениците го поминуваат со своите родители. Родителите ќе го информираат наставникот како ученикот го поминува слободното време дома, дали посетува некои активности надвор од училиштето, дали самостојно ги извршува домашните задачи, дали зема додатна литература и слично.

## 9.Идентификација на наставникот за вклучување во додатната настава

Додатнаната настава претпоставува и избирање на подготвени наставници за работа со посебно надарени и талентирани ученици. Потребно е наставниците да се избираат не сами од составот на училиштето, туку и од составот и на другите училишта, од факултети, научно-истражувачките институции и друго. Во додатната настава треба да се ангажираат најспособните и најкреативните кадри и да се изгради систем на нивното подготвување и перманентно усовршување за работа со надарени и талентирани деца. Со повеќе елементи може да се потврди дека многу од слабостите во организацијата на додатната настава потекнуваат токму од отсуството на критериуми во изборот на наставници, како и во степенот на нивната подготвеност за работа во овој вид настава. Улогата на наставникот е да ги поттикнува учениците на самостојна работа, работа во мали групи, решавање на проблеми од теориска и практична природа, организирање дебати, посматрање, експериментирања, докажувања, вреднување. Овој стил на воспитно-образовната работа треба да создаде услови за поттикнување и максимално изразување на мисловноста, критичноста, проблемноста и креативноста на учениците.

Значајно е помошта на наставникот да биде индивидуализирана, и мерките што ќе ги презема да бидат во согласност со природата на надареноста и степенот на нејзината развиеност.

За да бидат успешни часовите по додатна настава наставниците треба да имаат сознанија за развој на учениците кои ја посетуваат додатната настава, треба да користат интересни материјали, да располагаат со високо развиени вештини за прашување и објаснување, да им дозволуваат на учениците да развиваат независност во мислењето и однесувањето.

Наставникот кој работи со надарените ученици треба да биде личност која ги поседува сите добри својства. Rosenshine B. и V.F. Furst (1971)[23] како највaжни истакнале пет својства кои треба да ги поседува наставникот:

---

[23] Đorđević,J.(1981).Savremena nastava,organizacija i oblici.Naućna knjiga.Beograd, str.291

1.јасност

2.разноликост (да располага со богат фонд на знаења)

3.ентузијазам (да предава со задоволство)

4.ориентиран кон задачите што треба да ги обработуваат учениците

5.да им овозможи на учениците да работат на специфични содржини

Тој треба да биде личност со широки интереси, истражувач и да има богат фонд на знаења, да е креативен, искусен и да е заинтересиран за своите ученици. Наставниците треба постојано да го збогатуваат своето знаење со актуелните постигања во предметот што го предаваат. Надарените ученици кај наставникот треба да најдат разбирање и подршка. Наставниците треба да дозволат слободна размена на идеи и разноврсност во решавањето на проблеми. Наставникот треба да ги мотивира учениците и да претставува личност на која учениците веруваат. Тој треба да има позитивни ставови кон учениците.

Наставникот кој има желба да успее мора да ги прифати учениците такви какви што се, а прифаќањето на други личности претставува прва претпоставка за познавање на својата личност. Учениците кои се чувствуваат прифатени од наставникот се трудат да постигнат подобри резултати во учењето. Од личноста на наставникот зависи колку учениците ќе учат и како ќе бидат мотивирани за постигнување на резултати. Љубезноста, упорноста и желбата да се помогне претставуваат црти на личноста кои обезбедуваат успех во учењето. На часовите по додатна настава, наставникот треба да има демократски однос кон учениците бидејќи на тој начин ги доведува учениците на активна работа. Наставникот треба да се однесува како дел од колективот со учениците и во таа демократска атмосфера наставната работа се одвива на високо ниво и обезбедува услови за учење.

Наставникот на учениците им го покажува патот, разменува мислење со нив, ги охрабрува учениците да ги искажат своите погледи и судови, ги поттикнува самостојно да донесуваат одлуки. Наставникот треба да биде посредник во наставата, а учениците треба да бидат главните личности во стекнување на образование.

На часовите по додатна настава наставникот треба да создава пријатна атмосфера и да води соодветна комуникација со учениците. Најефикасна комуникација е кога наставникот станува соучесник во групата и кога комуникацијата се одвива помеѓу сите членови во групата.

**Б.Кларк** (1983) заклучува дека наставниците, за да бидат ефикасни во работата со надарените ученици, мора да ги развијат овие карактеристики:

-знаење и разбирање на когнитивните, социјалните и емотивните карактеристики, потребите и проблемите откриени кај надарените како резултат на нивниот атипичен ментален развој,

-способност да развијат флексибилна, индивидуализирана, збогатена наставна програма, пригодна за задоволување на потребите на надарените и за поттикнување на групната интеракција,

-способност да создаваат средина во која надарените можат да ги користат своите потенцијали, да го истражат личниот и интерперсоналниот развој, ментално и практично да испробаат нови области, да чувствуваат предизвик,

-способност да ги подучуваат надарените ученици во вештините на повисоко ниво на мислење, интеграција на умот и телото, самоактуализација, интуитивен развој, самопроценка,

-способност да ја негуваат креативноста во сите нејзини аспекти на мислење, чувствување и изразување на талентот преку производи,

-способност кај надарените да го охрабруваат чувството за социјална свест и посветеност на човештвото и животната околина, како и почит за вредноста и достоинството на другите,

-способност добро да комуницираат со колегите и родителите на надарените деца и да соработуваат со нив на стручни состаноци, заради доброто на децата.

Бидејќи наставниците се најдобар извор во создавањето услови за напредок на надарените и талентираните ученици потребно е да се посвети поголемо внимание на нивната едукација. Во иницијалните програми за нивната обука најважно е да ги разберат потребите на учениците и да се обучат како да ги едуцираат. Тоа може да се постигне преку нивно доусовршување во рамките на педагошко-психолошко образование, едукација преку семинари, перманентно образование со користење книги, брошури, прирачници и други извори на информации.

Во некои држави се обезбедува професионален развој на наставниците со цел да знаат да создаваат ситуации во кои надареноста и талентот на учениците ќе дојдат до израз како и да ги набљудуваат карактеристиките во текот на даден временски период во наставните и воннаставните активности и како да ги набљудуваат карактеристиките во групите кои се помалку застапени во програмите на училиштето за работа со надарените и талентираните ученици.

## 10.Програми наменети за надарени и талентирани ученици

Остварувањето на додатната настава во функција на развојот на дарбите и талентите кај одделни ученици претпоставува и изготвување и работа по посебни програми наменети за оваа категорија ученици. Таа практика на подготовка на програми обично е позната под името програми за понапредни, односно надарени ученици. Ваквите програми можат да бидат најразновидни и да зафаќаат бројни научни и стручни области и да претставуваат, или проширување, продлабочување на содржините што се изучуваат во редовната настава, или да се однесуваат на други дисциплини и подрачја од широкиот спектар на научни, технички и културни содржини и вредности. За нивното конципирање и реализирање, меѓутоа, е значајно тие да се засновуваат врз целосно познавање на дарбите и талентите на одделните ученици, како и врз потребата тие да им излегуваат во пресрет на индивидуалните потреби, интереси и способности на учениците и да создаваат можности за разновидни опции. Познато е дека во оние земји каде што најпрво е започната организирана грижа и работа со надарените и талентираните , таму и најпрво е почуствувана потребата од изготвување посебни програми за работа со нив. Недоволното оценување на ова потреба има значајни негативни последици за организацијата и ефикасноста на додатната настава во целина и на секоја нејзина компонента посебно. Во практиката при одвивањето на додатната настава се присутни, и слабостите поврзани со сиромаштвото, огрниченоста, несоодветноста, униформноста, недоволната разработеност и стручно-научната заснованост на програмите или програмските ориентации наменети за посебно надарените и талентираните ученици. Дури може сосема основно да се констатира дека програми за ваква намена во образованието кај нас речиси не постојат, освен незначителни, мошне декларативни програмски ориентации. Затоа и не постои изграден систем на нивното изготвување, применување и вреднување. Речиси се е оставено на способноста и волјата на одделните наставници и училишта. Меѓутоа, сознанијата потврдуваат дека не може да се обезбеди автетична функција на додатната настава без обезбедување на соодветна и научно заснована програмска основа.

Во изготвувањето на структурните елементи на наставните програми за додатната настава можат да учествуваат :

-Биро за развој на образованието,

-самиот наставник,

-наставник-ученик,

-наставник-педагог,

-наставник-психолог,

-педагог-психолог.

Наставникот може да даде повеќе алтернативни програмски ориентации, а учениците да одберат една од три можни алтернативи. За содржините на едукативните програми наставникот треба да одбере еден од следниве едукативни аспекти:

-проширување и продлабочување на содржините на одделни наставни предмети што учениците одделно ги изучуваат,

-изучување на нови подрачја од постојните наставни предмети.

Во развиените земји се води гижа за надарените ученици да им се обезбеди соодветно образование преку соодветни програми. Во Велика Британија постојат збогатени програми кои им овозможуваат на учениците да стекнат пошироки и продлабочени знаења, каде што големо внимание се посветува на активностите, кои придонесуваат кај нив да се развие самопочитување и позитивна слика за себе. Поради тоа едукацијата ја изведува посебно обучен наставнички кадар како што се ментори за одделни области на уметноста, експерти за одредени научни области, психолог специјализиан за работа со надарени.

Во САД постојат околу 60 програми наметети за надарените ученици од предучилишна и раноучилишна возраст. Заедничко за сите програми е што поаѓаат од фактот дека станува збор за хетерогена популација, на која и е потребен индивидуализиран третман за поттикнување на развојот на когнитивните, физичките и социјалните способности и вештини.

Сите програми ќе даваат позитивни ефекти доколку тие што работат со надарените деца целосно се посветени на стимулирањето на нивните потенцијали. Овие програми во САД опфаќаат два приода и тоа традиционален и приод кој ја нагласува кретивноста. Традиционалните програми се наметети за деца од предучилишна возраст до средно образование, и се насочени кон развојот на когнитивните способности како што се помнење, сваќање, брзо усвојување на знаења како и на социјалните вештини. Програмите кои ја нагласуваат креативноста поаѓаат од сваќањето дека таа е својствена за сите деца и треба слободно да се развива. Како пример, ке наведеме некои програми кои се применуваат во САД.

Creative Learning Center, Dallas, Texas е програма наменета за деца на возраст од три до осум години со која се опфаќаат околу 60 деца. Поголемиот број од децата потекнуваат од сиромашни средини и од различни националности. За нивниот прием се одлучува по направената посета во домот, по спроведено интервју и по психолошкото тестирање. Во овие програми се става акцент на креативноста и вклучени се и академските области во кои се работи по методот на Montesorri. Применетиот метод на работа им овозможува на децата да напредуваат со сопствено темпо во средината, во која воспитувачот го поттикнува секое дете да го развива чувството на независност.

Astor Program е државна програма во Њујорк која е намнета за деца од четири години и шест месеци до пет години и шест месеци кои на тестовите за интелигенција постигнуваат IQ над 130 и кои во текот на интервјуто покажуваат социјална зрелост, подолго внимание, способност за самоконтрола и следење на упатствата. Инаку оваа програма е свртена кон развојот на мисловните вештини, логиката и способност за проценување и вреднување на социјалните последици од различни постапки.

Задачите се задаваат индивидуално и посебно се планираат за учениците, задачите се насочени кон учење на основните академски вештини како и кон креативно истражување на содржините за кои се интересираат. Наставниците ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања, да претпоставуваат последици и да ги проверуваат решенијата.

The Seattle Project, The Child Development Project, University of Washington, Seattle, Washington. Оваа програма е ориентирана кон развој на децата со различни видови на развиени интелектуални способности. За вклучување во програмата родителите потполнуваат прашалници, а децата треба да постигнат високи резултати при тестирањето на општи и посебни интелектуалните способности. Работата според овие програми се остварува во мали групи и со помош на воспитувачите се работи на говорни вештини, социјални вештини, уметност, драмско изразување, математика, читање. Лекциите се поделени на помали целини а активностите се изведуваат низ игра и со користење на привлечен материјал. Оваа програма е свртена кон развојот на социјалните вештини на детето како што се независност, упорност, пријателство, решавање проблеми.

## 11. Теоретско-емпириски сознанија за додатната настава во основните училишта

Додатната настава како посебен облик за работа со надарените и талентираните ученици е проблем кој е истражуван од страна на повеќе автори. Како едно од првите истражувања за додатната настава е истражувањето кое е спроведено од страна на Заводот за унапредување на училишта (Rad odjela za pedagoška istraživanja Zavoda za unapredivanje školstva NRH,)[24] во учебната 1959/1960 годнина во Загребските основни училишта. Од спроведената анкета во основните училишта 92% од нив изведувале додатна настава во која биле вклучени 51% од учениците, што значи дека секој втор ученик бил вклучен во додатната настава. Математика и мајчиниот јазик биле предмети по кои највеќе се изведувала додатната настава. Како најзастапен облик на работа била групната работа односно 79%, а за тимската работа околу 28%. Од истражувањето исто така се заклучило дека во 157 училишта односно 98% од учениците на часовите по додатна настава работеле на исти задачи и проблеми што претставува негативен резултат бидејќи индивидуалните разлики на учениците биле занемарени. Додатната настава се изведувала најчесто веднаш по завршувањето на редовната настава кога и учениците и наставниците биле најуморни и немотивирани. Како најчеста причина за ова било недостаток на училишниот простор. Друг незадоволен податок кој е добиен од оваа истражување е дека многу училишта не воделе никаква евиденција за додатната настава, како една од причините за овој недостаток е дека поголемиот број на училиштата додатната настава ја гледале како продолжување на редовната настава во која најзастапен бил фронталниот облик на работа.

За додатната настава истражувала и авторката Б.Ѓорѓевиќ (1979) која работела на едногодишен експеримент со учениците од IV и VII одделение во основните училишта од град и село (392 ученика во експериментална и 439 во контролна група). За откривање на надарените ученици биле користени тестови за општи способности, тестови за творечко мислење и анкети. Експериментот бил изведен на тој начин што секое одделение и средина биле застапени со по две одделенија.

[24] Muzić,V.,Aranjoš,E.(1962).Dodatni odgojno-obrazovni rad u osnovnoj školi.Zagreb, str.6

Во истражувањето се испитувала додатната настава по предметите биологија, историја и познавање на природата и општеството како и редовната настава по предметите математика и српски јазик. Организацијата на додатната настава била разновидна и флексибилна. Додатната настава во основните училишта по својот карактер се разликувала од редовната настава по содржините и начинот на работа. Во поглед на содржините таа претставувала обогатување и продлабочување на различни содржини, проблеми, прашања, теми кои биле врзани за редовните програми. Начинот на работа во додатната настава се разликувал од начинот на работа во редовната настава. Во додатната настава учениците биле слободни во изборот на наставно-научните предмети, односно во изборот на теми, проблеми и прашања. Учениците сами одлучувале дали ќе работат самостојно или во групи, но сепак поголем број од нив се одлчиле за самостојна работа. Во училиштата на село пак преовладувала работа во мали групи, кои на почетокот биле составени само од девојчиња или момчиња, а подоцна биле и мешовити. По изнесеното од страна на авторката резултатите кои се добиени се позитивни односно дека се проширени можностите во задоволувањето на потребите на учениците особено на учениците од село. Учениците во експерименталните одделенија од селските училишта повеќе напредувале во однос на контролните одделенија во селските училишта и на крајот од учебната година ги достигнале резултатите од контролните одделенија во градските училишта. Авторката заклучула дека експерименталната програма допридонела за подобрување на положбата на сите ученици и нивните меѓусебни односи.

Истражувања за додатната настава извршувал и Белградскиот и Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието во период од 1983 до 1990 година. Во извештајот од истражувањето првите две години се зборувало за додатната настава. Ивештајот од 1985-1986 година (Rad vaspitno obrazovnih organizacija Beograda u školskoj 1984/1985 godini i na početku školske 1985/1986) ги содржел следниве резултати: додатната настава најчесто се организира за група ученици, а не за поединци или мал број на ученици; додатната настава ја има функцијата на проширување и продлабочување на знаења стекнати на часовите од редовната настава, натпреварите се многубројни, а наставниците не се мотивирани за работа, наставниците и учениците се преоптеретени.

Извештајот од 1987-1988 година (Rad vaspitno obrazovnih organizacija Beograda u školskoj 1987/1988 godini i na početku školske 1988/1989) ги содржел следниве резултати: дополнителна и додатна настава во поголем број училишта нередовно и недоволно се остварува поради објективни тешкотии-оптовареноста на учениците, недостаток на просторот и времето. Во училиштата во Белград големо место зазема додатната настава, ученички секции, клубови, спортски активности.

Извештајот од 1988-1989 година (Rad vaspitno obrazovnih organizacija Beograda u školskoj 1988/1989 godini i na početku školske 1989/1990) ги содржел следниве резултати: додатната настава се вреднува повеќе за разлика од другите облици на работа. Преку 90 % од училиштата имаат додатна настава, а околу 70 % е реализирана согласно планот за работа. Но материјалните тешкотии и недостатокот на простор ја оневозможуваат работата со надарените ученици како и нивното преоптоварување од редовната настава па немаат доволно време за вонаставните активности.

**Антун Розмариќ** (1980) извршил истражување во врска со проблемот на организацијата на додатната воспитно-образовна работа со учениците во основнотите училишта. Во истражувањето користел прашалник за наставници. Примерокот на истражувањето е со систематско одбројување на секое десето основно училиште во Р.Хрватска т.е. 94, од тие 54 училишта го потполниле прашалникот, при што дошол до следниве заклучоци:

-изборот на ученици се обавува на основа на претходни дефинирани услови и идентифицирани ученици кои задоволуваат утврдени услови за додатна воспитно-образовна работа,

-организацијата и спроведувањето на додатната воспитно-образовна работа ориентирана е повеќе на реализација на дадениот заеднички програм, а помалку на соработката на наставникот и ученикот на развивањето на ученикот преку додатно воспитно-образована програма и внимателно следење на неговиот напредок,

-сегашната организирана додатна настава не води сметка за програмот на професионалното информирање и професионалната ориентација.

Друго истражување посветено на додатната настава е вршено во основните училишта во Белград од страна на авторката **Снежана Мирков** (1995). Анкетирани биле ученици од V и VIII одделение и нивните наставници кои ги изведуваат часовите по додатната настава. Од испроведеното истражување 66% од наставниците и 77% од учениците многу малку биле задоволни од додатната настава. Како причини за таквото незадоволство биле недостаток на наставни средства, преоптертеност и незаинтересираност на учениците, недоволна ангажираност на наставниците и неинтересни содржини. Од наставниците, односно 55% од нив сметале дека со додатната настава не се опфатени сите надарени ученици, и тоа поради нивната преоптеретенос и незаинтересираност. Учениците на првото место ја ставаат незаинтересиораноста (52%), а потоа преоптеретеноста (27%). Поголемиот број на ученици односно 88% се истакнале дека додатната настава ја посетуваат поради тоа што го сакаат предметот по кој ја посетуваат додатната настава и сакаат да ги задоволат своите интереси. Во истражувањето е констатирано дека избор за учениците во додатната настава ја вршат предметните наставници (71%). Најзначајните цели на додатната настава по мислење на наставниците се: проширување и продлабочување на знаења (60%), развој и задоволување на интересите (31%), развој на способности, логичко и критичко мислење и креативност (22%), оспособување за самостојна работа (16%). На одговорите од наставниците половина од нив (54%) самостојно одлучуваат за облиците и методите (47%) кои ќе ги преминуваат на часовите по додатна настава.

**Душко Ачоски** (1989) истакнува едно свое истражување за состојбите во организацијата и реализацијата на додатната настава во основното воспитание и образование во Р.Македонија на популација од 40 основни училишта и тоа во 20 училишта од развиена градска средина, 10 од помали градски и приградски населби и 10 од селски населби. За оваа цел применил анкета. Според податоците добиени од анкетата додатната настава е организирана 80,64% од училиштата, меѓутоа, истакнува авторот дека овој податок треба да се прими со резерва, бидејќи според истите извори 40,25% од училиштата што организираат додатна настава ја организираат во рамките на слободните ученички активности или поточно додатната настава ја поистоветуваат со слободните ученички активности.

Други податоци на оваа истражување е и аспектот на критериуми за идентификација на надарените ученици и е презентирано дека во 32% од училиштата, единствен критериум во идентификацијата е мислењето на предметниот наставник, без примена на стандардизирани инструменти. Училишниот педагог-психолог учествува во идентификацијата само во 18% од училиштата каде што се прибираат податоци и од соучениците и родителите на учениците. Половина од училиштата односно 50% од нив немаат изградени критериуми и завземени ставови кон овој проблем. Најфрекфентен меѓу критериумите во идентификацијата на учениците е постигнатиот успех на ученикот во училиштето 80% од училиштата, потоа посебни способности на учениците во 72%, мислење на предметниот наставник во 48%, интересот на учениците во 40% и општи способности на ученикот во 32% од учениците.

**Снежана Адамчевска** (1989) има извршено истражување за учениците од основните училишта кои посетуваат додатна настава. Таа ги испитувала ставовите и мислењата на учениците со цел да ги открие мотивите и причините за нивно ангажирање во додатната настава, содржината на активностите во неа, ставовите за физиономијата и моделите на нејзиното организирање, идентификацијата на изворите на знаења и утврдување на мислењето на учениците во врска со нивниот успех и ангажирањето во додатната настава. За таа цел користела прашалник-скалер компониран од 10 прашања од затворен тип. За ова истражување користела популација од 196 ученици од предметна настава во 4 основни училишта во Скопје. Од испитувањето авторката добила резултати кои велат дека учениците имаат изграден систем од позитивни ставови во однос на сите испитувани ставови на додатната настава, како на пример, својата ангажираност учениците претежно ја означуваат како често, повремено и многу често посетување на часовите по додатна настава но има присутност и со значително понизок и најнизок степен на интензитет. Најголем дел од учениците, кои посетуваат додатна настава по истиот предмет биле ангажирани и претходната учебна година, а значителен број посетувале додатна настава по друг наставен предмет.

Од истакнатите истражувања кои се однесуваат на додатната настава може да се забележи дека таа се спроведува во основните училишта, но не ги задоволува потребите за проширување и продлабочување на знаењата на учениците. Таа се сфаќа како продолжување на редовната настава и во неа се опфатени голем број ученици. Исто така се потврдува незадоволство на сите субјекти во воспитно-образовниот систем. Наставниците се свесни што се очекува од нив во работата со надарените и талентираните ученици да ги поттикнуваат на стекнување знаења но исто така се и многу критични за тоа **што** и **како** работат. Суштинската цел на додатната настава е задоволување на потребите и интересите на секој ученик преку самостојна работа, добиените резултати на овие истражувања не ги задоволуваат овие потреби и претставува голем проблем бидејќи на учениците не им е дозволено активно и самостојно да доаѓаат до нови знаења. На додатната настава треба да и се посветува поголемо внимание и да не се занемарува нејзиниот карактер и нејзината суштинска цел која е насочена кон индивидуалните потреби на учениците.

II ДЕЛ

# Методологија на истражувањето

*1.Предмет на истражувањето*

*2.Значење на истражувањето*

*3. Основни поими содржани во проблемот на истражувањето*

*4.Цел и задачи на истражувањето*

*5.Хипотези*

*6.Варијабли во истражувањето*

*7.Методи, техники и инструменти на истражувањето*

*8.Примерок на истражувањето*

*9.Обработка на податоците*

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на оваа истражување е додатната настава која се реализира и организира, како што е познато и законски санкционирано, за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати, кои пројавуваат особена надареност и талентираност и кои со своите способности, потреби, динамика на развивање, интереси и степен на севкупна ангажираност покажуваат потреба за додатни учебни активности и воспитно-образовни задачи и содржини. Надарените ученици опфатени со оваа форма на работа, покрај тоа што ја следат редовната настава, дел од времето минуваат во продлабочување на нивните специфични интереси преку следење додатна настава. Овие ученици по многу свои особини се разликуваат од другите ученици и според многу автори тие покажуваат поголем интерес за одделни наставни области, спремни се целосно да се посветат на тие области, се интересираат за научни истражувања, поставуваат прашања и бараат нови патишта за изнаоѓање решенија. Токму тоа е и целта на оваа настава да ги стимулира и максимално да ги развива способностите на учениците во сообразност со нивните интереси и потреби за стекнување на пошироки знаења од областа што ги интересира и за која сакаат продлабочено да истражуваат. Суштинската цел на додатната настава е максимално да ги развива сознајните потенцијали на секој ученик кој е дел од неа, да рзвива активно мислење и самостојната работа. Додатната настава е насочена кон активно учествување на учениците во процесот на проширување и продлабочување на знаењата. Овие специјални часови ги реализираат наставниците, кои имаат продлабочени знаења од областа и се обучени за работа со надарени ученици. Наставникот при реализирање на тие часови придонесува за постигањата на одредени резултати во учењето, но исто така придонесува и за развивање на многубројни својства и облици на однесувањето на учениците. За да бидат ефекисани часовите по додатна настава неопходно е наставниците да бидат флексибилни, да покажат разбирање за потребите на учениците и да соработуваат со наставниците од редовната настава.

Наставникот треба да им дава на учениците можности за проширување на нивните знаења од одделени научни, техничко-технолошки и културни подрачја за кои покажуваат поголема способност и интерес, да им овозможи на учениците да се развиваат со свое сопствено темпо, да ги поттикнува на самостојност, критичност, да создава пријатна атмосфера во која ќе се изразува автономноста на индивидуалната надареност на секој ученик посебно. Наставникот при одржување на часовите по додатна настава треба да биде организатор на воспитно-образовниот процес, аналитичар на сопствената и ученичката работа, градител на соработнички однос меѓу него и учениците, креатор на создавање на ученички способности, иницијатор, истражувач, инструктор и ментор. Функциите кои треба да ги спроведува наставникот на часовите по додатна настава како што може да се забележи се многубројни и доколку наставникот се придржува кон нив ќе има успех во напредувањето на учениците во нивните знаења а исто така и поголема желба и мотив кон посета на часовите кои се наменети за додатна настава.

Претпоставките за успешната работа со надарените ученици на часовите по додатна настава се адекватен избор на содржини, проблеми и прашања од научни и наставни области кои ќе овозможат поширока, поинтезивна и продлабочена работа, избор на методи, постапки, средства, извори кои на учениците ќе им овозможат неопходни проучувања, можност за различно групирање во работата (индивидуална форма на работа, работа во групи, тимска работа), слободен избор на подрачја, содржини и начини на работа.

Додатната настава и покрај тоа што е Законски регулирана, искуството покажува дека оваа форма на работа со надарените и талентираните ученици недоволно се остварува во нашите основни училишта. Кои се причините што ја условуваат таквата состојба, е основното прашање во врска со организација и реализација на додатната настава во основните училишта, што е предмет на ова истражување. Бидејќи додатната настава во основното образование е проблем кој не е многу истражуван во наши услови, со ова истражување ќе се настојува да се проучат неколку значајни прашања и тоа: *дали часовите за додатна настава редовно се реализираат во училиштето, дали наставниците прават анкети со учениците за избор за додатна настава,*

*дали наставниците применуваат посебни инструменти за следење на постигањата на учениците кои се опфатени во додатната настава, дали наставниот материјал кој се користи за додатната настава ги задоволува потребите и интересите на учениците, како и откривање на причините кои ја оневозможуваат и отежнуваат организацијата и реализацијата на додатната настава.* Ова се дел од прашањата што ќе бидат проучувани врз основа на податоци што ќе бидат добиени од анкетирање на наставниците, учениците и родителите на учениците што посетувааат додатна настава.

## 2.Значење на истражувањето

Додатната настава во основното образование е законски санкционирана и е од големо значење за развојот и напредокот на надарените и талентираните ученици. Од поголемиот број на различни сознанија може да се констатира дека додатната настава недоволно се реализира во основните училишта или пак доколку се реализира проследена е со голем број на недостатоци. Поради тоа, оваа истражување е насочено кон организацијата на додатната настава како и начинот на кој таа се реализира во основните училишта.

Од добиените резултати на оваа истражување ќе добиеме целосна слика за организација и реализација на додатната настава како и сите предности и недостатоци при нејзиното реализирање во централните основни училишта од Куманово. Врз основа на ова истражување може да се увиди дали наставниците се запознаени дека постојат дополнувања за додатната настава во Законот за основно образование, да се увиди дали за додатната настава има посебна програма на ниво на годишна програма, дали се одржува час за додатна настава, колку часа во неделата се одржуваат за додатната настава, дали се прави анкета со ученици за избор за додатна настава според нивните предзнаења, дали наставниците располагаат со посебни инструменти за следење на предзнаењата на учениците, да се увиди што недостига во реализација на додатната настава.

Врз основа на добиените резултати од ова истражување, ќе може да се бараат соодветни решенија и да се превземат мерки за отсранување на недостатоците на додатната настава. Со тоа се овозможува соодветна примена на додатната настава во основните училишта која им отвора пат на надаренити и талентираните ученици за продлабочен развој на нивните интереси и согледувања и понатамошно напредување во животот.

## 3.Основните поими содржани во предметот на истражувањето

Во предметот на ова истражување се опфатени следниве основни поими: *додатна настава, надарени ученици и основно образование.*

**Додатна настава.** Овој поим детално е разработен во теоретскиот дел од трудов, каде што се дадени повеќе дефиниции од различни автори. Но, сепак и сега ќе го спомeнеме значењето на додатната настава преку следнава дефиниција која гласи: "Додатна настава се организира за ученици кои покажуваат значителни резултати по одделни наставни предмети"[25]. Додатната настава со својата суштина и функција претставува организирана грижа и работа со надарени ученици што се одвива надвор од редовната настава и под определени програмски, кадровски и организациски услови. Додатната настава е предвидена за надарени ученици, за оние кои покажуваат изразити способности за одделни научно-наставни дисциплини и области, како и посебни потреби, склоности и интереси. Додатната настава правно е регулирана со Закон за основно воспитание и образование и е задолжителна од II до IX одделение со по еден час неделно за нејзино организирање и реализирање.

**Надарени ученици.** За поимот **надарен** постојат повеќе содржински определби застапени во педагошката и психолошката литература и речиси секој автор чија активност е насочена кон оваа проблематика нуди своја дефиниција. Ако се направи анализа на неколку дефиниции ќе може да се констатира не само дека постојат различни сфаќања на суштината на овој поим, туку и разновидност на термините што се употребуваат, како што се: натпросечен, даровит, креативен, талентиран и други. Во литературата честопати тие се користат со слично а понекогаш и со различно значење. За да се стекне подобар увид за присутноста на разновидните дефиниции, определби на надареноста, ќе наведеме неколку од дефинициите кои често се среќаваат во педагошката и психолошката литература.

[25] Закон за изменување и дополнување на законот за основно образование,Службен весник на Р.М,2011,бр.18

**И.Корен (1971)** надареноста ја дефинира на следниот начин,, *Поимот надареност е своевиден збир на особини кои му овозможуваат на поединецот на продуктивен или репродуктивен начин, да постигнува доследно забележливо натпросечен успех во една или повеќе области на човечките дејности, а е условена од висок степен на развиток на одделени способности, односно од нивните композиции и од поволна внатрешна и надворешна стимулација,,.*[26]

Според **Л.Терман (1964),** *талентирано или надарено дете е она кое постигнува значајни достигнувања во некоја активност во нешто. Тука треба да се вклучат не само интелектуално надарените деца, туку и оние кои ветуваат во музиката, графичките уметности, творечкото пишување, драмските уметности и механичките способности,,*[27]

**Ј.Ѓорѓевиќ (1997)** смета дека *надарени и талентирани деца се тие кои покажуваат високи постигнувања благодарение на своите вонредни способности во некоја од следниве области: општа интелектуална способност, специфична академска способност, креативно или продуктивно мислење, способност за водство, визуелна и друга способност.*[28]

**Основното училиште.** Основното училиште е општествено-педагошка институција од посебен општествен интерес, во која се остварува основното воспитание и образование на сите деца од нашата земја. Основното образование трае девет години и задолжително за сите деца по правило од 6 до 15 години. Задолжителноот основно образование опфаќа:

-подготвителна година

-четири години одделенска настава

-четири години предметна настава.

[26] Koren,I.(1971).Eksperimentalni doprinos metodici sistematskog identificiranja nadarene omladine.Republički zavod za zaposljavanje.Zagreb,str.10
[27] Đorđevič,B. (1979).Individualizacija vaspitanja darovitih.Prosveta.Beograd,str.34
[28] Đorđevič,J.(1997).Nastava i učenje u savremenoj školi.Učiteljski fakultet.Beograd,str.583

Целта на основното образование и воспитание е да им овозможи на учениците индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики, да усвојуваат знаења и умеења за природата, општеството и човекот да се оспособуваат за нивна примена во животот и натамошното образование. Основна задача на основното училиште е учениците во него да стекнат основно општо воспитание и образование преку примена на разновидни методи и форми на наставна и воспитна работа и да му овозможи на секој ученик, во текот на школувањето, да ги открие и развие своите индивидуални способности и интереси.

## 4.Цел и задачи на истражувањето

Целта на ова истражување е да се согледа како се организира и реализира додатната настава во основното училиште и кои слабости постојат при нејзиното реализирање.

Во врска со целта на оваа истражување се поставени следниве задачи:

*1. Да се испита дали додатна настава е доволно застапена во годишната програма за работа на училиштето.*

*2. Да се согледа дали додатна настава е доволно застапена на ниво на годишна програма на паралелката.*

*3. Да се провери дали има предвидено посебен час на додатна настава во распоредот за часови на ниво на седмицата.*

*4. Да се утврди дали во училиштето наставниците практикуваат анкета со ученици за избор за додатна настава според нивните интереси и способности.*

*5. Да се согледа дали наставниците применуваат различни инструменти за следење на постигањата на учениците кои се опфатени во додатната настава.*

*6. Да се испита дали учениците покажуваат интерес за доброволно посетување на часови по додатна настава.*

*7. Да се испита дали учениците се задоволни од редовноста на реализацијата на часовите по додатна настава.*

*8. Да се испита дали наставниот материјал кој се користи за додатната настава одговара на индивидуалните способности на учениците.*

*9. Да се согледа дали наставниците, учениците и родителите се задоволни од организацијата и реализацијата на додатнатса настава.*

## 5.Хипотези

Основна, генерална хипотеза во ова истажување е дека: Додатната настава во основните училишта се организира и реализира според актуелниот наставен план и програма и дека при нејзината реализација постојат определени слабости.

**-Помошни хипотези**

*1. Наставниците сметаат дека додатната настава е доволно застапена во годишната програма за работа на училиштето.*

*2. Наставниците сметаат дека додатната настава е доволно застапена на ниво на годишна програма на паралелката.*

*3. Наставниците позитивно го оценуваат постоењето на посебен час за додатна настава во распоредот на часови.*

*4. Наставниците во доволна мера практикуваат анкета со ученици за избор за додатна настава.*

*5. Наставниците применуваат соодветни инструменти за следење на постигањата на учениците кои се опфатени во додатната настава.*

*6. Учениците покажуваат интерес за доброволно посетување на часовите по додатна настава.*

*7. Учениците се задоволни од редовноста на реализацијата на часовите по додатна настава.*

*8. Наставниците и учениците сметаат дека наставниот материјал кој се користи за додатната настава одговара на индивидуалните способности на учениците.*

*9. Наставниците, учениците и родителите не се во потполност задоволни од организацијата и реализацијата на додатната настава.*

## 6.Варијабли во истражувањето

Зависни варијабли во ова истражување се ставовите и мислењето на наставниците, учениците и родителите во врска со додатната настава во основните училишта и тоа во однос на следниве суштествени аспекти: постоење на посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на годишна програма за работа на училиштето, постоење на посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на годишна програма на паралелката, постоење на час за додадтна настава во распоредот на часови на ниво на седмица, изборот на додатна настава, примена на различни инструменти за следење на напредокот на учениците, доброволна посетеност на додатната настава од страна на учениците, редовно реализација на додатната настава, користење на наставен материјал кој одговара на индивидуалните способности на учениците, одржување на родителски состаноци и водење дискусија за услови во кои се реализира додатната настава, како и постоење на причини кои ја отежнуваат организацијата и реализацијата на додатната настава.

Независни варијабли се определни фактори за кои се смета дека имаат влијание врз формирањето на ставовите и мислењето на испитаните субјекти. Статус на независни варијабли во ова истражување имаат:

-Посебни категории на испитуваните субјекти: наставниците во основните училишта, учениците во основните училишта и родителите на учениците од основните училишта.

-Определени карактеристики на испитуваните наставници, според видот на натавната работа во основното училиште - одделенски и предметни наставници.

-Определени карактеристики на испитуваните ученици, според видот на наставата која ја посетуваат - одделенска или предметна настава.

- Определени карактеристики на испитуваните родители, според видот на наставата која ја посетуваат нивните деца - одделенска или предметна настава.

## 7. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во истражувањето доминира дескриптивна метода, што значи се врши анализа, компарација, генерализација.

Применета е техника на анкетирање со цел да се дознаат ставовите и мислењата на наставниците и родителите за одделни прашања во врска со успехот на учениците што всушност е и предмет на ова истражување. При анкетирањето се користат три прашалника. Едниот прашалник го пополнуваат наставниците од одделенска и предметна настава, вториот прашалник го пополнуваат учениците од одделенска и предметна настава и третиот прашалник го пополнуваат родителите на учениците од одделенска и предметна настава.

**Техника: *Анкета за наставник*- инструмент: *Анкетен лист***

-Анкетата за наставниците содржи 21 прашања од отворен, затворен тип, прашања од комбиниран и алтернативен карактер, како и прашања со тврдења. Прашањата се поврзани за додатната настава, за нејзиното одржување, за условите во кои се реализира, за методите и облиците на работа што се користат, за користење на инструментите за следење на напредокот на учениците, да се увиди дали наставниците ги поттикнуваат учениците на самостојна и истражувачка работа, како и за причините кои ја отежнуваат рализацијата на додатната настава и сл.

**Техника: *Анкета за ученици*-инструмент: *Анкетен лист***

Анкетата за учениците содржи 18 прашања од отворен, затворен тип, прашања од комбиниран и селективен карактер, како и прашања со тврдења. Прашањата се од типот: по кој наставен предмет посетуваат часови по додатна настава, дали се поттикнати од наставникот за самостојна работа, кога се реализира часот по додатна настава, по колку часа неделно посетуваат додатна настава, на што ги поттикнува и оспособува наставникот на часовите по додатна настава, што им недостига на часовите по додатна настава и што предлагаат да се превземе да се подобрат условите за реализација на додатната настава.

**Техника:** ***Анкета за родители*-** **инструмент:** ***Анкетен лист***

-Анкетата за родителите содржи 16 прашања од отворен, затворен тип, прашања со алтернативен,селективен и комбиниран карактер, како и прашања со тврдења. Прашања се од типот: дали сметаат дека условите со кои располага училиштето влијаат врз напредокот на нивното дете и реализацијата на додатната настава, колку часа неделно посетува нивното дете додатна настава, дали нивните деца се задоволни од начинот на реализација на додатната настава, какви треба да бидат личните карактеристики на наставниците кои реализираат додатна настава, на што треба да ги поттикнуваат и оспособуваат наставниците учениците кои посетуваат додатна настава, дали на родителските средби наставниците дискутираат за условите во кои се реализира додатната настава, што предлагаат за да се подобрат условите за реализација на додатната настава и слично.

## 8.Примерок на истражувањето

Истражувањето е извршено во 6 централни училишта од Куманово и се испитани вкупно 120 наставници, 120 ученици, 120 родители, што значи дека во секое училиште се испитани по 20 наставници (10 од одделенска и 10 од предметна настава), 20 ученици (10 ученици од одделенска и 10 ученици од предметна настава) коишто се вклучени во реализацијата на додатната настава по различни наставни предмети во секое училиште и 20 родители (10 родители на ученици од одделенска и 10 родители на ученици од предметна настава) .

Со ова истражување се опфатени следниве основни училишта:

**1.О.У "Браќа Миладиновци"-Куманово**

**2.О.У."Крсте Петков Мисирков"-Куманово**

**3.О.У "Кочо Рацин"-Куманово**

**4.О.У "11-ти Октомври"-Куманово**

**5.О.У "Вук Караџиќ"-Куманово**

**6.О.У "Христијан Тодоровски Карпош"-Куманово**

## 9.Обработка на податоци

Добиените податоци од анкетните прашалници на наставниците, учениците и родителите компјутерски се обработени во програмата EXSEL. Потоа е извршена квантитативна обработка со дескрипција, статистика и резултатите се прикажани бројчано, процентуално, табеларно и графички.

## III ДЕЛ

## *Резултати од истражувањето и нивна интерпретација*

*1.Презентација и анализа на резултатите од прашалникот за наставниците*

*2.Презентација и анализа на резултатите од прашалникот за учениците*

*3.Презентација и анализа на резултатите од прачалникот за родителите*

## 1.Презентација и анализа на резултатите од прашалникот за наставници

Добиените податоци од прашалникот се презентирани и анализирани , зависно од тоа како одговориле одделенските и предметните наставници. Тие се презентирани и анализирани според редоследот на прашањата од анкетниот лист.

-Со анкетирањето беа опфатени вкупно **120** наставници од шест основните училишта во Куманово.

Структурата на примерокот ја сочинуваат:

**Табела бр.1 Структура на примерокот на наставниците**

| Пол | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % |
| **Машки** | 1 | 1,67 | 22 | 36,67 | 23 | 19,17 |
| **Женски** | 59 | 91,33 | 38 | 63,33 | 97 | 80,83 |
| **Вкупно** | **60** | 100,00 | **60** | 100,00 | **120** | 100,00 |

**1**.На прашањето, дали изготвуваат посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма во училиштето, се добиени следните одговори, кои се табеларно и со графикони прикажани:

**Табела бр.2 Одговори на наставниците во однос на изготвување на посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма на училиштето**

| Категории на одговои | Одделенски Наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | F | % |
| **Да** | 48 | 80,00 | 54 | 90,00 | 102 | 85,00 |
| **Не** | 3 | 5,00 | 4 | 6,67 | 7 | 5,83 |
| **Не знам** | 9 | 15,00 | 2 | 3,33 | 11 | 9.17 |
| **Вкупно** | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.1 Одговори на наставниците во однос на изготвување на посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма на училиштето**

Може да се забележи дека на ова прашање одделенските и предметните наставници дале приближно исти одговори. Добиените податоци дозволуваат да се констатира дека 85,00% од училиштата изготвуваат посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма на училиштето.

**2.**На прашањето, дали изготвуваат посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма на паралелката, се добиени следните резултати:

**Табела бр.3 Одговори на наставниците во однос на изготвување на посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма на паралелката**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 38 | 63,33 | 24 | 40,00 | 62 | 51,67 |
| Не | 18 | 30,00 | 31 | 51,67 | 49 | 40,83 |
| Не знам | 4 | 6,67 | 5 | 8,33 | 9 | 7,50 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.2 Одговори на наставниците во однос на изготвување на посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма на паралелката**

Според добиените податоци може да се забележи дека постои разлика меѓу добиените одговори на наставниците од одделенска и предметна настава, од одделенските наставници 63,33 % изготвуваат ваква програма, 30,00 % не изготвуваат, додека пак од предметните наставници 40,00% изготвуваат , 51,57 % не изготвуваат што може да се констатира дека во врска со оваа прашање одделенските наставници се во поголема предност од предметните наставници. Но сепак кога ќе се анализира вкупниот број на одделенските и предметните наставници добиениот резултат е дека 51,67% изготвувааат ваква програма што покажува дека голем процент од наставниците не ја извршуваат својата обврска за изготвување на посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма на паралелката.

**3.** На прашањето, дали имаат предвидено час за додатна настава во распоредот на часови на ниво на седмица, ги добивме следниве одговори:

**Табела бр.4 Одговори на наставниците во однос на тоа, дали предвидуваат час за додатна настава во распоредот на часови на ниво на седмица**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 51 | 85,00 | 42 | 70,00 | 93 | 77,50 |
| Не | 6 | 10,00 | 8 | 13,33 | 14 | 11,67 |
| Не знам | 3 | 5,00 | 10 | 16,67 | 13 | 10,83 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.3 Одговори на наставниците во однос на предвиден час за додатна настава во распоредот на часови на ниво на седмица**

Од добиените податоци може да се забележи дека 77,50 % од вкупниот број на одделенските и предметните наставници одговориле дека имаат предвидено час за додатна настава во распоредот на часови на ниво на седмица, што претставува позитивен резултат, и може да се забележи дека одделенските и предметните наставници во врска со оваа прашање имаат приближно исти одговори.

4. На прашањето, дали се запознаени со новите измени во Законот за основно образование дека секој наставник е должен да им ја понуди додатната настава на учениците, а тие сами да одлучат дали ќе ја посетуваат, добиени се следните резултати:

**Табела бр.5 Одговори на наставниците во однос на тоа дали се запознаени со новите измени во Законот за основно образование, дека секој наставник е должен да им ја понуди додатната настава на учениците, а тие сами да одлучат дали ќе ја посетуваат**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 39 | 65,00 | 43 | 71,67 | 82 | 68,33 |
| Не | 16 | 26,67 | 13 | 21,67 | 29 | 24,17 |
| Не знам | 5 | 8,33 | 4 | 6,67 | 9 | 7,50 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.4 Одговори на наставниците во однос на тоа дали се запознаени со новите измени во Законот за основно образование, дека секој наставник е должен да им ја понуди додатната настава на учениците, а тие сами да одлучат дали ќе ја посетуваат**

Од добиените податоци може да се забележи дека 65,00 % од одделенските и 71,67 % од предметните наставници се запознаени со измените за додатна настава во Законот за основно образование, што може да се констатира дека поголемиот број од наставниците се запознаени со овие измени во Законот за основно образование. Од вкупниот број на наставниците 24,17% одговориле со **не** и 7,50% одговориле со **не знам,** што како податок покажува дека една третина од наставниците не ги следат законските обврски што се однесуваат на нивната работа.

**5.** На прашањето, дали се запознаени со новите измени во Законот за основно образование дека доколку неоправдано не ги одржуваат часовите по додатна настава против нив ќе биде поведена постапка за дисциплински престап, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.6 Одговори на наставниците во однос на тоа дали се запознаени со новите измени во Законот за основно образование дека доколку неоправдано не ги одржуваат часовите по додатна настава против нив ќе биде поведена постапка за дисциплински престап**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 48 | 80,00 | 33 | 55,00 | 81 | 67,50 |
| Не | 10 | 16,67 | 23 | 38,33 | 33 | 27,50 |
| Не знам | 2 | 3,33 | 4 | 6,67 | 6 | 5,00 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.5 Одговори на наставниците во однос на тоа дали се запознаени со новите измени во Законот за основно образование дека доколку неоправдано не ги одржуваат часовите по додатна настава против нив ќе биде поведена постапка за дисциплински престап**

Од добиените одговори на одделенските наставници може да се забележи дека 80,00% од нив се запознаени со овие измени за додатната настава во Законот за основно образование, 16,67% од нив не се запознаени со овие измени, додека пак од предметните наставници 55,00% се запознаени со овие измени 38,33% не се запознаени, според овие податоци може да се констатира дека бројот на одделенските наставници е поголем за разлика од предметните наставници во врска со оваа прашање.

6. На прашањето, дали наставниците редовно ги реализираат часовите по додатна настава, беа понудени следниве категории на одговори:

а.Секогаш ги реализирам во ист ден и во исто време

б.Понекогаш ги реализирам во ист ден и во исто време

в.Никогаш не ги реализирам во определен ден, туку кога сум слободен/а

Резултатите се претставени табеларно

**Табела бр.7 Одговори на наставниците за тоа, дали редовно ги реализираат часовите по додатна настава**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 41 | 68,33 | 13 | 21,67 | 54 | 45,00 |
| б. | 13 | 21,67 | 16 | 26,67 | 29 | 24,17 |
| в. | 6 | 10,00 | 31 | 51,67 | 37 | 30,83 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

Од добиените одговори на одделенските наставници може да се забележи дека 68,33% часовите по додатна настава ги реализираат во ист ден и во исто време, додека пак од добиените одговори на предметните наставници може да се забележи дека 51,67% часовите по додатна настава никогаш не ги реализираат во определен ден туку кога се слободни. Од овие одговори од наставниците може да се констатира дека одделенските наставници се во голема предност, бидејќи секогаш го реализираат часот по додатна настава во ист ден и исто време, а тоа покажува дека се одговорни и водат грижа за надарените ученици кои ги посетуваат овие часови, за разлика од предметните наставници каде се доби незадоволителен резултат, само 21,67% од нив го реализираат часот за додатна настава секогаш во ист ден и исто време.

**7.** На прашањето, кога ги реализираат часовите по додатна настава, се понудени следниве категории на одговори:

а.Пред почетокот на редовната настава

б.Веднаш по завршувањето на редовната настава

в.За време на викенд

г.Во договор со учениците

Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.8 Одговори на наставниците за тоа, кога ги реализирааат часовите по додатна настава**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 3 | 5,00 | 13 | 21,67 | 16 | 13,33 |
| б. | 55 | 91,67 | 28 | 46,67 | 83 | 69,17 |
| в. | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| г. | 2 | 3,33 | 19 | 31,67 | 21 | 17,50 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

Од добиените резултати може да се забележи дека 91,67% од одделенските наставници часовите по додатна настава ги реализираат веднаш по завршувањето на редовната настава, 5,00% пред почетокот на редовната настава и 3,33% во договор со учениците, додека пак од предметните наставници 46,67% часовите ги одржуваат веднаш по завршувањето на редовната настава, 31,67% во договор со учениците и 21,67% пред почетокот на редовната настава. Од вкупниот број на наставниците може да се забележи дека 69,17% ги одржуваат часовите по додатна настава веднаш по завршувањето на редовната настава, 17.50% во договор со учениците, 13,33% пред почетокот на редовната настава и 0.00% за време на викенд. Од ова анализа на податоците може да се констатира дека часовите по додатна настава најчесто се одржуваат веднаш по завршувањето на редовната настава кога учениците се уморни од големиот број на часови, не се мотивирани и неможат активно да работат на часовите по додатна настава.

**8.** На прашањето, каде ги одржуваат часовите по додатна настава беа понудени следниве категории на одговори:

а.Кабинет соодветен за предметот по кој се изведува додатната настава

б.Во било која слободна училница

в.Во Вашата училница

г.Во некоја друга просторија од училиштето (канцеларија,мала сала и сл.)

Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.9 Одговори на наставниците за тоа, каде ги одржуваат часовите по додатна настава**

| **Категории на одговори** | **Одделенски наставници** | | **Предметни наставници** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **а.** | 0 | 0,00 | 37 | 61,67 | 37 | 30,83 |
| **б.** | 0 | 0,00 | 23 | 38,33 | 23 | 19,17 |
| **в.** | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 60 | 50,00 |
| **г.** | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| **Вкупно** | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

Од добиените резултати на ова прашање може да се забележи дека сите испитани наставници од одделенска настава одговориле дека часовите по додатна настава ги одржуваат во својата училница, за разлика од нив 38,33% од наставниците по предметна настава одговориле дека часовите по додатна настава ги одржуваат во било која слободна училница и 61,67% во кабинет соодветен за предметот по кој се изведува додатната настава.

9. На прашањето, колку часа неделно одржуваат додатна настава, беа понудени следниве категории на одговори:

а.Еден час

б.Два часа

в.Понекогаш еден, понекогаш два часа

г.Друго (Ве молам дадете објаснување)

Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.10 Одговори на наставниците за тоа, колку часа неделно одржуваат додатна настава**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 44 | 73,33 | 34 | 56,67 | 78 | 65,00 |
| б. | 3 | 5,00 | 5 | 8,33 | 8 | 6,67 |
| в. | 13 | 21,67 | 12 | 20,00 | 25 | 20,83 |
| г. | 0 | 0,00 | 9 | 15,00 | 9 | 7,50 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

Од добиените резултати може да се забележи дека 73,33% од одделенските наставници одржуваат по еден час неделно час за додатна настава, 21,67% од нив понекош еден понекогаш два часа неделно и 5,00% по два часа неделно, додека пак од предметните наставници 56,67% одржуваат неделно по еден час за додатна настава, 20,00% понекогаш еден, понекогаш два часа, 8,33% по два часа неделно, 15,00 % од нив одговориле:

- во зависност од слободното време на учениците, каде одговориле 3 предметни наставника ( 5%)
- еднаш месечно, каде одговориле 6 предметни наставника (10 %).

Од одговорите на ова прашање може да се констатира дека неделно наставниците реализираат по еден час за додатна настава.

**10.** На десетото прашање во прашалникот за наставниците, се наоѓаше табела со тврдења за подобрување на квалитетот на додатната настава. Тврдењата беа поставени по овој редослед:

10.1 Наставниците кои реализираат додатна настава треба стручно да се усовршуваат

10.2 Во училиштето треба да се спроведува квалитетно планирање и организирање на додатната настава

10.3 Наставникот треба да ги информира родителите и учениците за тоа што и како ќе учат на часовите по додатна настава

10.4 Учениците треба да се вклучат во процесот на планирање, организирање и реализирање на додатната настава

10.5 Отворено и стручно треба да се расправа за проблемите околу организацијата и реализацијата на додатната настава

Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.11 Мислење на наставниците во однос на понудените тврдења за подобрување на квалитетот на додатната настава**

| Тврдења | Потполно се согласувам | | | | Главно се согласувам | | | | Воопшто не се согласувам | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | |
| 10.1 | 23 | 38,33 | 25 | 41,67 | 36 | 60,00 | 29 | 48,33 | 1 | 1,67 | 6 | 10,00 | 120 |
| 10.2 | 57 | 95,00 | 55 | 91,67 | 3 | 5,00 | 5 | 8,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| 10.3 | 51 | 85,00 | 47 | 78,33 | 6 | 10,00 | 8 | 13,33 | 3 | 5,00 | 5 | 8,33 | 120 |
| 10.4 | 22 | 36,67 | 47 | 78,33 | 25 | 41,67 | 2 | 3,33 | 13 | 21,67 | 11 | 18,33 | 120 |
| 10.5 | 58 | 96,67 | 56 | 93,33 | 2 | 3,33 | 4 | 6,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

**Табела бр.12 Мислење на наставниците во однос на понудените тврдења за подобрување на квалитетот на додатната настава**

| Тврдења | Потполно се согласувам | | Главно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| 10.1 | 48 | 40,00 | 65 | 54,17 | 7 | 5,83 | 120 |
| 10.2 | 112 | 93,33 | 8 | 6,67 | 0 | 0,00 | 120 |
| 10.3 | 98 | 81,67 | 14 | 11,67 | 8 | 6,67 | 120 |
| 10.4 | 69 | 57,50 | 27 | 22,50 | 24 | 20,00 | 120 |
| 10.5 | 114 | 95,00 | 6 | 5,00 | 0 | 0,00 | 120 |

Од изнесените податоци може да се заклучи дека најголем процент 95,00% од вкупниот број на наставниците потполно се согласуваат дека отворено и стручно треба да се расправа за проблемите околу организацијата и реализацијата на додатната настава, додека пак 5,83% од наставниците воопшто не се согласуваат за оваа тврдење, 93,33% од вкупниот број на наставниците потполно се согласуваат дека во училиштето треба да се спроведува кавалитено планирање и организирање на додатната настава, 81,67% од нив потполно се согласуваат дека наставникот треба да ги информира родителите и учениците за тоа што и како ќе учат на часовите по додатна настава, додека пак 6,67% воопшто не се согласуваат во врска со оваа тврдење, 57,50% потполно се согласуваат дека учениците треба да се вклучат во процесот на планирање, организирање и реализирање на додатната настава, додека пак 20,00% од нив воопшто не се согласуваат со оваа тврдење и 40,00% од нив потполно се согласуваат дека наставниците кои реализираат додатна настава треба стручно да се усовршуваат. Од добиените резултати може да се констатира дека одделенските и предметните наставници имаат приближно исто мислење во врска со дадените тврдења.

**11.** Во прашалникот за наставници на прашањето, на кој начин го вршат изборот на учениците за додатна настава, беа понудени следниве категории на одговори:

а. Избор на ученици за додатна настава го вршам преку анкети

б. Изборот на учениците го вршам сам како наставник без ничија консултација

в. Учениците сами се определуваат по сопствена желба

г. Изборот на учениците го вршам по барање на родителите на учениците

д. Друго ( Ве молам дадете објаснување)

Добиени се следниве резултати:

**Табела бр.13 Одговори на наставниците за тоа, на кој начин го вршат изборот на учениците за додатна настава**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 6 | 10,00 | 18 | 30,00 | 24 | 20,00 |
| б. | 22 | 36,67 | 6 | 10,00 | 28 | 23,33 |
| в. | 32 | 53,33 | 26 | 43,33 | 58 | 48,33 |
| г. | 0 | 0,00 | 6 | 10,00 | 6 | 5,00 |
| д. | 0 | 0,00 | 4 | 6,67 | 4 | 3,33 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

Од добиените резултати може да се забележи дека најголем процент односно 48,33% од наставниците одговориле дека учениците сами се определуваат за посета на часовите по додатна настава, 23,33% од наставниците одговориле дека тие сами без ничија консултација ги избираат учениците за додатна настава, 20,00% од наставниците изборот го вршат преку анкети, 5,00% од наставниците изборот на учениците го вршат по барање на родителите, додека пак 3,33% од наставниците одговориле дека изборот го вршат преку заедничка консултација со учениците.

Од добиените резултати може да се констатира дека најголем процент од учениците сами се определуваат за додатна настава.

**12.** Организација на часот по додатна настава беше дванаесетото прашање во прашалникот за наставниците, а беа понудени следниве одговори:

а.Часот се организира и осмислува по пат на индивидуални задачи и подготвени дидактички материјали и средства кои одговарат на индивидуалните способности на учениците

б. Часот се изведува класично: наставникот поставува задачи, учениците ги работат, а тој ги контролира

в. Часот е неподготвен и се одвива по желба на наставникот

г. Часот е неподготвен и се одвива по желба на учениците

Добиени се следниве резултати:

**Табела бр.14 Одговори на наставниците во врска со организацијата на часовите по додатна настава**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 49 | 81,67 | 12 | 20,00 | 61 | 50,83 |
| б. | 11 | 18,33 | 31 | 51,67 | 42 | 35,00 |
| в. | 0 | 0,00 | 14 | 23,33 | 14 | 11,67 |
| г. | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 | 3 | 2,50 |
| **Вкупно** | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека постои голема разлика во одговорите меѓу одделенските и предметните наставници во однос на организацијата на часот, 81,67% од одделенските наставници одговориле дека часот се организира и осмислува по пат на индивидуални задачи и подготвени дидактички материјали и средства кои одговараат на индивидуалните способности на учениците, додека пак 51,67% од предметните наставници одговориле дека часот се органзира класично, наставникот поставува задачи а учениците ги работат.

-На следниве 5 прашања во прашалникот наставниците требаше да дадат своја лична проценка, а за нив беа понудени три одговори: секогаш, понекогаш и никогаш. Резултатите се претставени табеларно, и за секое прашање се дадени по две табели. Во првите табели се изнесени одделно резултатите за одделенските и предметните наставници, а во вторите табели се изнесени резултатите за вкупниот број од наставниците.

**13.**Учениците при реализација на додатната настава ги поттикнуваат на:

**Табела бр.15 Мислење на наставниците за тоа, на што ги поттикнуваат учениците на часовите по додатна настава**

| Учениците при реализација на додатната настава ги поттикнувам на : | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | F | % |
| Самостојна работа | 32 | 53,33 | 46 | 76,67 | 23 | 38,33 | 11 | 18,33 | 5 | 8,33 | 3 | 5,00 | 120 | 100,00 |
| Активно учење | 22 | 36,67 | 41 | 68,33 | 34 | 56,67 | 14 | 23,33 | 4 | 6,67 | 5 | 8,33 | 120 | 100,00 |
| Критичко мислење | 7 | 11,67 | 49 | 81,67 | 29 | 48,33 | 4 | 6,67 | 24 | 40,00 | 7 | 11,67 | 120 | 100,00 |
| Истражувачка работа | 31 | 51,67 | 50 | 83,33 | 29 | 48,33 | 7 | 11,67 | 0 | 0,00 | 13 | 21,67 | 120 | 100,00 |

**Табела бр.16 Мислење на наставниците за тоа, на што ги поттикнуваат учениците на часовите по додатна настава**

| Учениците при реализација на додатната настава ги поттикнувам на: | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| Самостојна работа | 78 | 65,00 | 34 | 28,33 | 8 | 6,67 | 120 |
| Активно учење | 63 | 52,50 | 48 | 40,00 | 9 | 7,50 | 120 |
| Критичко мислење | 56 | 46,67 | 33 | 27,50 | 31 | 25,83 | 120 |
| Истражувачка работа | 81 | 67,50 | 36 | 30,00 | 3 | 2,50 | 120 |

Од наведените податоци може да се забележи следното: Од вкупно 120 наставника 78 наставника односно 65,00 % од нив секогаш ги поттикуваат учениците на самостојна работа, а само 6,67 % од нив никогаш не ги поттикнуват учениците на самостојна работа. Најголемиот број од наставниците односно 67,50 % од нив секогаш ги поттикнуваат учениците на истражувачка работа што претставува позитивен резултат, а само 2,50 % никогаш не ги поттикнуваат учениците на истражувачка работа. Од добиените резултати може да се констатира дека на часовите по додатна настава најголем процент од наставниците секогаш ги поттикнуваат учениците на истражувачка работа.

**14.**На часовите по додатна настава ги користат следниве облици на работа:

**Табела бр.17 Мислење на наставниците во однос на облиците на работа коишто ги користат на часовите по додатна настава**

| На часовите по додатна настава ги користам следниве облици на работа: | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | F |
| Групен облик | 22 | 36,67 | 31 | 51,67 | 34 | 56,67 | 14 | 23,33 | 4 | 6,67 | 15 | 25,00 | 120 |
| Индивидуален облик | 51 | 85,00 | 43 | 71,67 | 9 | 15,00 | 13 | 21,67 | 0 | 0,00 | 4 | 6,67 | 120 |
| Фронтален облик | 15 | 25,00 | 4 | 6,67 | 38 | 63,33 | 24 | 40,00 | 7 | 11,67 | 32 | 53,33 | 120 |
| Работа во парови | 28 | 46,67 | 26 | 43,33 | 21 | 35,00 | 27 | 45,00 | 11 | 18,33 | 7 | 11,67 | 120 |

**Табела бр.18 Мислење на наставниците во однос на облиците на работа коишто ги користат на часовите по додатна настава**

| На часовите по додатна настава ги користам следниве облици на работа: | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| Групен облик | 53 | 44,67 | 48 | 40,00 | 19 | 15,83 | 120 |
| Индивидуален облик | 94 | 78,33 | 22 | 18,33 | 4 | 3,33 | 120 |
| Фронтален облик | 19 | 15,83 | 62 | 51,67 | 39 | 32,50 | 120 |
| Работа во парови | 54 | 45,00 | 48 | 40,00 | 18 | 15,00 | 120 |

Од добиените податоци може да се заклучи дека 85,00% од одделенските наставници одговориле дека секогаш го користат индивидуалниот облик на работа, од предметните наставници 71,67% секогаш го користат индивидуалниот облик на работа, додека пак вкупно од одделенските и предметните наставници 78,33% секогаш го користат овој облик на работа. Фронталниот облик на работа е најмалку застапен 32,50% од наставниците одговориле дека никогаш не го користат овој облик на работа. Од добиените податоци може да се констатира дека индивидуалниот облик секогаш се користи на часовите по додатната настава, потоа работа во парови, групниот облик и најмалку фронталниот облик на работа.

**15.**На часовите по додатна настава ги користат следниве наставни средства:

15.1 Домашна и странска литература

15.2 Учебници прирачници, весници, лексикони

15.3 Слики, цртежи, хамери, карти, мапи

15.4 ЦД, видео, касети

15.5 Компјутер, образовен софтвер

15.6 Други наставни средства (наведи кои)

**Табела бр.19 Мислење на наставниците во однос на наставните средства коишто ги користат на часовите по додатна настава**

| На часовите по додатна настава ги користам следниве наставни средства: | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| 15.1 | 4 | 6,67 | 38 | 63,33 | 44 | 73,33 | 20 | 33,33 | 12 | 20,00 | 2 | 3,33 | 120 |
| 15.2 | 18 | 30,00 | 20 | 33,33 | 42 | 70,00 | 31 | 51,67 | 0 | 0,00 | 9 | 15,00 | 120 |
| 15.3 | 28 | 46,67 | 18 | 30,00 | 26 | 43,33 | 32 | 53,33 | 6 | 10,00 | 10 | 16,67 | 120 |
| 15.4 | 13 | 21,67 | 5 | 8,33 | 23 | 38,33 | 11 | 18,33 | 24 | 40,00 | 44 | 73,33 | 120 |
| 15.5 | 0 | 0,00 | 13 | 21,67 | 12 | 20,00 | 14 | 23,33 | 48 | 80,00 | 33 | 55,00 | 120 |
| 25.6 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

**Табела бр.20 Мислење на наставниците во однос на наставните средства коишто ги користат на часовите по додатна настава**

| На часовите по додатна настава ги користам следниве наставни средства: | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| Домашна и странска литература | 42 | 35,00 | 64 | 53,33 | 14 | 11,67 | 120 |
| Учебници, прирачници,весници,лексикони | 38 | 31,67 | 73 | 60,83 | 9 | 7,50 | 120 |
| Слики,цртежи,хамери,карти,мапи | 46 | 38,33 | 58 | 48,33 | 16 | 13,33 | 120 |
| Цд,видео,касети | 18 | 15,00 | 34 | 28,33 | 68 | 56,67 | 120 |
| Компјутер,образовен софтвер | 13 | 10,83 | 26 | 21,67 | 81 | 67,50 | 120 |
| Други наставни средства | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

Од добиените резултати може да се забележи дека 46,67% од одделенските наставници секогаш користат слики, цртежи, хамери, карти мапи, додека пак 63,33% од предметните наставници одговориле дека секогаш користат домашна и странска литература.

Од добиените податоци може да се заклучи дека 67,50% од вкупниот број на наставници при реализација на додатната настава никогаш не користат компјутер, образовен софтвер , 56,67% никогаш не користат цд, видео, касети. Од добиените резултати може да се констатира дека на часовите по додатна настава не се доволно користат разновидни наставни средства кои го прават часот поинтересен и кои овозможуваат на учениците да дојдат до нови сознанија преку нивна употреба.

**16.**На часовите по додатна настава учениците ги оспособуваат за:

16.1 Запомнување факти, поими, правила

16.2 Анализирање и заклучување

16.3 Вреднување, донесување на одлуки и мислења

**Табела бр.21 Мислење на наставниците во однос на тоа, за што ги оспособуваат учениците на часовите по додатна настава**

| На часовите по додатна настава учениците ги оспособувам за: | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| **16.1** | 21 | 35,00 | 18 | 30,00 | 19 | 31,67 | 14 | 23,33 | 20 | 33,33 | 28 | 46,67 | 120 |
| **16.2** | 23 | 38,33 | 49 | 81,67 | 28 | 46,67 | 3 | 5,00 | 9 | 15,00 | 8 | 13,33 | 120 |
| **16.3** | 22 | 36,67 | 41 | 68,33 | 31 | 51,67 | 14 | 23,33 | 7 | 11,67 | 5 | 8,33 | 120 |

**Табела бр.22 Мислење на наставниците во однос на тоа, за што ги оспособуваат учениците на часовите по додатна настава**

| На часовите по додатна настава учениците ги оспособувам на: | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| Запомнувањефакти,поими,правила | 39 | 32,50 | 33 | 27,50 | 48 | 40,00 | 120 |
| Анализирањеи заклучување | 72 | 60,00 | 31 | 25,83 | 17 | 14,17 | 120 |
| Вреднување,донесување на одлуки и мислења | 63 | 52,50 | 45 | 37,50 | 12 | 10,00 | 120 |

Од добиените резултати може да се забележи дека од вкупниот број на наставниците 60,00% од нив одговориле дека секогаш ги оспособуваат учениците на анализирање и заклучување, 52,50% секогаш ги оспособуваат учениците на вреднување, донесување одлуки и мислења и 32,50% секогаш ги оспособуваат учениците на запомнување факти, поими и правила. Од овие добиени резултати може да се констатира дека наставниците учениците ги оспособуваат на анализирање и заклучување, а најмалку на запомнување на факти и поими што претставува задоволителен податок.

**17.** Напредокот на учениците кои посетуваат додатна настава го следат преку:

**Табела бр.23 Одговори на наставниците за следење на напредокот на учениците кои посетуваат додатна настава**

| Напредокот на учениците кои посетуваат додатна настава го следите преку: | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Потфолио за секој ученик | 6 | 10,00 | 23 | 38,33 | 25 | 41,67 | 11 | 18,33 | 29 | 48,33 | 26 | 43,33 | 120 |
| Евидентни листови | 21 | 35,00 | 17 | 28,33 | 26 | 43,33 | 16 | 26,67 | 13 | 21,67 | 17 | 28,33 | 120 |
| Чек листи | 2 | 3,33 | 11 | 18,33 | 12 | 20,00 | 11 | 18,33 | 46 | 76,67 | 36 | 60,00 | 120 |
| Листи за следење | 9 | 15,00 | 19 | 31,67 | 29 | 48,33 | 24 | 40,00 | 22 | 36,67 | 17 | 28,33 | 120 |

**Табела бр.24 Одговори на наставниците за следење на напредокот на учениците кои посетуваат додатна настава**

| Напредокот на учениците кои посетуват додатна настава го следите преку: | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| Потфолио за секој ученик | 29 | 24,17 | 36 | 30,00 | 55 | 45,83 | 120 |
| Евидентни листови | 38 | 31,67 | 42 | 35,00 | 40 | 33,33 | 120 |
| Чек листи | 13 | 10,83 | 23 | 19,17 | 84 | 70,00 | 120 |
| Листи за следење | 28 | 23,33 | 53 | 44,17 | 39 | 32,50 | 120 |

Од добиените резултати може да се забележи дека 31,67% од вкупниот број на наставниците секогаш водат евидентни листови за учениците кои посетуваат додатна настава, додека пак 33,33% никогаш не водат евидентни листови, 70,00% од вкупниот број на наставниците одговориле дека никогаш не користат чек листи, 45,83% никогаш не водат потфолио за секој ученик, 32,50% никогаш не употребуваат листи за следење. Од добиените резултати може да се констатира дека наставниците не го следат доволно напредокот на учениците кои посетуваат додатна настава.

**18.** На прашањето, на кој начин најчесто ги информираат родителите за напредокот и постигањата на нивните деца што посетуваат додатна настава, беа понудени следниве категории на одговори:

а. Групни родителски средби

б. Индивидуални родителски средби

в. E-mail коресподенција

г. Телефонска комуникација

д. Друго (Ве молам дадете објаснување)

Наставниците на оваа прашање имаа можност да изберат повеќе од понудените одговори. Податоците добиени од оваа прашање се табеларно претставени.

**Табела бр.25 Одговори на наставниците во однос на тоа, на кој начин ги информираат родителите за напредокот на нивните деца кои посетуваат додатна настава**

| Категории на одговори | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 32 | 53,33 | 16 | 26,67 | 48 | 40,00 |
| б. | 42 | 70,00 | 51 | 85,00 | 93 | 77,50 |
| в. | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| г. | 9 | 15,00 | 3 | 5,00 | 12 | 10,00 |
| д. | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |

Од добиените резултати може да се забележи дека 70,00% од одделенските наставници одговориле дека родителите најчесто за напредокот на нивните деца ги известуваат преку индивидуални родителски средби, додека пак 85,00% од предметните наставници исто така најчесто ги известуваат родителите преку индивидуални родителски средби. Од добиените податоци може да се констатира дека наставниците најчесто родителите ги известуваат преку индивидуални родителски средби, преку групни родителски средби и мал процент преку телефонка комуникација, додека пак преку e-mail кореспонденција никогаш не ги известуваат.

**19.** На ова прашање во прашалникот за наставниците се наоѓаше табела со тврдења за мотивираност на учениците за самостојно стекнување знаења во додатната настава.

Тврдењата беа поставени по овој редослед:

19.1 Ги советувам учениците да се вклучат во додатната настава

19.2 Употрбувам разни методи на наставна работа

19.3 Употребувам разни форми на наставна работа

19.4 Користам соодветни наставни средства

19.5 Одбирам содржини и задачи кои се поинтересни

19.6 Ги охрабрувам учениците да поставуваат прашања

19.7 Давам додатни објаснувања на барање на учениците

19.8 Ги поттикнувам на мисловна активност

19.9 Ги поттикнувам на самостојна работа

19.10 Ги упатувам да користат додатна литература неопходна за самостојна работа

19.11 Го набљудувам и вреднувам напредокот на учениците вклучени во додатната настава

Добиените резултати табеларно се претставени:

**Табела бр.26 Мислење на наставниците за дадените тврдења поврзани за мотивираноста на учениците за самостојно стекнување знаења во додатната настава**

| Тврдења | Точно | | | | Делумно точно | | | | Не точно | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | | Одделенски наставници | | Предметни наставници | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 19.1 | 55 | 91,67 | 53 | 88,33 | 5 | 8,33 | 7 | 11,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 19.2 | 45 | 75,00 | 41 | 68,33 | 2 | 3,33 | 8 | 13,33 | 13 | 21,67 | 11 | 18,33 |
| 19.3 | 51 | 85,00 | 40 | 66,67 | 9 | 15,00 | 17 | 28,33 | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 |
| 19.4 | 47 | 78,33 | 51 | 85,00 | 13 | 21,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0.00 | 9 | 15,00 |
| 19.5 | 41 | 68,33 | 42 | 70,00 | 14 | 23,33 | 9 | 15,00 | 5 | 8,33 | 9 | 15,00 |
| 19.6 | 37 | 61,67 | 47 | 78,33 | 21 | 35,00 | 8 | 13,33 | 2 | 3,33 | 5 | 8,33 |
| 19.7 | 60 | 100,00 | 56 | 93,33 | 0 | 0,00 | 4 | 6,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 19.8 | 54 | 90,00 | 49 | 81,67 | 6 | 10,00 | 7 | 11,67 | 0 | 0,00 | 4 | 6,67 |
| 19.9 | 48 | 80,00 | 53 | 88,33 | 12 | 20,00 | 7 | 11,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 19.10 | 59 | 98,33 | 45 | 75,00 | 1 | 1,67 | 15 | 25,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 19.11 | 33 | 55,00 | 45 | 75,00 | 25 | 41,67 | 4 | 6,67 | 2 | 3,33 | 11 | 18,33 |

Од добиените резултати може да се забележи дека одделенските и предметните наставници дале приближно исти мислења, и ги потврдуваат сите дадени тврдења поврзани за додатната настава. На тврдењето кое е дадено седмо по редослед дека наставниците даваат додатни објаснувања на барање на учениците 100,00% од одделенските наставниците го потврдиле оваа тврдење, додека пак од предметните наставници 93,303% го потврдиле истото тоа тврдење.

**Табела бр.27 Мислење на наставниците за дадените тврдења поврзани за мотивираноста на учениците за самостојно стекнување знаења во додатната настава**

| Тврдења | Точно | | Делумно точно | | Не точно | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | Вкупно одделенски и предметни наставници | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| 19.1 | 108 | 90,00 | 12 | 10,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| 19.2 | 86 | 71,67 | 10 | 8,33 | 24 | 20,00 | 120 |
| 19.3 | 91 | 75,83 | 26 | 21,67 | 3 | 2,50 | 120 |
| 19.4 | 98 | 81,67 | 13 | 10,83 | 9 | 7,50 | 120 |
| 19.5 | 83 | 69,17 | 23 | 19,17 | 14 | 11,67 | 120 |
| 19.6 | 84 | 70,00 | 29 | 24,17 | 7 | 5,83 | 120 |
| 19.7 | 116 | 96,67 | 4 | 3,33 | 0 | 0,00 | 120 |
| 19.8 | 103 | 85,83 | 13 | 10,83 | 4 | 3,33 | 120 |
| 19.9 | 101 | 84,17 | 19 | 15,83 | 0 | 0,00 | 120 |
| 19.10 | 104 | 86,67 | 16 | 13,33 | 0 | 0,00 | 120 |
| 19.11 | 78 | 65,00 | 29 | 24,17 | 13 | 10,83 | 120 |

Најголем процент 96,67% од вкупниот број на одделенските и предметните наставници потврдиле дека даваат додатни објаснувања на барање на учениците, 90,00% од нив ги советуваат учениците да се вклучат во додатната настава, 86,67% ги упатуваат учениците да користат додатна литература неопходна за самостојна работа, 85,83% ги поттикнуваат учениците на мисловна активност, 84,17% од наставниците ги поттикнуваат учениците на самостојна работа, 81,67% користат соодветни наставни средства на часовите по додатна настава, 75,83% од наставниците употребуваат разни форми на наставна работа, 71,67% од наставниците употребуваат разни методи на наставна работа, 70,00% од наставниците ги охрабруваат да поставуваат прашања, 69,17% од наставниците одбираат содржини и задачи кои се поинтересни, 65,00% од наставниците го набљудуваат и вреднуваат напредокот на учениците вклучени во додатната настава.

*-Во рамките на ова истражување им се даде можност на наставниците да изнесат свои лични мислења на последниве две прашања од прашалникот.*

**21.** На прашањето, со какви тешкотии се соочуваат при реализирањето на додатната настава во училиштето, ги добивме следниве одговори:

- Голем фонд на часови во редовната настава, учениците се преоптеретени и немаат време за додатна настава;
- Непостоење на училишна библиотека;
- Непостоење на адекватна литература, училишната библиотека е многу сиромашна;
- Недостиг на компјутери;
- Не доволна снабденост на училиштата со наставни и нагледни средства;
- Немање на простор, училиштето работи во две смени;
- Немање на кабинети.

**22.** На прашањето, што предлагаат да се превземе во насока на подобрување на квалитетот на додатната настава, ги добивме следниве одговори:

- ✓ Да се намали фондот на часови, за да можат учениците да посетуваат додатна настава;
- ✓ Изготвување на посебна програма за додатна настава;
- ✓ Збогатување на училишните библиотеки со разновидна литература;
- ✓ Во училиштето да се обезбедат повеќе компјутери;
- ✓ Во училиштето да има можност за кабинетска настава;
- ✓ Да се излезе од училница, да се посетуваат различни места поврзани со педметот по кој се изведува додатна настава;
- ✓ Да има посета од стручни лица на часовите по додатна настава за да имаат можност учениците да разговараат со нив;
- ✓ Повеќе практична работа, бидејќи само теоријата е застапена;
- ✓ Збогатување на училиштето со различни наставни и нагледни средства.

Овие одговори скоро сите наставници ги имаа изнесено во прашалникот, а особено за намалување на фондот на наставни часови за учениците. Може да се констатира дека навистина не постојат солидни услови за реализација на додатаната настава. За да се подобрат условите навистина ќе треба да се реализираат изнесените предлози, со што на тој начин додатната настава подобро ќе ги задоволува интересите на учениците.

## 1.1 Заклучок

Со анкетирањето на наставниците добивме интересни податоци, кои, на некој начин, укажуваат на некои проблеми во реализацијата на додатната настава. Истите може да послужат и како појдовна основа во изнаоѓањето решенија за што поголема афирмација и посоодветна организација на додатната настава. За вредноста на резултатите добиени од анкетата со наставниците, ќе стане збор во завршниот дел на заклучните сознанија и констатации за целиот труд, овде ги изнесовме резултатите од анкетирањето само од аспект на поставените хипотези.

Како **прва** хипотеза во ова истражување беше: *Наставниците сметаат дека додатната настава е доволно застапена во годишната програма за работа на училиштето.* Оваа хипотеза се потврдува од добиените одговори на наставниците, бидејќи 85,00 % од нив одговориле со **да**, што значи дека училиштата располагаат со посебна програма за реализација на додатната настава на ниво на Годишна програма.

Како **втора** хипотеза во ова истражување беше: *Наставниците сметаат дека додатната настава е доволно застапена на ниво на годишна програма на паралелката.* Оваа хипотеза делумично се потврдува од добиените одговори на наставниците, бидејќи само 51,67% од наствниците се изјасниле дека изготуваат таква програма.

Како **трета** хипотеза во ова истражување беше: *Наставниците позитивно го оценувааат постоењето на посебен час за додатна настава во распоредот на часови.* Оваа хипотеза исто како и претходните две поставени хипотези се потврдува, бидејќи 77,50% од вкупниот број на наставниците се изјасниле дека имаат предвидено час за додатна настава во распоредот на часови на ниво на седмица. Ова е позитивен резултат бидејќи се води грижа и за овој час исто како и за другите часови.

Како **четврта** хипотеза во ова истражување беше: *Наставниците во доволна мера практикуваат анкета со ученици за избор за додатна настава.* Наспроти очекувањето, дека наставниците во поголем број ќе се изјаснат дека користат анкети со учениците за избор на додатна настава, ние добивме резултат дека само 20,00% употребуваат анкети, 48,33% од наставниците се изјасниле дека учениците само по сопствена желба ги посетуваат часовите по додатна настава, 23,33% од наставниците се изјасниле дека тие сами го вршат изборот на учениците без ничија консултација. Од овие добиени резултати може да се констатира дека оваа хипотеза не се потврдува.

Како **петта** хипотеза во ова истражување беше: *Наставниците применуваат соодветни инструменти за следење на постигањата на учениците кои се опфатени во додатната настава.* Наспроти очекувањето, дека наставниците во поголем број ќе се изјаснат дека користат различни инструменти за следење на постигањата на учениците во додатната настава, ние добивме спротивен резултат, бидејќи само 31,67% од вкупниот број на наставниците секогаш водат евидентни листови за учениците кои посетуваат додатна настава, 24,17% од наставниците водат потфолио за секој ученик, 23,33% користат листи за следење и само 10,83% чек листи, додека пак 33,33% од наставниците никогаш не водат евидентни листови, 45,80% никогаш не водат потфолио за секој ученик, 32,50% никогаш не употребуваат листи за следење и 70,00% од вкупниот број на наставниците одговориле дека никогаш не користат чек листи. Од добиените резултати може да се констатира дека наставниците не го следат доволно напредокот на учениците кои посетуваат додатна настава.

## 2. Презентација и анализа на резултатите од прашалникот за ученици

Добиените резултати од анкетирањето на 120 ученици од основните училиштата во Куманово, ќе бидат прикажани и дискутирани според редоследот на прашањата од анкетниот прашалник. Структурата на примерокот на анкетираните ученици е прикажана во наредната табела:

**Табела бр.28 Структурата на примерокот на учениците**

| Пол | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Машки** | 23 | 38,33 | 19 | 31,67 | 42 | 35,00 |
| **Женски** | 37 | 61,67 | 41 | 68,33 | 78 | 65,00 |
| **Вкупно** | **60** | 100,00 | **60** | 100,00 | **120** | 100,00 |

**1.**На прашањето, по кој наставен предмет учениците посетуваат додатна настава ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.29 Одговори на учениците во однос на тоа, по кој наставен предмет посетуваат додатна настава**

| Предмети | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Математика | 37 | 61,67 | 17 | 28,33 | 54 | 45,00 |
| Македонски | 23 | 38,33 | 14 | 23,33 | 37 | 30,83 |
| Англиски | 0 | 0,00 | 4 | 6,67 | 4 | 3,33 |
| Биологија | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 | 3 | 2,50 |
| Историја | 0 | 0,00 | 8 | 13,33 | 8 | 6,67 |
| Хемија | 0 | 0,00 | 5 | 8,33 | 5 | 4,17 |
| Физика | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 | 3 | 2,50 |
| Запознавање со религиите | 0 | 0,00 | 6 | 10,00 | 6 | 5,00 |
| Вкупно | 60 | 100 | 60 | 100 | 120 | 100 |

Од добиените резултати може да се забележи дека учениците од одделенска настава посетуваат додатна настава само по математика (61,67%) и по македонски јазик (38,33%), а учениците од предметна настава посетуваат додатна настава по повеќе наставни предмети, математика посетуваат (28,33%), македонски јазик (23,33%), историја (13,33%), запознавање со религиите (10,00%), хемија (8,33%), англиски (6,67%), физика (5,00%) и биологија (5,00%). Од добиените резултати може да се констатира дека математика и македонски јазик се предметите по кои највеќе се посетува додатна настава. Од вкупниот број на учениците 45,00 % посетуваат додатна настава по математика и 38,33 % македонски јазик.

**2**. На прашањето, како ги посетуваат часовите по додатна настава, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.30 Одговори на учениците во однос на тоа, како ги посетуваат часовите по додатна настава**

| Категрии на одговори | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Доброволно** | 47 | 78,33 | 49 | 81,67 | 96 | 80,00 |
| **По желба на наставникот** | 13 | 21,67 | 8 | 13,33 | 21 | 17,50 |
| **По желба на родителите** | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 | 3 | 2,50 |
| **Вкупно** | **60** | 100 | **60** | 100 | **120** | 100 |




**Слика бр.6 Одговори на учениците во однос на тоа, како ги посетуваат часовите по додатна настава**

Од добиените резултати може да се забележи дека од учениците од одделенска настава 78,33% доброволно посетуваат додатна настава, 21,67% по желба на наставникот, додека пак учениците од предметна настава 81,67% доброволно посетуваат додатна настава, 13,33% по желба на наставникот и 5,00% по желба на родителите. Од добиените податоци може да се констатира дека учениците доброволно посетуваат додатна настава без никаков притисок од страна на други субјекти, што претставува позитивен резултат, бидејќи учениците треба доброволно да ги посетуваат часовите по додатна настава и на тој начин ќе постигнуваат задоволителни резлтати во проширувањето на своите знаења.

**3.**На прашањето, колку часа неделно посетуваат учениците додатна настава, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.31 Одговори на учениците во однос на тоа, колку часа неделно посетуваат додатна настава**

| Категрии на одговори | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Еден час | 36 | 60,00 | 10 | 16,67 | 46 | 38,33 |
| Два часа | 11 | 18,33 | 7 | 11,67 | 18 | 15,00 |
| Понекогаш еден,понекогаш два | 13 | 21,67 | 29 | 48,33 | 42 | 35,00 |
| Друго * | 0 | 0,00 | 14 | 23,33 | 14 | 11,67 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

**Друго * го добивме следниот одговор од учениците: во договор со наставникот**




**Слика бр.7 Одговори на учениците во однос на тоа, колку часа неделно посетуваат додатна настава**

Од добиените резултати може да се забележи дека 60,00% од одделенските ученици посетуваат неделно по еден час за додатна настава, додека пак 48,33 % од учениците од предметната настава посетуваат неделно еден или два часа. Од добиените податоци може да се констатира дека 38,30% од вкупниот број на учениците посетуваат еден час неделно додатна настава.

4. На прашањето, дали часовите редовно се одржуваат секоја недела, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.32 Одговори на учениците во однос на тоа, дали часовите по додатна настава редовно се одржуваат секоја недела**

| Категрии на одговори | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 48 | 80,00 | 31 | 51,67 | 79 | 65,83 |
| Не | 12 | 20,00 | 29 | 48,33 | 41 | 34,17 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.8 Одговори на учениците во однос на тоа, дали часовите по додатна настава редовно се одржуваат секоја недела**

Од добиените резултати може да се забележи дека 80,00% од учениците од одделенска настава одговориле дека редовно се одржуваат часовите по додатна настава. Од учениците од предметна настава 51,17% одговориле со "да", додека пак 48,33 % одговориле со"не", што значи дека разликата кај одговорите на учениците од предметна настава е многу мала. Од добиените податоци може да се заклучи дека часовите по додатна настава редовно се одржуваат секоја недела.

**5.** На прашањето, каде се одржуваат часовите по додатна настава, беа понудени следниве одговори:

а. Кабинет соодветен за предметот по кој се изведува додатната настава

б. Во која било слободна училница

в. Во Вашата училница

г. Во некоја друга просторија од училиштето (канцеларија,мала сала и сл)

За ова прашање ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.33 Одговори на учениците во однос на тоа, каде се одржуваат часовите по додатна настава**

| Категрии на одговори | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 0 | 0,00 | 23 | 38,33 | 23 | 19,17 |
| б. | 0 | 0,00 | 37 | 61,67 | 37 | 30,83 |
| в. | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 60 | 50,00 |
| г. | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | **60** | 100,00 | **60** | 100,00 | **120** | 100,00 |




**Слика бр.8 Одговори на учениците во однос на тоа, каде се одржуваат часовите по додатна настава**

Од добиените резултати може да се заклучи дека 100,00% од учениците од одделенска настава одговориле дека часовите по додатна настава се одржуваат во нивната училница, за ралика од нив 38,33% од учениците од предметна настава одговориле дека часот по додатна настава се одржува во кабинети, 61,67% во било која слободна училница. Од овие добиени податоци може да се заклучи дека часовите по додатна настава се одржуваат во училница, што можеби и не е многу задоволителен резултат бидејќи најсоодветно место за одржување на часовите по додатна настава се кабинетите кои треба да бидат опремени со потребни наставни средства преку кои ќе се олеснува работата на учениците при стекнување на нови знаења по предметот за кој се интересираат.

**6.**На прашањето, кога се реализира додатната настава, беа понудени следнивее одговори:

а.Пред почетокот на редовната настава

б.Веднаш по завршувањето на редовната настава

в.За време на викенд

г.Во договор со наставникот

Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.34 Одговори на учениците во однос на тоа, кога се реализираат часовите по додатна настава**

| Категрии на одговори | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 0 | 0,00 | 9 | 15,00 | 9 | 7,50 |
| б. | 60 | 100,00 | 26 | 43,33 | 86 | 71,67 |
| в. | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| г. | 0 | 0,00 | 25 | 41,67 | 25 | 20,83 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.9 Одговори на учениците во однос на тоа, кога се реализираат часовите по додатна настава**

Од добиените резултати може да се заклучи дека 100,00% од учениците од одделенска настава часовите по додатна настава ги посетуваат веднаш по завршувањето на редовната настава, додека пак 43,33% од учениците од предметна настава одговориле дека часот по додатна настава се одржува веднаш по завршувањето на редовната настава, 41,67% во договор со наставникот и 15,00% пред почетокот на редовната настава. Од добиените податоци може да се констатира дека додатната настава најчесто се реализира веднаш по завршувањето на редовната настава кога учениците и наставниците се уморни, кога се слабо сконцентрирани, слабо мотивирани и секако дека не се доволно подготвени за часот по додатна настава.

На часовите по додатна настава учениците треба да се одморни, мотивирани и сконцентрирани за да можат со задоволство да работат при стекнување и проширување на своите знаења.

**7.** На седмото прашање учениците дадоа своја лична проценка за личните карактеристики на наставникот кој ја реализира додатната настава. На оваа прашање добиени се следниве резултати:

**Табела бр.35 Мислење на учениците за личните карактеристики на наставникот кој ја реализира додатната настава**

| Лични карактеристики на наставникот кој ја реализира додатната настава | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Динамичен и одушевен | 8 | 13,33 | 26 | 43,33 | 45 | 75,00 | 23 | 38,33 | 7 | 11,67 | 11 | 18,33 | 120 |
| Професионално етичен | 4 | 6,67 | 19 | 31,67 | 55 | 91,67 | 29 | 48,33 | 1 | 1,67 | 12 | 20,00 | 120 |
| Професионално ангажиран | 18 | 30,00 | 27 | 45,00 | 42 | 70,00 | 17 | 28,33 | 0 | 0,00 | 16 | 26,67 | 120 |
| Емоционално стабилен | 36 | 60,00 | 38 | 63,33 | 22 | 36,67 | 7 | 11,67 | 2 | 3,33 | 15 | 25,00 | 120 |
| Со него лесно се комуницира | 41 | 68,33 | 45 | 75,00 | 19 | 31,67 | 6 | 10,00 | 0 | 0,00 | 9 | 15,00 | 120 |
| Искрен | 49 | 81,67 | 44 | 73,33 | 11 | 18,33 | 13 | 21,67 | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 | 120 |

**Табела бр.36 Мислење на учениците за личните карактеристики на наставникот кој ја реализира додатната настава**

| Лични карактеристики на наставникот кој реализира додатна настава | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | |
| **Динамичен и одушевен** | 34 | 28,33 | 68 | 56,67 | 18 | 15,00 | 120 |
| **Професионално етичен** | 23 | 19,17 | 84 | 70,00 | 13 | 10,83 | 120 |
| **Професионално ангажиран** | 45 | 37,50 | 59 | 49,17 | 16 | 13,33 | 120 |
| **Емоционално стабилен** | 74 | 61,67 | 29 | 24,17 | 17 | 14,17 | 120 |
| **Со него лесно се комуницира** | 86 | 71,67 | 25 | 20,83 | 9 | 7,50 | 120 |
| **Искрен** | 93 | 77,50 | 24 | 20,00 | 3 | 2,50 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека наставниците кои ја реализираат додатната настава секогаш се искрени, со нив лесно се комуницира и секогаш се емоционално стабилни.

**8.** На осмото прашање учениците дадоа своја лична проценка за наставникот кој ја реализира додатната настава. Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.37 Лична проценка на учениците за наставникот кој ја реализира додатната настава**

| Наставникот кој ја реализира додатната настава: | Потполно се согласувам | | | | Главно се согласувам | | | | Воопшто не се согласувам | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | F |
| Е објективен и подготвен да даде подршка возбогатување на знаењата | 21 | 35,00 | 45 | 75,00 | 18 | 30,00 | 13 | 21,67 | 21 | 35,00 | 2 | 3,33 | 120 |
| Претставува пример за нас учениците | 39 | 65,00 | 35 | 58,33 | 12 | 20,00 | 15 | 25,00 | 9 | 15,00 | 10 | 16,67 | 120 |
| Соработува со колегите | 3 | 5,00 | 29 | 48,33 | 8 | 13,33 | 15 | 25,00 | 49 | 81,67 | 16 | 26,67 | 120 |
| Промовира морални вредности | 25 | 41,67 | 17 | 28,33 | 28 | 46,67 | 23 | 38,33 | 7 | 11,67 | 20 | 33,33 | 120 |

**Табела бр.38 Лична проценка на учениците за наставникот кој ја реализира додатната настава**

| Наставникот кој реализира додатна настава: | Потполно се согласувам | | Главно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| Е објективен и подготвен да ни даде подршка во збогатување на знаењата | 66 | 55,00 | 31 | 28,83 | 23 | 19,17 | 120 |
| Претставува пример за нас учениците | 74 | 61,67 | 27 | 22,50 | 19 | 15,83 | 120 |
| Соработува со колегите | 32 | 26,67 | 23 | 19,17 | 65 | 54,17 | 120 |
| Промовира морални вредности | 42 | 35,00 | 51 | 42,50 | 27 | 22,50 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека наставниците кои реализираат додатна настава претставуваат пример за учениците и се подготвени да даваат подршка во збогатување на знаењата на учениците.

9. На прашањето за организација на часот по додатна настава, беа понудени следниве одговори:

а.Часот е осмислен со индивидуални задачи и подготвени дидактички материјали и средства кои одговараат на индивидуалните способности на учениците

б.Часот се изведува класично: наставникот поставува задачи и проблеми, учениците работат, а тој само ги контролира

в.Часот не е подготвен и се одвива по желба на наставникот

г.Часот не е подготвен и се одвива по желба на учениците

Ги добивме следниве реултати:

**Табела бр.39 Мислење на учениците во однос на организацијата на часовите по додатна настава**

| Категрии на одговори | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 46 | 76,67 | 17 | 28,33 | 63 | 52,50 |
| б. | 14 | 23,33 | 35 | 58,33 | 49 | 40,83 |
| в. | 0 | 0,00 | 8 | 13,33 | 8 | 5,67 |
| г. | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 60 | 100 | 60 | 100 | 120 | 100 |




**Слика бр.10 Мислење на учениците во однос на организацијата на часовите по додатна настава**

Од добиените резултати може да се заклучи дека 76,67% од учениците од одделнска настава одговориле дека часот е осмислен и се организира со индивидуални задачи и подготвени дидактички материјали и средства кои одговараат на индивидуалните способности на учениците, додека пак кај учениците од предметна настава најголем број од учениците односно 58,33% одговориле дека часот се изведува класично: наставникот поставува задачи и проблеми, учениците работат а тој само ги контролира. Од овие добиени податоци може да се констатира дека во одделенска настава часот по додатна настава се организира правилно со индивидуални задачи кои одговараат на способностите на учениците, додека пак кај предметната настава наставниците не водат доволно грижа додатната настава да ја прилагодуваат на индивидуалните способности на учениците.

Но сепак 52,50% од вкупниот број на учениците од одделенска и предметна настава се изјасниле дека часот е осмислен со индивидуални задачи и подготвени дидактички материјали и средства кои одговараат на индивидуалните способности на учениците.

**10.** На ова прашање учениците дадоа своја лична проценка на што ги поттикнува наставникот на часовите по додатна настава, а ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.40 Лична проценка на учениците во однос на тоа, на што ги поттикнува наставникот на часовите по додатна настава**

| Наставникот во додатна настава Ве поттикнува на : | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Самостојна работа | 29 | 48,33 | 38 | 63,33 | 17 | 28,33 | 14 | 23,33 | 14 | 23,33 | 8 | 13,33 | 120 |
| Активно учење | 31 | 51,67 | 18 | 30,00 | 19 | 31,67 | 33 | 55,00 | 10 | 16,67 | 9 | 15,00 | 120 |
| Критичко мислење | 6 | 10,00 | 28 | 46,67 | 12 | 20,00 | 17 | 28,33 | 42 | 70,00 | 15 | 25,00 | 120 |
| Истражувачка работа | 39 | 65,00 | 35 | 58,33 | 19 | 31,67 | 13 | 21,67 | 2 | 3,33 | 12 | 20,00 | 120 |

**Табела бр.41 Лична проценка на учениците во однос на тоа, на што ги поттикнува наставникот на часовите по додатна настава**

| Наставникот во додатна настава Ве поттикнува на: | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | |
| Самостојна работа | 67 | 58,83 | 31 | 25,83 | 22 | 18,33 | 120 |
| Активно учење | 49 | 40,83 | 52 | 43,33 | 19 | 15,83 | 120 |
| Критичко мислење | 34 | 28,33 | 29 | 24,17 | 57 | 47,50 | 120 |
| Истражувачка работа | 74 | 61,67 | 32 | 26,67 | 14 | 11,67 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека 61,67% од вкупниот број на учениците одговориле дека наставниците секогаш ги поттикнуваат на истражувачка работа, 58,83% ги поттикнуваат на самостојна работа, 40,83% ги поттикнуваат на активно учење и 28,33% ги поттикнуват на критичко мислење. Од овие податоци може да се констатира дека наставниците најчесто учениците на часовите по додатна настава секогаш ги поттикнуваат на истражувачка работа и самостојно учење.

11. Учениците дадоа своја лична проценка на што ги оспособува наставникот на часовите по додатна настава, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.42 Лична проценка на учениците во однос на тоа, на што ги оспособува наставникот на часовите по додатна настава**

| На часот по додатна настава наставникот Ве оспособува на : | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | F |
| Запомнување факти,поими,правила | 21 | 35,00 | 40 | 66,67 | 30 | 50,00 | 8 | 13,33 | 9 | 15,00 | 12 | 20,00 | 120 |
| Анализирање и заклучување | 38 | 63,33 | 21 | 35,00 | 14 | 23,33 | 33 | 55,00 | 8 | 13,33 | 6 | 10,00 | 120 |
| Вреднување,донесување на одлуки и мислења | 27 | 45,00 | 28 | 46,67 | 22 | 36,67 | 9 | 15,00 | 11 | 18,33 | 23 | 38,33 | 120 |

**Табела бр.43 Лична проценка на учениците во однос на тоа, на што ги оспособува наставникот на часовите по додатна настава**

| На часот по додатна настава наставникот Ве оспособува на : | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| Запомнување факти,поими,правила | 61 | 50,83 | 38 | 31,67 | 21 | 17,50 | 120 |
| Анализирање и заклучување | 59 | 49,17 | 47 | 39,17 | 14 | 11,67 | 120 |
| Вреднување,донесување на одлуки и мислења | 55 | 45,83 | 31 | 25,83 | 34 | 28,33 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека 63,33% од наставниците по одделенска настава секогаш учениците на часовите по додатна настава ги оспособуваат за анализирање и заклучување, додека пак 66,67% од наставниците од предметна настава секогаш учениците на часовите по додатна настава ги оспособуваат за запомнување факти,поими и правила. Од добиените податоци од вкупниот број на одделенските и предметните ученици може да се констатира дека 50,83% од наставниците на часовите по додатна настава ги оспособуваат учениците на запомнување факти, поими и правила што претставува незадоволитетлен резултат бидејќи учениците треба да анализираат, да донесуваат самостојно заклучоци и на тој начин нивните знаења ќе бидат подолготрајни и употребливи.

**12.** На ова прашање учениците дадоа своја лична проценка за облиците кои ги коиристи наставникот на часовите по додатна настава. Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.44 Лична проценка на учениците во однос за облиците кои ги користи наставникот на часовите по додатна настава**

| На часот по додатна настава наставникот ги користи следниве облици на работа : | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Групен облик | 31 | 51,67 | 11 | 18,33 | 19 | 31,67 | 46 | 76,67 | 10 | 16,67 | 3 | 5,00 | 120 |
| Индивидуален облик | 36 | 60,00 | 37 | 61,67 | 22 | 36,67 | 19 | 31,67 | 2 | 3,33 | 4 | 6,67 | 120 |
| Фронтален облик | 24 | 40,00 | 28 | 46,67 | 21 | 35,00 | 26 | 43,33 | 15 | 25,00 | 6 | 10,00 | 120 |
| Работа во парови | 29 | 48,33 | 5 | 8,33 | 19 | 31,67 | 42 | 70,00 | 12 | 20,00 | 13 | 21,67 | 120 |

**Табела бр.45 Лична проценка на учениците во однос за облиците кои ги користи наставникот на часовите по додатна настава**

| На часот по додатна настава наставникот ги користи следниве облици на работа : | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | |
| Групен облик | 42 | 35,00 | 65 | 54,17 | 13 | 10,83 | 120 |
| Индивидуален облик | 73 | 60,83 | 41 | 34,17 | 6 | 5,00 | 120 |
| Фронтален облик | 52 | 43,33 | 47 | 39,17 | 21 | 17,50 | 120 |
| Работа во парови | 34 | 28,33 | 61 | 50,83 | 25 | 20,83 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека наставниците од одделенска настава (60,00%) и наставниците од предметна настава (61,67%) секогаш го користат индивидуалниот облик на работа.

Од вкупниот број на испитаните ученици добиени се податоци дека секогаш како најзастапен облик е индивидуалниот облик на работа, потоа фронталниот облик на работа, групниот облик на работа и најмалку застапена е работата во парови. Фронталниот облик на работа треба да се избегнува при одржување на овие часови а добиен е резултат дека тој е повеќе застапен за разлика од групниот облик на работа и работа во парови кои според добиените податоци се на незадоволително ниво. Групниот облик на работа има многу големо значење на часовите по додатна настава бидејќи преку него се постигаат најмалку три цели:

-јакнење на самостојноста и способност за индивидуално учење

-совладување за примена на практични методи на работа

-оспособување за соработка во група

**13.** На прашањето какви наставни средства користи наставникот на часовите по додатна настава, учениците дадоа своја лична проценка. Ги добивме следниве резултати:

13.1 Домашна и странска литература

13.2 Учебници прирачници, весници, лексикони

13.3 Слики, цртежи, хамери, карти, мапи

13.4 Цд, видео, касети

13.5 Компјутер, образовен софтвер

13.6 Други наставни средства (наведи кои)

Добиени се следниве резултати:

Под дадената точка "д " да наведат кои други наставни средства ги користат настваниците ги добивме следниов одговор: енциклопедии.

**Табела бр.46 Лична проценка на учениците во однос на тоа, какви наставни средства користи наставникот на часовите по додатна настава**

| Наставникот ги користи следниве наставни средства: | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| 13.1 | 17 | 28,33 | 22 | 36,67 | 27 | 45,00 | 21 | 35,00 | 16 | 26,67 | 17 | 28,33 | 120 |
| 13.2 | 41 | 68,33 | 11 | 18,33 | 12 | 20,00 | 44 | 73,33 | 7 | 11,67 | 5 | 8,33 | 120 |
| 13.3 | 44 | 73,33 | 15 | 25,00 | 16 | 26,67 | 21 | 35,00 | 0 | 0,00 | 24 | 40,00 | 120 |
| 13.4 | 12 | 20,00 | 14 | 23,33 | 13 | 21,67 | 18 | 30,00 | 35 | 58,33 | 28 | 46,67 | 120 |
| 13.5 | 16 | 26,67 | 12 | 20,00 | 19 | 31,67 | 5 | 8,33 | 25 | 41,67 | 43 | 71,67 | 120 |
| 13.6 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 |

**Табела бр.47 Лична проценка на учениците во однос на тоа, какви наставни средства користи наставникот на часовите по додатна настава**

| Наставникот ги користи следниве наставни средства: | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| 13.1 | 39 | 32,50 | 48 | 40,00 | 33 | 27,50 | 120 |
| 13.2 | 52 | 43,33 | 56 | 46,67 | 12 | 10,00 | 120 |
| 13.3 | 59 | 49,17 | 37 | 30,83 | 24 | 20,00 | 120 |
| 13.4 | 26 | 21,67 | 31 | 25,83 | 63 | 52,50 | 120 |
| 13.5 | 28 | 23,33 | 24 | 20,00 | 68 | 56,67 | 120 |
| 13.6 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 | 100,00 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека 73,33% од одделенските наставници при реализацијата на додатната настава користат слики, цртежи, хамери, карти, мапи, потоа 68,33% од нив користат учебници прирачници, весници и лексикони.

Од учениците од предметна настава добиен е резултат дека наставниците понекогаш користат некои од наведените наставните средства, додека пак компјутер и образовен софтвер 71,67% од наставниците никогаш не користат. Од овие добиени резултати може да се констатира дека наставниците не користат секогаш доволно наставни средтва кои ќе им овозможат на учениците на полесен и поинтересен начин да доаѓаат до знаења, и многу незадоволителен резултат е што компјутерот не се користи на часовите по додатна настава како и цд, видео и касети. Учениците се препуштени на овие часови на класичен начин да доаѓаат до нови знаења само од наставникот без други наставни средства.

**14.** На ова прашање беа поставени неколку тврдења поврзани за додатната настава, а учениците дадоа своја лична проценка за секое тврдење. Тврдењата беа поставени по овој редослед:

14.1 Потполно го разбирам наставникот што зборува

14.2 Ме интересира градивото од предметот за кој посетувам додатна настава

14.3 Се концентрирам на часовите по додатна настава и внимателно работам

14.4 Слободно дискутирам пред наставникот

14.5 Го прашувам наставникот кога има потреба

14.6 Самостојно работам на час по додатна настава

14.7 Родителите ме подржуваат за посета на додатна настава

14.8 Учам и работам со задоволство на час по додатна настава

14.9 Задоволен/а сум од организацијата и реализацијата на додатната настава

Добиени се следниве резултати:

**Табела бр.48 Лична проценка на учениците за дадените тврдења што се однесуваат на додатната настава**

| Тврдења | Точно | | | | Не точно | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | F |
| 14.1 | 60 | 100,00 | 44 | 73,33 | 0 | 0,00 | 16 | 26,67 | 120 |
| 14.2 | 60 | 100,00 | 52 | 86,67 | 0 | 0,00 | 8 | 13,33 | 120 |
| 14.3 | 58 | 96,67 | 55 | 91,67 | 2 | 3,33 | 5 | 8,33 | 120 |
| 14.4 | 49 | 81,67 | 57 | 95,00 | 11 | 18,33 | 3 | 5,00 | 120 |
| 14.5 | 42 | 70,00 | 56 | 93,33 | 18 | 30,00 | 4 | 6,67 | 120 |
| 14.6 | 42 | 70,00 | 52 | 86,67 | 18 | 30,00 | 8 | 13,33 | 120 |
| 14.7 | 56 | 93,33 | 53 | 88,33 | 4 | 6,67 | 7 | 11,67 | 120 |
| 14.8 | 59 | 98,33 | 45 | 75,00 | 1 | 1,67 | 15 | 25,00 | 120 |
| 14.9 | 51 | 85,00 | 35 | 58,33 | 9 | 15,00 | 25 | 41,67 | 120 |

**Табела бр.49 Лична проценка на учениците за дадените тврдења што се однесуваат на додатната настава**

| Тврдења | Точно | | Не точно | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | |
| 14.1 | 104 | 86,67 | 16 | 13,33 | 120 |
| 14.2 | 112 | 93,33 | 8 | 6,67 | 120 |
| 14.3 | 113 | 94,17 | 7 | 5,83 | 120 |
| 14.4 | 106 | 88,33 | 14 | 11,67 | 120 |
| 14.5 | 98 | 81,67 | 22 | 18,33 | 120 |
| 14.6 | 94 | 78,33 | 26 | 21,67 | 120 |
| 14.7 | 109 | 90,83 | 11 | 9,17 | 120 |
| 14.8 | 104 | 86,67 | 16 | 13,33 | 120 |
| 14.9 | 86 | 71,67 | 34 | 28,33 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека учениците од одделенска и предметна настава имаат приближно исти резултати и ги потврдуваат сите дадените тврдења.

**15.** На ова прашање беа поставени неколку тврдења поврзани за додатната настава, а учениците дадоа своја лична проценка за секое тврдење. Тврдењата беа поставени по овој редослед:

15.1 Градивото е тешко и не одговара на индивидуалните потреби на учениците

15.2 Учениците се преоптеретени со училишните потреби

15.3 Наставниците не се стручно подготвени за реализирање на часови по додатна настава

15.4 Наставниците не се трудат доволно во организацијата и реализацијата на додатната настава

15.5 На часовите по додатна настава не се користат различни облици и методи на работа

15.6 Наставниот материјал кој се користи на часовите по додатна настава не придонесува во проширувањето на знаењата

15.7 Училиштето не располага со современи наставни средства, опрема и сл.

Ги добивме следниве резултати

**Табела бр.50 Лична проценка на учениците за дадените тврдења што се однесуваат на додатната настава**

| Тврдења | Точно | | | | Делумно точно | | | | Не точно | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| 15.1 | 12 | 20,00 | 24 | 40,00 | 19 | 31,67 | 32 | 53,33 | 29 | 48,33 | 4 | 6,67 | 120 |
| 15.2 | 46 | 76,66 | 58 | 96,67 | 14 | 23,33 | 2 | 3,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| 15.3 | 48 | 80,00 | 54 | 90,00 | 7 | 11,67 | 0 | 0,00 | 5 | 8,33 | 6 | 10,00 | 120 |
| 15.4 | 26 | 43,33 | 58 | 96,67 | 30 | 50,00 | 2 | 3,33 | 4 | 6,67 | 0 | 0,00 | 120 |
| 15.5 | 57 | 95,00 | 32 | 53,33 | 3 | 5,00 | 25 | 41,67 | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 | 120 |
| 15.6 | 20 | 33,33 | 24 | 40,00 | 8 | 15,33 | 11 | 18,33 | 32 | 53,33 | 25 | 41,67 | 120 |
| 15.7 | 49 | 81,67 | 57 | 95,00 | 11 | 18,33 | 1 | 1,67 | 0 | 0,00 | 2 | 3,33 | 120 |

Табела бр.51 Лична проценка на учениците за дадените тврдења што се однесуваат на додатната настава

| Тврдења | Точно | | Делумно точно | | Не точно | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| 15.1 | 36 | 30,00 | 51 | 42,5 | 33 | 27,50 | 120 |
| 15.2 | 104 | 86,67 | 16 | 13,33 | 0 | 0,00 | 120 |
| 15.3 | 102 | 85,00 | 7 | 5,83 | 11 | 9,17 | 120 |
| 15.4 | 84 | 70,00 | 32 | 26,67 | 4 | 3,33 | 120 |
| 15.5 | 89 | 74,17 | 28 | 23,33 | 3 | 2,50 | 120 |
| 15.6 | 44 | 36,67 | 19 | 15,83 | 57 | 47,5 | 120 |
| 15.7 | 106 | 88,33 | 12 | 10,00 | 2 | 1,67 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека сите ученици од одделенска и предметна настава имаат приближно исти одговори и поголемиот број од нив ги потврдуваат дадените тврдења. Според овие добиени податоци може да се констатира дека училиштето не располага со современи наставни средства, учениците се преоптеретени со училишни потреби, наставниците не се доволно стручно подготвени за реализација на додатната настава, на часовите по додатна настава не се користат различни облици и методи на работа и наставниицте не се трудат доволно во организацијата и реализацијата на додатната настава.

**16.** На прашањето на кој начин наставникот го следи напредокот на учениците во додатната настава беа понудени неколку одговори на кои учениците дадоа своја лична проценка. Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.52 Одговори на учениците во однос на тоа, на кој начин наставникот го следи нивниот напредок во додатната настава**

| Наставникот Вашиот напредок во додатната настава го следи преку: | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | Ученици од одделенска настава | | Ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Потфолио за секој ученик | 4 | 6,67 | 9 | 15,00 | 6 | 10,00 | 13 | 21,67 | 50 | 83,33 | 38 | 63,33 | 120 |
| Евидентен лист | 19 | 31,67 | 2 | 3,33 | 23 | 38,33 | 5 | 8,33 | 18 | 30,00 | 53 | 88,33 | 120 |
| Чек листи | 0 | 0,00 | 6 | 10,00 | 2 | 3,33 | 9 | 15,00 | 58 | 96,67 | 45 | 75,00 | 120 |
| Листа за следење | 7 | 11,67 | 6 | 10,00 | 11 | 18,33 | 5 | 25,00 | 42 | 70,00 | 39 | 65,00 | 120 |

**Табела бр.53 Одговори на учениците во однос на тоа, на кој начин наставникот го следи нивниот напредок во додатната настава**

| Наставникот Вашиот напредок во додатната настава го следи преку: | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| Потфолио за секој ученик | 13 | 10,83 | 19 | 15,83 | 88 | 73,33 | 120 |
| Евидентен лист | 21 | 17,50 | 28 | 23,33 | 71 | 59,17 | 120 |
| Чек листи | 6 | 5,00 | 11 | 9,17 | 103 | 85,83 | 120 |
| Листа за следење | 13 | 10,83 | 26 | 21,67 | 81 | 67,50 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека 85,83% од учениците одговориле дека никогаш наставникот кој ја реализира додатната настава не користи чек листи, 73,33% од учениците одговориле дека никогаш наставникот не користи потфолио за секој ученик, 67,50% од наставниците никогаш не користат листи за следење и 59,17% никогаш не користат евидентни листови за секој ученик. Од овие добиени резултати може да се констатира дека наставниците не го следат напредокот на учениците кои посетуваат додатна настава што претставува многу незадоволитетлен резултат бидејќи напредокот на таквите ученици треба континуирано да се следи и набљудува за да може да се увиди во која насока напредуваат учениците.

Наредните две прашања од прашалникот се од отворен тип каде учениците требаше да дадат свое лично мислење.

**17.** На паршањето, што им недостига на часовите по додатна настава, ги добивме следниве одговори:

- ✓ Кабинети;
- ✓ Наставни и нагледни средства;
- ✓ Компјутери;
- ✓ Слободен простор;
- ✓ Позаинтересиран наставник кој ќе ја реализира додатната настава;
- ✓ Наставник кој ги разбира нашите интереси;
- ✓ Наставник кој се труди повеќе околу проширување на нашите знаења;
- ✓ Стручно подготвени наставници;
- ✓ Поинтересни содржини;
- ✓ Наставникот да користи различни облици на работа (групен облик, работа во парови);
- ✓ Наставниците да овозможуваат самостојно да доаѓаме до знаења;
- ✓ Наставникот да не ангажира што е можно повеќе околу истражување на нови знаења;
- ✓ Наставникот повеќе да не мотивира и да прави часот да ни биде поинтересен.

Ова беа добиените одговори на учениците кои го потполнуваа анкетниот прашалник. Кога ќе се разгледаат дадените одговори може да се констатира дека многу работи им недостигаат на учениците кои посетуваат додатна настава. За да може еден час по додатна настава да биде на задоволително ниво треба да се овозможат и обезбедат сите горенаведени барања на учениците.

**18.**На прашањето, што предлагаат да се преземе во насока на подобрување на квалитетот на реализацијата на додатната настава, ги добивме следниве одговори:

- ✓ Намалување на фондот на часови за да бидеме малку послободни и да имаме време за додатна настава;
- ✓ Изработка на посебни програми за работа на часовите по додатна настава;
- ✓ Избирање на содржини кои одговараат на возраста на учениците;
- ✓ Збогатување на литературата за работа, библиотеката не располага со книги кои ни се потребни;
- ✓ Почеста изработка на наши самостојни трудови;
- ✓ Повеќе да е застапена практичната работа, ние учиме само теорија;
- ✓ Посета од стручни лица;
- ✓ Да се погрижи стручната служба и наставниците додатна настава да посетувааат само ученици кои навистина треба да ја посетуваат и кои сакаат да ги прошират своите знаења;
- ✓ Современо опремени кабинети;
- ✓ Компјутери во секоја училница;
- ✓ Наставници кои со задоволство ќе ги одржуваат часовите за додатна настава;
- ✓ Соработка со други училишта;
- ✓ Натпревари со ученици од други училишта кои посетуваат додатна настава.

Ова беа добиените одговори од ученнците, но како најзастапен одговор кој се наоѓаше скоро во секој анкетен прашалник беше намалување на бројот на часовите. Учениците се преоптеретени со голем број на часови и немаат време за додатна настава, часовите се одржуваат веднаш по завршувањето на редовната настава кога и учениците и наставниците се уморни и часот не доведува до позитивен резултат.

## 2.1 Заклучок

Со анкетирањето на учениците, добивме податоци кои укажуваат на некои проблеми во реализацијата на додатната настава во училиштата. Општо за вредноста на резултатите добиени од анкетните прашалници на сите испитани субјекти, ќе стане збор во завршниот дел на заклучните сознанија и констатации за целиот труд, овде и изнесовме резултатите од анкетирањето само од аспект на хипотези.

-Како **шеста** хипотеза во ова истражување беше: *Учениците покажуваат интерес за доброволно посетување на часовите по додатна настава.* Оваа хипотеза е потврдена од добиените резултати од анкетниот прашалник за учениците, односно 78,33% од учениците од одделенска настава доброволно ги посетуваат часовите по додатна настава и 81,67% од учениците од предметна настава доброволно ги посетуваат овие часови, што значи дека од вкупниот број на сите анкетирани ученици 80,00% доброволно ги посетуваат часовите по додатна настава. Хипотезата се потврдува и претаставува позитивен резултат бидејќи учениците по своја желба без притисок од наставникот и родителите ги посетуваат овие часови, и секако со голем интерес и желба доаѓаат до стекнување на нови знаења.

-Како **седма** хипотеза во ова истражување беше: *Учениците се задоволни од редовноста на реализацијата на часовите по додатна настава.* Оваа хипотеза е потврдена со фактот дека 80,00% од одделенските ученици се изјасниле дека часовите по додатна настава редовно се реализираат и 51,67% од предметните ученици се изјасниле дека часовите по додатна настава исто така редовно се реализираат во нивните училишта. Иако постои разлика во добиените проценти на одделнските и предметните ученици, сепак часовите по додатна настава редовно се реализираат.

-Како **осма** хипотеза во ова истражување беше: *Наставниците и учениците сметаат дека наставниот материјал кој се користи за додатната настава одговара на индивидуалните способности на учениците.* Оваа хипотеза се потврдува со фактот што 52,50% од вкупниот број на учениците се изјасниле дека часот е осмислен со индивидуални задачи и подготвени дидактички материјали и средства кои одговараат на индивидуалните способности на учениците.

Истото прашање беше поставено и во анкетниот прашалник за наставниците и таму од добиените одговори се потврдува оваа хипотеза со многу сличен процент односно 50,80% од наставниците се изјасниле дека часот се изведува со индивидуални задачи кои одговараат на индивидуалните способности на учениците. Иако оваа хипотеза се потврдува процентот не е многу на задоволително ниво.

## 3.Презентација и анализа на резултатите од анкетниот прашалник на родителите

Добиените податоци од прашалникот ќе бидат презентирани и анализирани , зависно од тоа како одговориле родителите на учениците од одделенска и предметна настава. Тие ќе бидат презентирани и анализирани според редоследот на прашањата од анкетниот лист.

Со анкетирањето беа опфатени вкупно **120** родители на ученици од основните училишта во Куманово.

Структурата на примерокот е прикажана во наредната табела:

**Табела бр.54 Структурата на примерокот на родители**

| Родители | f | % |
|---|---|---|
| Родители на ученици од одделенска настава | 60 | 50,00 |
| Родители на ученици од предметна настава | 60 | 50,00 |
| Вкупно | 120 | 100,00 |

**1.**На прашањето, дали сметаат дека условите со кои располага училиштето влијаат врз реализирањето на додатната настава и врз напредокот на нивното дете, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.55 Мислење на родителите за условите со кои располага училиштето дали влијаат врз реализацијата на додатната настава и напредокот на нивните деца**

| Категории на одговори | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 39 | 65,00 | 53 | 88,33 | 92 | 76,67 |
| Не | 21 | 35,00 | 7 | 11,67 | 28 | 23,33 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.11 Мислење на родителите за условите со кои располага училиштето дали влијаат врз реализацијата на додатната настава и напредокот на нивните деца**

Од добиените резултати може да се заклучи дека 65,00% од родителите на учениците од одделенска настава сметаат дека условите со кои располага училиштето влијаат врз реализирањето на додатната настава, а 35,00% од нив сметаат дека условите со кои раполага училиштето немаат влијание, 88,33% од родителите на учениците од предметна настава сметаат дека условите со кои располага училииштето влијаат врз реализизацијата на додатаната настава а 11,67 % сметаат дека немаат влијание. Од добиените податоци може да се констатира дека условите со кои располага училиштето имаат влијание врз реализацијата на додатната настава. Просторот, кабинетите, литературата, опременоста со наставни и нагледни средства сето тоа влијае врз реализацијата на додатната настава и овозможува на учениците да ги прошируваат своите интереси.

**2.**На прашањето, дали им пружаат можност на своите деца да посетуваат додатна настава, ги добивме следниве резултати:

Табела бр.56 Одговори на родители во однос на тоа, дали им пружаат можност на своите деца да посетуваат додатна настава

| Категории на одговори | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 60 | 100,00 | 57 | 95,00 | 117 | 97,50 |
| Не | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 | 3 | 2,50 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




Слика бр.12 Одговори на родители во однос на тоа, дали им пружаат можност на своите деца да посетуваат додатна настава

Од добиените резултати може да се забележи дека родителите на учениците од одделенска и предметна настава им даваат можност да посетуваат часови по додатна настава што претставува и реален резултат бидејќи доколку детето покажува посебен интерес кон некој предмет треба да се подржува да ги проширува своите знаења за дадениот предмет, да истражува и самостојно да се труди да доаѓа до знаења.

**3**.На прашањето, како ги посетува часовите по додатна настава нивното дете, ги добивме следниве одговори:

**Табела бр.57 Одговори на родителите во однос на тоа, како нивните деца ги посетуваат часовите по додатна настава**

| Категории на одговори | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Доброволно | 60 | 100,00 | 52 | 86,67 | 112 | 93,33 |
| Под притисок на наставникот | 0 | 0,00 | 8 | 13,33 | 8 | 6,67 |
| Под притисок на нас родителите | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.13 Одговори на родителите во однос на тоа, како нивните деца ги посетуваат часовите по додатна настава**

Од добиените резултати може да се заклучи дека 93,33% од вкупниот број на родителите се изјасниле дека нивните деца доброволно посетуваат додатна настава, а само 6,67% од нив се изјасниле дека нивните деца додатна настава посетуваат под притиок на наставникот. Сепак од добиените резултати може да се констатира дека учениците доброволно посетуваат додатна настава.

4. На ова прашање се дадени тврдења за мотивираноста на учениците за учество на додатната настава, тврдењата беа поставени по овој редослед:

4.1 Моето дете е запознаено со додатната настава која се организира во училиштето

4.2 Додатната настава се одржува во точно определен ден и време

4.3 Моето дете е свесно за тоа колку се корисни часовите по додатна настава

4.4 Часовите по додатна настава му се интересни и привлечни

4.5 Часовите по додатна настава му помагаат на моето дете да ги збогати своите знаења

4.6 Наставникот го охрабрува и подготвува моето дете да учествува на натпревари

**Табела бр.58 Одговори на родителите за дадените тврдења кои се однесуваат за мотивираноста на учениците за учество во додатна настава**

| | Точно | | | | Делумно точно | | | | Не точно | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| 4.1 | 56 | 93,33 | 27 | 45,00 | 4 | 6,67 | 20 | 33,33 | 0 | 0,00 | 13 | 21,66 | 120 |
| 4.2 | 42 | 70,00 | 9 | 15,00 | 11 | 18,33 | 15 | 25,00 | 7 | 11,67 | 36 | 60,00 | 120 |
| 4.3 | 43 | 71,67 | 31 | 51,67 | 17 | 28,33 | 21 | 35,00 | 0 | 0,00 | 8 | 13,33 | 120 |
| 4.4 | 46 | 76,67 | 20 | 33,33 | 14 | 23,33 | 23 | 38,33 | 0 | 0,00 | 17 | 28,33 | 120 |
| 4.5 | 36 | 60,00 | 18 | 30,00 | 21 | 35,00 | 37 | 61,67 | 3 | 5,00 | 15 | 25,00 | 120 |
| 4.6 | 12 | 20,00 | 5 | 8,33 | 15 | 25,00 | 16 | 26,67 | 33 | 55,00 | 39 | 65,00 | 120 |

**Табела бр.59 Одговори на родителите за дадените тврдења кои се однесуваат за мотивираноста на учениците за учество во додатна настава**

| : | Точно | | Делумно точно | | Не точно | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| 4.1 | 83 | 69,17 | 24 | 20,00 | 13 | 10,83 | 120 |
| 4.2 | 51 | 42,50 | 26 | 21,67 | 43 | 35,83 | 120 |
| 4.3 | 74 | 61,67 | 38 | 31,67 | 8 | 6,67 | 120 |
| 4.4 | 66 | 55,00 | 37 | 30,83 | 17 | 14,17 | 120 |
| 4.5 | 54 | 45,00 | 48 | 40,00 | 18 | 15,00 | 120 |
| 4.6 | 17 | 14,17 | 31 | 25,83 | 72 | 60,00 | 120 |

Од добиените резултати може да се забележи дека родителите на учениците од одделенска и предметна настава дале различни резултати. Родителите на учениците од одделенска настава ги потврдуваат во поголем број од нив сите дадени тврдења само за последното тврдење се изјасниле не е точно дека наставникот ги охрабрува и подготвува учениците за натпревари. Додека пак родителите на учениците од предметната настава, во поглем број од нив го потврдиле само третото тврдење дека нивните деца се свесни колку се корисни часовите по додатна настава.

Може да се констатира дека од вкупниот број на родителите 69,17% потврдуваат дека нивните деца се запознаени со додатната настава која се организира во нивните училишта, 61,67% од нив потврдиле дека нивните деца се свесни колку се корисни часовите по додатна настава и 55,00% од нив потврдиле дека часовите по додатна настава им се интересни и привлечни на нивните деца, и како друга констатација од добиените резултати е дека 60,00% од родителите се изјасниле дека не е точно дека наставникот ги охрабрува и подготвува учениците за натпревари.

5. На прашањето, колку часа неделно посетува додатна настава нивното дете, ги добивме следниве одговори:

**Табела бр.60 Одговори на родителите во однос на тоа, колку часа неделно нивното дете посетува часови по додатна настава**

| Категории на одговори | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Еден час неделно | 51 | 85,00 | 14 | 23,33 | 65 | 54,17 |
| Два часа неделно | 0 | 0,00 | 12 | 20,00 | 12 | 10,00 |
| Понекогаш еден,понкогаш два часа неделно | 9 | 15,00 | 21 | 35,00 | 30 | 25,00 |
| Друго | 0 | 0,00 | 13 | 21,67 | 13 | 10,83 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.14 Одговори на родителите во однос на тоа, колку часа неделно нивното дете посетува часови по додатна настава**

Од добиените резултати може да се заклучи дека 85,00% од родителите на учениците од одделенска настава одговориле дека нивните деца посетуваат еден час неделно додатна настава, додека пак од родителите на учениците од предметна настава 23,33% се изјасниле дека нивните деца посетуваат еден час неделно додатна настава, 35,00% понекогаш еден понекогаш два часа,21,67% во договор со наставникот и 20,00% од нив се изјасниле дека нивните деца посетуваат два часа неделно по додатна настава.

**6.** На прашањето, дали нивните деца се задоволни од часовите по додатна настава, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.61 Одговори на родителите во однос на тоа, дали нивните деца се задоволни од часовите по додатна настава**

| Категории на одговори | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 43 | 71,67 | 22 | 36,67 | 65 | 54,17 |
| Не | 0 | 0,00 | 17 | 28,33 | 17 | 14,17 |
| Делумно | 17 | 28,33 | 21 | 35,00 | 38 | 31,67 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.15 Одговори на родителите во однос на тоа, дали нивните деца се задоволни од часовите по додатна настава**

Од добиените резултати може да се забележи дека 71,67% од родителите на учениците од одделенска настава се изјасниле дека нивните деца се задоволни од часовите по додатна настава, 28,33% се изјасниле дека нивните деца делумно се задоволни, додека пак 36,67% од родителите на учениците од предметна настава се изјасниле дека нивните деца се задоволни, 28,33% дека не се задоволни и 35,00% дека делумно се задоволни. Од овие добиени резултати може да се констатира дека 54,17% од вкупниот број на учениците се задоволни од часовите по додатна настава.

**7.** На прашањето какви каракеристики треба да поседува наставникот кој реалзира додатна настава, родителите дадоа своја лична проценка и ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.62 Лична проценка на родителите во однос на карактеристиките кои треба да ги поседува наставникот кој реализира додатна настава**

| Наставникот кој реализира додатна настава треба да ги поседува следниве карактеристики: | Потполно се согласувам | | | | Главно се согласувам | | | | Воопшто не се согласувам | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Динамичен и одушевен | 57 | 95,00 | 44 | 73,33 | 3 | 5,00 | 16 | 26,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Професионално етичен | 52 | 86,67 | 47 | 78,33 | 8 | 13,33 | 13 | 21,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Професионално ангажиран | 60 | 100,00 | 44 | 73,33 | 0 | 0,00 | 16 | 26,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Емоционално стабилен | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Лесно да се комуницира со него | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Искрен | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

**Табела бр.63 Лична проценка на родителите во однос на карактеристиките кои треба да ги поседува наставникот кој реализира додатна настава**

| Наставникот кој реализира додатна настава треба да ги поседува следниве карактеристики: | Потполно се согласувам | | Главно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| Динамичен и одушевен | 101 | 84,17 | 19 | 15,83 | 0 | 0,00 | 120 |
| Професионално етичен | 99 | 82,50 | 21 | 17,50 | 0 | 0,00 | 120 |
| Професионално ангажиран | 104 | 86,67 | 16 | 13,33 | 0 | 0,00 | 120 |
| Емоционално стабилен | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Лесно да се комуницира со него | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |
| Искрен | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |

Од добиените резултати може да се забележи дека родителите и на учениците од одделенска и на учениците од предметна настава имаат приближно исти мислиња. Тие потполно се согласуваат дека наставникот кој ја реализира додатната настава треба да е искрен, лесно да се комуницира со него, да е емоционално стабилен, професионално ангажиран, динамичен и одушевен и професионално етичен.

**8.** На прашањето, на што треба да ги поттикнува наставникот учениците кои посетуваат додатна настава, родителите дадоа своја лична проценка и ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.64 Лична проценка на родителите во однос на тоа, на што треба да ги поттикнува наставникот учениците кои посетуваат додатна настава**

| Наставник кој реализира додатна настава треба да ги поттикнува учениците на: | Потполно се согласувам | | | | Главно се согласувам | | | | Воопшто не се согласувам | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Самостојна работа | 60 | 100,00 | 48 | 80,00 | 0 | 0,00 | 12 | 20,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Активно учење | 60 | 100,00 | 53 | 88,33 | 0 | 0,00 | 7 | 28,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Критичко мислење | 21 | 35,00 | 47 | 78,33 | 39 | 65,00 | 13 | 21,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Истражувачка работа | 52 | 86,67 | 42 | 70,00 | 8 | 13,33 | 18 | 30,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

**Табела бр.65 Лична проценка на родителите во однос на тоа, на што треба да ги поттикнува наставникот учениците кои посетуваат додатна настава**

| Наставник кој реализира додатна настава треба да ги поттикнува учениците на: | Потполно се согласувам | | Главно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| Самостојна работа | 108 | 90,00 | 12 | 10,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Активно учење | 113 | 94,17 | 7 | 5,83 | 0 | 0,00 | 120 |
| Критичко мислење | 68 | 56,67 | 52 | 43,33 | 0 | 0,00 | 120 |
| Истражувачка работа | 94 | 78,33 | 26 | 21,67 | 0 | 0,00 | 120 |

Од добиените резултати може да се забележи дека родителите на учениците од одделенска и предметна настава имаат приближно исти мислења. Разлика постои само за понудениот одговор **критичко мислење** каде родителите на учениците од одделенска настава во поголем број **главно се согласуваат** дека наставникот треба да ги поттикнува на критичко мислење, додека пак родителите на учениците од предметна настава **потполно се согласуваат** наставникот да ги поттикнува на критичко мислење. Од вкупно добиените резултати може да се констатира дека родителите на учениците потполно се согласуваат дека наставникот кој реализра додатна настава треба да ги поттикнува учениците на активно учење, самостојна работа, истражувачка работа и критичко мислење.

**9.** На прашањето, на што треба наставникот да ги оспособува учениците кои посетуваат додатна настава, родителите на учениците дадоа свои лични проценки и ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.66 Лична проценка на родителите во однос на тоа, на што треба да ги оспособува наставникот учениците кои посетуваат додатна настава**

| Наставникот кој реализира додатна настава треба да ги оспособува учениците на: | Потполно се согласувам | | | | Главно се согласувам | | | | Воопшто не се согласувам | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Запомнување факти,поими,правила | 9 | 15,00 | 18 | 30,00 | 28 | 46,67 | 36 | 60,00 | 23 | 38,33 | 6 | 10,00 | 120 |
| Анализирање и заклучување | 42 | 70,00 | 44 | 73,33 | 18 | 30,00 | 14 | 23,33 | 0 | 0,00 | 2 | 3,33 | 120 |
| Вреднување,донесување одлуки и мислења | 49 | 81,67 | 25 | 41,67 | 11 | 18,33 | 31 | 51,67 | 0 | 0,00 | 4 | 6,67 | 120 |

**Табела бр.67 Лична проценка на родителите во однос на тоа, на што треба да ги оспособува наставникот учениците кои посетуваат додатна настава**

| Наставникот кој реализира додатна настава треба да ги оспособува учениците на: | Потполно се согласувам | | Главно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| Запомнување факти,поими,правила | 27 | 22,50 | 64 | 53,33 | 29 | 24,17 | 120 |
| Анализирање и заклучување | 86 | 71,67 | 32 | 26,67 | 2 | 1,67 | 120 |
| Вреднување,донесување одлуки и мислења | 74 | 61,67 | 42 | 35,00 | 4 | 3,33 | 120 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека 81,67% од родителите на учениците од одделенска настава **потполно се согласуваат** дека учениците треба да се оспособуваат за вреднување, донесување одлуки и мислења, 70,00% за анализирање и заклучување и 15,00% за запомнување на факти, поими и правила. Додека пак, 73,33% од родителите на учениците од предметна настава **потполно се согласуваат** за анализирање и заклучување, 41,67% за вреднување, донесување одлуки и мислења и 30,00% за запомнување на факти, поими и правила. Од вкупно добиениот резултат на родителите на учениците од одделенска и предметна настава се констатира дека тие **потполно се согласуваат** дека наставникот треба да ги оспособува учениците на *анализирање ,заклучување и вреднување, донесување на одлуки и мислења.*

**10.** Ова прашање беше уште едно прашање каде родителите дадоа своја лична проценка за наставникот кој ја реализира додатната настава и ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.68 Лична проценка на родителите за наставникот кој ја реализира додатната настава**

| Наставникот треба: | Потполно се согласувам | | | | Главно се согласувам | | | | Воопшто не се согласувам | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Да е објективен и подготвен да даде подршка на учениците | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Да биде пример за ученикот | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Да соработува со колегите | 60 | 100,00 | 51 | 85,00 | 0 | 0,00 | 9 | 15,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Да промовира високи морални вредности | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

**Табела бр.69 Лична проценка на родителите за наставникот кој ја реализира додатната настава**

| Наставникот треба: | Потполно се согласувам | | Главно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | F |
| Да е објективен и подготвен да даде подршка на учениците | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Да биде пример за ученикот | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Да соработува со колегите | 111 | 92,5 | 9 | 7,5 | 0 | 0,00 | 120 |
| Да промовира високи морални вредности | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

Од добиените резултати може да се констатира дека родителите и на одделенските и на предметните ученици потполно се согласуваат дека наставникот треба да е објективен и да им дава подршка на учениците во збогатување на знаењата, да биде пример за учениците, да промовира високи морални вредности и да соработува со колегите.

**11.** На прашањето од што зависи позитивниот однос на наставникот и ученикот, родителите дадоа своја лична проценка и ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.70 Лична проценка на родителите во однос на тоа, од што зависи позитивниот однос на наставникот и ученикот**

| Позитевен однос меѓу наставникот и ученикот зависи од: | Потполно се согласувам | | | | Главно се согласувам | | | | Воопшто не се согласувам | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| Близок и топол однос на наставникот | 60 | 100,00 | 56 | 93,33 | 0 | 0,00 | 4 | 6,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Разбирање и почитување на личноста на ученикот | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Јасно излагање на наставникот | 60 | 100,00 | 51 | 85,00 | 0 | 0,00 | 9 | 15,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Рамноправен однос кон сите деца | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Демократски однос на наставникот | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Помош од наставникот во учењето | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

**Табела бр.71 Лична проценка на родителите во однос на тоа, од што зависи позитивниот однос на наставникот и ученикот**

| Позитевен однос меѓу наставникот и ученикот зависи од: | Потполно се согласувам | | Главно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| Близок и топол однос на наставникот | 116 | 96,67 | 4 | 3,33 | 0 | 0,00 | 120 |
| Разбирање и почитување на личноста на ученикот | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Јасно излагање на наставникот | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Рамноправен однос кон сите деца | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Демократски однос на наставникот | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| Помош од наставникот во учењето | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |

Од добиените резултати може да се забележи дека родителите на учениците од одделенска и предметна настава имаат исти мислења и потполно се согласуваат за сите понудени карактеритики. Според овие добиени резултати може да се констатира дека наставникот кој ја реализира додатната настава треба да ја разбира и почитува личноста на ученикот, јасно да се изјаснува, да има рамноправен и демократски однос кон сите деца, да им помага во учењето и да има близок и топол однос кон нив.

**12.** На прашањето, колку често комуницираат со наставникот кој ја реализира додатната настава, беа понудени следниве одговори:

а.Често комуницирам со наставникот за напредокот на моето дете

б.Ретко комуницирам со наставникот за напредокот на моето дете

в.Комуницирам со наставникот само кога има потреба

г.Никогаш не комуницирам со наставникот, верувам во моето дете

Ги добивме следниве резултати:

Табела бр.72 Одговори на родителите за тоа, колку често комуницираат со наставникот кој ја реализира додатната настава

| Категории на одговори | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а. | 37 | 61,67 | 24 | 40,00 | 61 | 50,83 |
| б. | 0 | 0,00 | 3 | 5,00 | 3 | 2,50 |
| в. | 23 | 38,33 | 13 | 31,67 | 42 | 35,00 |
| г. | 0 | 0,00 | 14 | 23,33 | 14 | 11,67 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




Слика бр.16 Одговори на родителите за тоа, колку често комуницираат со наставникот кој ја реализира додатната настава

Од добиените резултати може да се забележи дека 61,67 % од родителите на учениците од одделенска настава се изјасниле дека често комуницираат со наставникот за напредокот на нивните деца и 38,33% комуницираат со наставникот само кога има потреба, за разлика од нив 40,00% од родителите на учениците од предметна настава се изјасниле дека често комуницираат со наставникот за напредокот на нивните деца, 31,67% комуницираат само кога има потреба, 23,33% никогаш не комуницираат со наставникот бидејќи веруваат во своите деца и 5,00% ретко комуницираат со наставникот за напредокот на нивните деца.

Од овие добиени резултати, може да се заклучи дека половина од испитаните родители често комуницираат со наставниците кои ја реализираат додатната настава за напредокот на своите деца. Овој резултат можеби и не е на многу задоволително ниво бидејќи секој родител треба често да комуницира со наставникот кој ја реализира додатната настава бидејќи на тој начин ќе биде известен за напредокот на своето дете, за условите во кои се реализира додатната настава, на кој начин се реализира, со какви тешкотии се соочуваат, да се бараат заеднички решенија и сл.

**13.** На прашањето, што претставува за нив комуникацијата со наставникот беа понудени следниве одговори:

а.Можност за подобро запознавање со начинот на работа на Вашето дете

б.Можност за подобро запознавање на напредокот на Вашето дете

в.Можност за давање целосна слика на работата и напредокот на Вашето дете во додатната настава

Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.73 Одговори на родителите во однос на тоа, што претставува за нив комуникацијата со наставникот кој ја реализира додатната настава**

| Категории на одговори | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | | f | % | f | % |
| а. | 11 | 18,33 | 14 | 23,33 | 25 | 20,83 |
| б. | 18 | 30,00 | 29 | 48,33 | 47 | 39,17 |
| в. | 31 | 51,67 | 17 | 28,33 | 48 | 40,00 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр.17 Одговори на родителите во однос на тоа, што претставува за нив комуникацијата со наставникот кој ја реализира додатната настава**

Од добиените резултати може да се заклучи дека 51,67% од родителите на учениците од одделенска настава се изјасниле дека комуникацијата со наставникот за нив претставува можност за давање целосна слика на работата и напредокот на нивните деца во додатната настава, додека пак 48,33% од родителите на учениците од предметна настава се изјасниле дека комуникацијата со наставникот за нив претставува можност за подобро запознавање на напредокот на нивните деца

**14.** На ова прашање родителите дадоа своја лична проценка на неколку дадедни одговори поврзани за додатната настава и родителските средби. Понудените одговори беа поставени по овој редослед:

14.1 Во училиштето се одржуваат родителски средби

14.2 На родителските средби присуствувам

14.3 Наставникот на родителските средби не известува за условите во кои се реализира додатната настава

14.4 Се договараме за подобрување на условите за реализирање на додатната настава

14.5 Наоѓаме заеднички решенија за решавање на проблемите

14.6 Наставникот не поканува да присуствуваме на отворен час на додатна настава

14.7 Имам присуствувано на отворен час по додатна настава

Ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.74 Одговори на родителите во однос на додатната настава и родителските средби**

| | Секогаш | | | | Понекогаш | | | | Никогаш | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| 14.1 | 60 | 100,00 | 33 | 55,00 | 0 | 0,00 | 27 | 45,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| 14.2 | 53 | 88,33 | 36 | 60,00 | 7 | 11,67 | 24 | 40,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 |
| 14.3 | 16 | 26,67 | 3 | 5,00 | 24 | 40,00 | 5 | 8,33 | 20 | 33,33 | 52 | 86,67 | 120 |
| 14.4 | 11 | 18,33 | 6 | 10,00 | 18 | 30,00 | 3 | 5,00 | 31 | 51,67 | 51 | 85,00 | 120 |
| 14.5 | 13 | 21,67 | 0 | 0,00 | 16 | 26,67 | 8 | 13,33 | 31 | 51,67 | 52 | 86,67 | 120 |
| 14.6 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 |
| 14.7 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 |

**Табела бр.75 Одговори на родителите во однос на додатната настава и родителските средби**

| | Секогаш | | Понекогаш | | Никогаш | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | Вкупно родители на ученици од одделенска и предметна настава | | |
| | f | % | f | % | f | % | f |
| 14.1 | 93 | 77,50 | 27 | 22,50 | 0 | 0,00 | 120 |
| 14.2 | 89 | 74,17 | 31 | 25,83 | 0 | 0,00 | 120 |
| 14.3 | 19 | 15,83 | 29 | 24,17 | 72 | 60,00 | 120 |
| 14.4 | 17 | 14,17 | 21 | 17,50 | 82 | 68,33 | 120 |
| 14.5 | 13 | 10,83 | 24 | 20,00 | 83 | 69,17 | 120 |
| 14.6 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 | 100,00 | 120 |
| 14.7 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 120 | 100,00 | 120 |

Од добиените резултати може да се забележи дека 77,50% во училиштата секогаш се одржуваат родителски средби и 74,17% од родителите секогаш присуствуваат на тие средби. Исто така од добиените резултати може да се забележи дека 100,00% од наставниците никогаш не ги поканувaат родителите да присуствуваат на отворен час по додатна настава и 100,00% од родителите немаат никогаш присуствувано на таков час, и 69,17% од наставниците никогаш не бараат заеднички решенија за додатната настава, 68,33% никогаш не се договаараат за подобрување на условите за реализирање на додатната настава бидејќи 60,00% од родителите се изјасниле дека наставникот никогаш не ги информира за условите во кои се реализира додатната настава. Од добиените резултати може да се констатира дека родителските средби се одржуваат, родителите присуствуваат на нив, но наставниците не ги известуваат родителите за условите во кои се реализира додатната настава како и за тешкотиите со кои се соочува.

**15.** На прашањето, дали родителите се задоволни од организацијата и реализицијата на додатната настава, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.76 Одговори на родителите во однос на тоа, дали се задоволни од организацијата и реализацијата на додатната настава**

| Категории на одговори | Родители на ученици од одделенска настава | | Родители на ученици од предметна настава | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 47 | 78,33 | 18 | 30,00 | 65 | 54,17 |
| Не | 9 | 15,00 | 29 | 48,33 | 38 | 31,67 |
| Не можам да се изјаснам | 4 | 6,67 | 13 | 21,67 | 17 | 14,17 |
| Вкупно | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |




**Слика бр. 18 Одговори на родителите во однос на тоа, дали се задоволни од организацијата и реализацијата на додатната настава**

Од добиените резултати може да се забележи дека 78,33% од родителите на учениците од одделенска настава се задоволни од организацијата и реализацијата на додатната настава, 15,00% не се задоволни и 6,67% не можат да се изјаснат. Додека пак 30,00% од родителите на учениците од предметна настава се задоволни од организацијата и реализацијата на додатната настава, 48,33% не се задоволни и 21,67% неможат да се изјаснат.

Од овие резултати може да се констатира дека родителите на учениците од одделенска настава се задоволни од додатната настава за разлика од родителите на учениците од предметна настава кои во поголем процент се незадоволни отколку задоволни, но кога ќе ги погледнеме резултатите од вкупниот број на родителите може да се констатира дека 54,17% од нив се задоволни од организацијата и реализацијата на додатната настава.

**16.** На ова прашање кое е од отворен тип родителите дадоа свое лично мислење за тоа што би промениле во училиштето да се подобрат условите за реализација на додатната настава и ги добивме следниве одговори:

- ✓ да се намали фондот на часови од редовната настава, децата се многу оптеретени и немаат време за посета на додатната настава,
- ✓ да им се обезбеди простор каде ќе се одржуват часовите по додатна настава,
- ✓ да се обезбеди повеќе литература и наставни средства,
- ✓ да се обезбеди кабинет за секој наставен предмет,
- ✓ да се врши избор на наставници од други наставници и стручна служба,
- ✓ да се врши избор на ученици од страна на наставници и стручна служба,
- ✓ наставниците кои ја реализираат додатната настава да бидат малку позаинтересирани за реализирањето на додатната настава,
- ✓ наставниците да се трудат часовите по додатна настава да им бидат поинтересни на децата а не да предаваат исти содржини од редовната настава,
- ✓ да им дозволуваат наставниците на децата повеќе самостојно да работат и истражуваат,
- ✓ работите кои ги истражуваат и изработуваат децата да бидат ставени во просторот (училница, кабинет) каде се одржува додатната настава, а не да ги зафрлуваат.

## 3.1 Заклучок

Во овој дел ќе ја изнесеме последната хипотеза која е дадена во трудот.

-Како **девета** хипотеза во ова истражување беше: *Наставниците, учениците и родителите не се во потполност задоволни од организацијата и реализацијата на додатната настава.* За оваа хипотеза ќе ги искористиме добиените резултати од анкетниот прашалник на наставниците, учениците и родителите, бидејќи во сите три прашалника се наоѓаше ова прашање. Оваа хипотеза се потврдува од страна на сите испитани субјекти, што значи дека постојат определени причини кои ја отежнуваат организацијата и реализацијата на додатната настава и предизвикуваат незадоволство кај испитаните субјекти. Причините кои ги изнесоа наставниците, учениците и родителите беа скоро исти или слични, но како најзастапени се истакнаа големиот број на часови во редовната настава каде учениците се преоптеретени со училишните обврски и немаат доволно време за посета на часовите по додатна настава, недостиг на училишна библиотека, оние училишта кои располагаат со училишна библиотека се изјаснија дека таа е многу сиромашна и нема доволно потребна литература, сите субјекти се изјаснија дека недостигаат компјутери, опремени кабинети и наставни и нагледни средства, исто така некои од училиштата што работат во две смени немаат слободен простор каде да ги одржуваат часовите по додатна настава.

Како причини кои ја отежнуваат релизацијата на додатната настава беа наведени и содржините кои се реализираат бидејќи не одговараат на индивидуалните способности на учениците, учениците и родителите се изјаснија дека наставниците треба повеќе да се залагаат околу часовите за додатна настава бидејќи некои од нив не ги одржуваат редовно часовите, и сл. Од овие добиени резултати поставената хипотеза се потврдува и може да се забележи дека постојат многу причини кои ја отежнуваат реализацијата на додатната настава и треба да се превземат мерки за да се надмине овој проблем.

# IV ДЕЛ

## Заклучни сознанија и констатации

*1. Општи заклучоци од истражувањето*

*2. Предлози и насоки за подобрување на квалитетот на додатната настава*

## 1. Општи заклучоци од истражувањето

Во овој дел ги даваме сумарно основните сознанија и констатации до кои дојдовме во проучувањето на проблемот за организацијата и реализацијата на додатната настава во основните училишта од подрачјето на општина Куманово. Од изнесеното во теоретскиот дел на овој труд, произлегува дека кај нас се мошне оскудни искуствата, па и теоретско-емпириските сознанија за додатната настава. Во училиштата не постои изграден систем за идентификација на надарените учениците кои треба да посетуваат додатна настава ниту пак постои соодветна литература за истите ученици. Од торетскиот дел на овој труд може да се заблежи дека во другите држави се води голема грижа за надарените ученици и за нивното образование. Во некои земји образованието за надарените ученици претставува составен дел на системот на општото образование. Кај нас како најсоодветни форми за образование на надарените ученици се акцелерација и додатната настава. Додатна настава е дефинирана во Законот за основно воспитание и образование. *Во Законот за основно образование кој е објавен во Службен весник на Р.Македонија бр.103/08 од 19.08.2008 година членот 28 гласи:*

"Додатната настава се организира за ученици кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети". Ваквата определба за додатната настава била поставена во Законите за основно образование се до 14.02.2011 кога се донесе Законот за изменување и дополнување на законот за основно образование, и тогаш се донесоа и измени за дополнување на додатната настава.

Според тоа членот 28 се менува и гласи:

(1) Додатната настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици).

(2) Додатната настава за ученици од ставот (1) на овој член наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

По членот 28 се додава нов член 28-а кој гласи:

(1) Основното училиште најдоцна до 20 септември во тековната учебна година треба да истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот да го достави до Државниот просветен инспекторат.

(2) За наставникот кој неоправдано нема да ја реализира дополнителната и додатната настава согласно со распоредот од став (1) на овој член ќе се поведе постапка за дисциплински престап.

(3) За дисциплински престап од ставот (2) на овој член на наставникот му се изрекува дисциплинска мерка парична казна од 10% до 30% од едномесечниот износ на нето платата исплатена на јавниот службеник во месецот пред извршување на дисциплинскиот престап, во траење од 3 до 6 месеци.

И покрај тоа тоа што, се донесени дополнувања за додатната настава во Законот за основно образование сепак во училиштата не се води доволно грижа за реализација на овој вид настава. Од спроведеното истражување за додатната настава наидовме на задоволителни и на незадоволителни резултати.

Од испитувањето на ставовите и мислењата на наставниците за додатната настава, се констатира дека наставниците:

- се запознаени со новите измени во Законот на основно образование и воспитание,
- редовно ги реализираат часовите по додатна настава веднаш по завршувањето на редовната настава, одделенките наставници часовите ги одржуваат во своите училници, додека пак предметните наставници часовите по додатна настава ги одржуваат во било која слободна училница од училиштето,
- часот го осмислуваат по пат на индивидуални задачи кои одговараат на способностите на учениците,
- учениците на часовите по додатна настава ги поттикнуваат на истражувачка работа и го користат индивидуалниот облик на работа,
- не користат наставни и нагледни средства и не го следат напредокот на учениците преку различни инструменти за следење на напредокот,

- ценат дека реализиацијата на додатната настава ја отежнуваат повеќе фактори, меѓу кои посебно ги нагласуваат: голем број на часови, преоптеретеноста на учениците од училишните обврски и немаат доволно време за посета на часови по додатна настава, недостигаат компјутери, кабинети, наставни и нагледни средства преку кои може да се направи часот поинтересен и да се дојде на полесен начин до нови сознанија, недостиг на простор бидејќи некои од училиштата работат во две смени, недостига литература бидејќи училишните библиотеки се многу сиромашни со литература и сл,

- дадоа и свои предлози за подобрување на реализацијата на додатната настава прво да се намалат часовите на учениците и да им се даде време за посета на овие часови, да се изготви посебна програма, содржините што одговараат на индивидуални способности на учениците, да се обезбедат компјутери, кабинети опремени со наставни и нагледни средства за да може и практично да се работи и истражува, да се посетуваат различни институции, разговори со стручни лицаи сл,

Од испитувањето на ставовите и мислењата на учениците за додатната настава, се констатира дека учениците:

- доброволно посетуваат додатна настава по еден час неделно, часовите се одржуваат редовно во училниците веднаш по завршувањето на редовната настава,

- посетуваат додатна настава највеќе по математика и македонски јазик, ги интересира предметот по кој посетуваат додатна настава, го разбираат наставникот што зборува и се концентрираат на часовите по додатна настава, внимателно работат и се трудат самостојно да работат,

